Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

IV/8.-

Отворам претрес по амандманот на глава 28 тарифен број 2833, на тарифен подборј 2833 19 00 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на глава 28 тарифен брод 2833, тарифен подборј 2833 19 00 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на глава 29 тарифен број 2917, во тарифен подборј 2917 31 00 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава. 32 во тарифниот број 3208, во тарифниот подборј 3208 90 00 00 поднесен од пратеникот Бранирод, Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 34 во тарифниот број 3402, во тарифниот подборј 3402 11 00 00 во тарифниот подборј 3402 19 00 00 и во тарифниот подборј 3402 90 10 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници. Во двата подброја има две дијаметрално спротивни стапки. Едната

е 4%, другата е 30%. Се работи за материјали кои што не се произведуваат кај нас и сметам дека ако не првиот, барем другиот подборј треба да се усвои. Имате 4% и 30%. Барем второт подборј што е , стапката 30 да се сведе на стапка 4 и би било вред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Осум пратеника   гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 34 тарифен број 3402, тарифен подборј 3402 20 90 00 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Технички како да се договориме. Владата ова решение, овој амандман не го прифаќа, меѓутоа условно предлага, наместо решението што се предлага со амандманот 40 тоа да гласи 35, затоа што тоа е максимумот. Ако сакате да го сметате, не го прифаќа Владата амандманот а поднесува амандман свој за 35.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Шапуриќ не е тука и ние тоа не можеме да го реализираме. Добро, тоа е составен дел на законот, меѓутоа г-дин Шапуриќ не е тука да се произнесе дали го повлекува амандманот. Сепак, прашувам

дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 34 во тарифниот број

3402, во тарифниот подбррј 3402 90 90 00 ,поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Ниту еден пратеник не гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 34 во тарифниот број 3403, во тарифниот подборј 3403 11 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јави г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој производ не се произведува во Македонија, јас прашувам односно ја прашувам Владата кого штитиме ние. Сакаме да уништиме некого или ќе го штитиме. Ова производство Македонија го нема. наменето е текстилна индустрија, повелете дајте образложение господа.

**ТИТО ПЕТКОЈВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дванаесет пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на глава 34 во тарифниот број 3403 , во тарифниот подборј 3403 11 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на глава 38 тарифен број 3808, во тарифните подбореви 3808 10 00 20, 3808 20 00 22 , 3808 20 00 29, 3808 30 10 21 и 3808 30 10 29 поднесен од пратеникот Илија Каров.

IV/13.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Со оглед на тоа дека предлагачот на амандманот има поднесено исправка за 10% , Владата го прифаќа амандманот со таа исправка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 38 во тарифниот број 3808, во тарифниот подборј 3808 10 00 90 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

овој подборј означува инсектициди за специјална намена. Тоа е хемиско средство митин и мислам дека господата треба да разликуваат инсектициди наменети за уништување на карпокапса, лисна вошка и другс и инсектицит под називот митин, кој што е обврска да биде вграден во сите волнени ќебиња и во сите ткаенини од кои што се произведува наменското производство. Тоа е одела за војска, полиција, пошта, железница, пожарникари и т.н. Единствена стапка е од 15% , а тоа производство во Македонија го нема. Ве молам,немојте да се случуваат вакви работи.

IV/14.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеснаесет пратеника гласаа и за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 38 во тарифниот број 3808, во тарифниот подброј 3808 90 90 00 поднесен од пратениците Живко Јанкуловски, Санде Џамбазовски, Љупчо Беличев, Славко Котески, Вељо Тантаров и Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Во оваа глава 38 тарифниот број 38 и тарифните ознаки сите во оваа глава , дел од нив се прифатија од предложениот пратеник, од Каров. Сега ние предлагаме сите тарифни ознаки да бидат со процентот наместо 15%, 10%. Сите тарифни ознаки во оваа глава 3808. Затоа што дел веќе имаме прифатено со намалување на процентот.

IV/15.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дваесет и осум пратеника гласаа. за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 38 во тарифниот број 3808 во сите тарифни подброеви поднесени од пратениците Живко Јанкуловски, Санде Џамбазовски, Љупчо Беличев, Славко Котевски, Вељо Тантаров, Ристо Трајков и Борис Павлов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бекир Жута.

V/1/JJ/лј

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам предлогот на амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 38 тарифен број 3808 во тарифните подброеви поднесен од пратеникот Звонко Каров и Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе,

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 39 со тарифниот број 3901, во подтарифниот број 3901, 10 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

V/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 39 во тарифниот број 3904 тарифниот подброј 3904 10 00 00 поднесен од пратеникот Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владаа не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници и во вчерашното излагање на Министерот за финансии, меѓу другото беше кажано дека заштитната функција на царинската тарифа не смее да биде во функција на штитење на неработота неквалитет и сл. Овде имаме класичен пример како штитиме еден единствен производител на поливинил хлорид во Републиката и кој истовремено сака да биде еден единствен производител на пластични цевки во услови кога во Републикава имаме нерешено преку 80% водоводи во населените места, канализации и сл., и во услови кога кај истиот производител кој што сакаме да го штитиме на овој начин има два пати повисоки цени од сите комшиски држави. Сметам дека не е реално стапка 25% како заштита на оваа суровина од причина што 10% со кое што јас предлагам всушност е 20% со превоз и сл., и мислам дека ако нашиот производител не може да се вклопи во светски цени во старт со 20% од прилика заштита од страна на државата, тогаш немаме потреба од таков производител. Ние истовремено мораме да водиме сметка не

само за заштита на производителот туку и за заштита на потрошувачите во државата. Секој кој што не може да се вклопи приближно до светските цени, ние не можеме да го штитиме. Затоа ги молам пратениците, бидејќи станува збор за сериозна работа да го прифатат овој амандман, да не стане овој царински трифник мунасипски пред да дојде овде, кој како што можел лобира, такви да бидат ставките набележани. Заштита на домашно производство со исклучок на земјоделството може до 10%. Ништо повеќе од тоа. Оној што не може да се вклопи во тоа му правиме лоша услуга, ќе биде лош производител, лош квалитет, малку ќе произведува со високи цени ќе животари.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Начевски.

**МАРИН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници и министри полувинилхлорид ОХИС произведува 56 илјади тони годишно, од кои 40 илјади тони продава на европскиот пазар по цени недвојно поголеми како што кажа колегата Џафероски, 12 илјади тони употребува за сопствено производство, 2 илјади тони на фабриката за кабли во Неготино а 2000 тони дава на останати помали фирми во Републиката. Затоа мислам дека не треба да се прифати овој амандман.

**БЛАОГЈА ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јавува г-динот Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Јас не спорам дека ОХИС не произведува толку или онолку, не ми беше тоа целта ниту заради тоа го поднесов амандманот. Едноставно не можеме да го штитиме некого кој што не се вклопува, затоа што се бориме за пазарно стопанисување, во светските процеси на пазарот. Едноставно мислам дека со заштитата од стапка 25% ни е цената на пластичните цефки кои што се преку потребни, за. што пред малку зборував ја зголемуваме. И уште нешто да кажам дека го кочиме

V/4.-

развојот. ОХИС сакајќи да остане единствен производител, од друга страна не дава суровини, на помали фабрики во Републикава да произведуваат и да бидат конкурентни. Едноставно тој е тој кој што сака да диктира и цени и се што е во оваа функција. Мислам дека монополи не смееме да штитиме. А тоа е спротивно и на Уставот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Кога ќе прочитаме уште во почетокот на главата, таму стои "примарни форми", или со еден збор тоа значи основни суровини. Ако нешто значи основна суровина, ние да штитиме основни суровини со ставка од 25%, мислам дека не е во ред, со оглед на тоа што таа суровина, покрај другите примарни во нашата Република, една од основните суровини за правење на кабел, во фабриката Неготино, после ќе зборуваме и за бакарот, ние царините на основните суровини ги дигаме до небеса, а сакаме фабриката да продава кабли на светскиот пазар каде што овие основни суровини се по светска цена. Сметам дека воопшто не држи, за основните суровини, за примарните суровини да има таква царина.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Марјан Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Би сакал да дадам уште едно појаснување, фабриката за кабли во Неготино, тие 2000 тони суровина ги добива по европски цени. и само ќе кажам дека 30 милиони долари ОХИС остварува девизен прилив од извоз на полувинил хлорид.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазар Димов.

V/5.-

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Јас сметам дека оваа констатација на г-динот Начевски воопшто не држи и дека никогаш не може ОХИС да им дава суровини на другите фабрики по цени пониски од надворешната цена зголемена за царината, за што тоа надвор е од логиката на работењето на организацијата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, (Не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

31 пратеник гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 39 по тарифниот број 3920, тарифни подброеви 3920 10 00 10, поднесе од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман со оглед на фактот дека се работи за меѓународна конвенција и не поднесува никакви промени што се предлагаат и не може да зависат од автономниот однос наш, да правиме промени.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Заради меѓународната конвенција за употреба во индустријата што прифаќа 2% а земјоделието не. Дали тоа не е исто. Сега, ова е специфично производство, земајќи во обѕир колку тоа производот колку вработува и колку луѓе живеат од него и сега ние да ги делиме во

V/6.-

индустријата да оди 2%, а во земјоделието да оди 23%. Не знам каде е логиката. Пред неколку дена имавме информација околу раноградинарските производители и констатиравме дека нашите производители се скап и заради тоа не можат да учествуваат на светскиот пазар. Ова е шанса нашето производство да се поевтини, иако биде со 20% намален овој производ, ќе имаме поевтино производство и ќе бидеме конкуренти на странските пазари. Не треба да ги делиме индустријата и земјоделството како посебни гранки. Овој амандман е предложен од Комисијата за земјоделство, а истиот од повереникот на Владата беше прифатен на Комисијата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас излегов на говорница само да дадам поддршка на амандманот и да ги замолам колегите да го прифатат, бидејќи навистина не би требало да правиме разлика меѓу индустрија и земјоделство, заради тоа што во крајна линија овој половинилхлорид претставува репроматеријал за земјоделците и мисли дека треба да се усвои нашиот амандман.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор , го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

50 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес на амандманот на глава 39 под тарифниот број 3917 во тарифниот број 39172 19 900, поднесен од пратениците Живко Јанкуловски, Сандре Јанкуловски Љупчо Беличев, Славко Котевски, Вељо Тантаров и Ристо Трајков.

V/7.-

Има збор претставникот на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 40 по тарифен број 4009, во тарифниот подброј 40009 поднесен од Комисијата за стопанство

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 40 тарифен број 4010, тарифни подброеви 4010 11 00; 4010 12 00 00 , 40122 00 00 и 4010 29 00 00 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Ако ми дозволите пред овој амандман требаше да се стави амандманот на Душко Николовски на гласаше, затоа што претходниот кој не го прифативме како Владата, а вие гласавте за ставот на Владата фактички го коригира на Душко Николовски кој што Валата го прифаќа. Претходно е подобро да гласаме

за амандманот на Душко Николовски, за да одат по ред, за што се работи за истото прашање,. а после ова другото.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 4 0 тарифниот број 4011, тарифниот подброј 4011 20 00 11 поднесен од пратениот Здравко Стојковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Амандманот што го поднесов по тарифниот број 4011 со тарифната ознака 4011 20 00 и 40 11 10 90 21 се однесува за нови надворешни и внатрешни гуми за тампери кои што се користат за товарање на руди и материјали во рудниците и транспортот. Тоа е во исклучително тешки јамски услови. Овие гуми се изработуваат во специјални услови, армирани, за да можат да ги издржат лошите услови. Тие гуми се набавуваат исклучиво од увоз, од Шведска, Јапонија, Германија и еден мал дел од Југославија. Гумите што се користат во автомобилската индустрија не се со ист квалитет, а поделбата според големината на пречникот, според мене, исто така не е правична за што за дамперите за 24 цола царинската стапка е 5%, додека за 24 и пречник поголем од 24 цола, стапката е 2%, што за мене би било логично да

V/9.-

биде обратно. Уште во нацртот и предлогот на законот на донесувањето, укажува и предлага нова тарифна ознака за плеуматиците што се користат во рударството да бидат ослободени од царини, но на жалост како и многупати досега кога е во прашање рударството не се наоѓа разбирање ниту во министерството ниту кај нас пратениците.

Овој пат пратениците грешката можат да ја исправат, а поткрепа на тоа е што Комисијата за стопанство го поддржа амандманот, и тоа барам да го сторите и вие.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои.

VI/1.-JM/ЉР

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 40 тарифен број 4009 на тарифниот подборј 4009 40 00 00, поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА;**

Владата го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 51, во тарифниот број 5105, во тарифниот подброј 5105 29 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 51 во тафирниот број 5108, во тарифниот подборј 5108 10 10 00 и 5108 20 10 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

VI/2.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе ве молам господо да дадете генерален одговор ако во образложението велите дека суровини и репроматеријали ќе бидат 8%, зошто овде предвидувате 10% за предиво белено кое што не се произведува во земјава, а наменето е како репроматеријал за производството на текстилната индустрија. Ве молам дајте ми одговор. 10% барате, а таму секаде се фалиме дека 8% ќе ставиме стапка.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 51, во тарифниот број 5205, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман за сите тарифни броеви.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да се провери дали има кворум во салата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

VI/3.-

56 пратеници се присутни во салата. Молам да се повикаат

Го повторуваме гласањето, со оглед на тоа дека утврдивме дека нема кворум.

Гласаме по амандманот на глава 52 во тарифниот број 5205, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

Кој е за молам да крене рака? 14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 52 во тарифниот број 5209 и во тарифниот подброј 5209 42 00 00, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ВЛАДО ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, само да напомнам дека е тоа тканин и дека се штити со 35%. Бидејќи готовите производи се штитат со 35% и испод 35%. Така што мислам готовите производи во тој артикал немаат заштита. Сакам да најавам дека јас после тоа кога ќе се усвои ќе барам карински контингент за тој артикал при производство на кофекциско производство. Сакам да и најавам на Владата дека ќе го правам тоа бидејќи фактички немаме заштита. Конкуренцијата од страна е појака отколку дома.

**БЛАЖЕ ФИЛИШОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, и амандманот го ставам на гласање.

VI/4.-

Кој е за молам да крене рака? (14 гласаа за)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 52 во тарифниот број 5211, и во тарифниот подброј 5211 42 00 00, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресоа по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 54 во тарифниот број 5401, во тарифните подброеви 5401, 10 19 00 и 5401 20 10 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 54 во тарифниот број 5403, во тарифните подброеви 5403, 10 00 00, 5403 20 10 00, 5403 20 90 00, 5403 31 00 00, 5403 41 00 00, 5403 42 00 00 и 5403 49 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

VI/5.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата не го прифаќа овој амандман во сите подброеви.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за производи од вискоза кои што Македонија не ги произведува. Македонија вискоза нема. Ако сите овде се собрани од оваа моја десна страна за да го штитиме ОХИС, да знаете дека ОХИС не произведува вискоза. И не може стапката да биде 10%. Ќе предложам амандман во образложението таму каде што стои дека суровини и репроматеријали ќе бидат до 8%, да не биде 8%, да биде 12% и 10% и 20%, зависи кого штитиме. Не се произведува, сака ме ли текстилот да го упропастиме? Па имате поедноставен начин. Уште три-четири текстилни ф-ки работа во државата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (34 пратеници гласаа за

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Се сомневам во гласање, барам поединечно изјаснување.

VI/6.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници, да одиме на поединечно гласање. Нема поддржа:

Отворам претрес на амандманот на глава 54 тарифен број 5406, тарифниот подброј 5406 10 00 00, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот
по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен,

Отворам претрес по амандманот на глава 54 во тарифниот број 5408, во тарифниот подборој 5408 22 10 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман,

Дали некој друг бара збор,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВСКИ:**

Бојосани ткаенини не се произведуваат во државата. Предвидена е стапка од 12%. не ми е јасно зошто? Тоа ли е фискална мерка на нешто што значи репроматеријал, едноставен не во големи количини, но значаен. Ако имаме некоја политика, ако имаме концепција, ако браниме концепт повелете бранете го. Не го бранете господо овој концепт.

8%предвидувате во вашите документи, а ставате 10%, 12%, 15%.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници гласаа за)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 54 во тарифен број 5403, тарифни подброеви 5403 31 00 00, и 5403 32 00 00, поднесени од пратениците Јован Николов и Милчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседатеале, почитувани пратеници се работи за увоз на вискоза за текстилната индустрија. Тоа е суровина за производство на предари, на ткајачници и дефинитивно во текстилната индустрија за готов пропизвод, кој што во поголем дел и за извоз. Што значи со зголемена царина не се овозможува да работа ниту предилниците, ниту ткајачниците, па и текстилот. Јас мислам дека треба да има разбирање за овој дел. Заради тоа што изричито вискоза треба да се увезе. Тука не се произведува. И ако сега издадеме една голема царина таму како што предвидува 10%, тогаш се знае што ќе стане со нашата текстилна индустрија.

VI/8.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (23 пратеници гласаа за)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 54 во тарифниот број 5403 и во тарифните подброеви 5403 31 00 00 и 5403 32 00 00 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА.**

Владата не го прифаќа овој амандман,

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници гласаа за)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во сите тарифни подброеви на тарифните подброеви 5501, 5503, 5505 и 5506, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА.**

Владата го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5501 и во тарифните подброеви 5501 10 00 00, и 5501 30 00 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

VI/9.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман,

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во Уставот на РМ страна 23 членот 55 став 2 пишува: Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Се работи конкретно за малоноч што го произведува ОХИС, има и 2,3 други амандмани што следат во истата конотација се. ОХИС е единствениот производител во оваа држава ТЕТЕКС и другите потрошувачи, а ТЕТЕКС е најголемиот потрошувач и нешто малку Преспатекст нема монополска положба затоа што произведува за широк пазар се судрува со конкуренција која што ни теоретски не може да ја прифати како лојална конкуренција така наречената комби трговија, бутик трговија и сл. Ние рековме дека во овој Закон ќе гледаме да има што помалку политика, но г-до изгледа авторитетот на директорот на ОХИС претседател на Собрание на Стопанска комора и член на највисокото раководство на СДСМ го одигрс своето. Ќе ве молам тоа не е во ред, а јас ќе ви кажам што ќе се случи. Ќе се случи следното: за болва ќе го запалиме јорганот. Зошто? производите на ОХИС за Тетекс не се увозни производи. Според тоа не можеме да го користиме членот увоз поради извоз, Тетекс ќе увезува од било кого и ќе извезува, ќе биде ослободен, а ОХИС ќе си остане во државата да си бара партнер кој што не ќе може да го најде никогаш. Не му правиме услуга на ОХИС, ниту на неговиот директор - да се

VI/10.-

разбереме. Само правиме штета на Тетекс и на другите текстилни фабрики кои што користат суровини од Тетескт. Ве молам ова е клучниот проблем во сите овие амандмани бидејќи јас предлагам стапката од 20% да се замени со 55. Дали можеме ние да штитиме индустрија која што увезува гранулат слободно, или со 2% и потоа надградува 20%, а тоа е суровина за други фабрики, за друго производство. Објаснете ми ја логиката - Ве молам. Ви кажувам дека се работи за проблем кој што ОХИС ќе го има. Тетекст нема да го има. Тетекст ќе увезе и потоа ќе биде ослободен за тоа. Производството на ОХИС ќе остане таму во кругот на ОХИС. Тоа е суштината и ве молам размислите малку, немојте да изгубиме глава, нема потреба да се додворуваме некому. Јас лично го почитувам директорот на ОХСИ и мој пријател е, меѓутоа треба да се седне како стопанственици да се најдат цени и модуси, а не ние преку царина да создаваме една конфузија и сите тука и вас како пратеници извинете, и целата јавност ја доведуваме до заблуда дека некого штитиме, некого не.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот го ставам на гласање.,

Кој е за молам да крене рака? (19 пратеници гласаа за)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5503, во тарифните подброеви 5503 10 11 00 и 5503 30 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 55, во тарифниот број 5504, тарифни подброеви 550410 00 00,:5504 90 00 00, во тарифен број 5507 во тарифниот подброј 5507 00 00 00, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5504, тарифните подброеви 5504 10 00 00, 5504 90 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, јас јавно протестирам затоа што овој производ не се произведува во Македонија а предвидена е стапка од 20%. Ве молам, барам одговор. Во спротивно ќе ја напуштам седницата демонстративно.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Од место)

Барам образложение зошто е стапката 50% кога е речено дека суровините се 80%.

(Во меѓувреме претседателот Тито Петковски се врати во салата и продолжи да раководи со седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Жута има збор.

**БЕЌИР ЖУТА:**

На пратеникот му фалат информации. инаку во Комисијата за стопанство ги намалија и ги сведоа на 5%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5506, во тарифните подброеви 5506 20 00 00 и 5506 30 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

Пред тоа господинот Ристо Николовски бара збор процедурално.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, гледам дека некоја нова пракса се воведува во начинот на гласањето. При гласањето за амандманот се прашува кој е за, а не кој е против, кој е воздржан, така што мислам дека се става сомнение, бидејќи цело време работиме на ивицата на кворум, а сепак ова е највисоко законодавно тело, врз кое не треба да падне сенка на сомневање за начинот како се носат прописите, посебно кога се има предвид важноста на овој закон. Мислам дека треба Деловникот да се спазува и при гласањето да се прашува кој е за, кој е против, кој е воздржан, така што цело време би имале претстава за состојбата со кворумот и присутните во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа има кој да води грижа, господине Николовски.

Се сомневате ли дека има во салата доволен број присутни пратеници.

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

65 пратеници се присутни во салата.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Амандманот Владата не го прифаќа. Инаку, амандманот што го усвоивме од страна на Комисијата за стопанство процентот е 14%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пак ли да кажам господине Николовски кој е против, кој е воздржан?

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5508, во тарифните подброеви 5508 10 11 00 и 5508 10 19 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?

Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на глава 55.

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5503 и во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а следи друг амандман кој ги уредува овие состојби кој ќе биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Барам само за еден тарифен број од оние 25, 26 колку се за синтетичките влакна да се симне, ми рекоа дека е усвоено 14, јас барам 5%, бидејќи ние не произведуваме производи кои се заштитени со 5%. Значи фактички немаме заштита, бидејќи е 10 0% полиестерско влакно во нашиот производ. Таму е заштитено 14%, а нашиот производ е заштитен со 5%, затоа што секој кој ќе увезе, во старт е поевтин за 9 проценти. Мислам дека е реална причината зошто го барам тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 55 во тарифниот број 5504, во тарифните подброеви 5504 10 00 00, 5504 90 00 00 и во тарифниот број 5507 во тарифниот подброј 5507 00 00, поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 56 во тарифниот број 5603, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 56 во тарифниот број 5603 и сите тарифни подброеви поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на глава 56.

Отворам претрес по амандманот на глава 56 во тарифниот број 5605, во тарифниот подброј 5605 00 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 56, во тарифниот број 5602 и во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 56 во тарифниот број

5603 и во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Се повлекува амандманот, господинот Пецов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 58 во тарифниот број 5806 во тарифните подбореви 5806 31 10 00, 5806 31 90 00 и 5806 32 10 00 и 5806 39 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 58 во тарифен број 5807, во тарифниот подброј 5807 90 10 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

Четворица пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 59 во тарифниот број 5911, во тарифен број 5911 10 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на глава 59.

Отворам претрес по амандманот на глава 60 во тарифниот број 6001 во тарифните подброеви 6001 99 10 00 и 6001 99 90 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласа за.

VII/10.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 64, тарифен број 6401, во тарифниот подброј 6401 99 10 00 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 69, во тарифен број 6904, тарифен подброј 6904 10 00 00 и 6904 90 00 00, тарифен број 6905, тарифен подброј 6905 10 00 00 и 6905 90 00 00, тарифен број 6906, тарифен подброј 6906 00 00 00, тарифен број 6907, тарифен подброј 6907 10 00 00 и 6907 90 00 00, тарифен број 6010, тарифен Подброј 6010 10 00 00 и 6010 90 00 00, тарифен број 6011, тарифен подброј 6011 10 00 00 и 6911 90 00 00, тарифен број 6912, тарифен подброј 6912 00 10 00, 6912 00 30 00, 6912 00 50 00 и 6912 00 90 00, тарифен број 6913, тарифен подброј 6913 10 00 00, 6913 90, 6913 90 10 6913 90 91 00, 6913 90 93 00 и 6913 90 99 00, тарифен број 6914 и тарифен подброј 6914 10 00 00, 6914 90, 6914 90 10 00 и 6914 90 90 0С поднесен од пратениците Владе Давитковски и Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друга бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 69 во тарифниот број 6908, во тарифните подброеви 6908 10 10 00, 6908 10 90 00 и 6908 90 00 00, поднесен од пратениците Владе Давитковски и Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 71 во тарифниот број 7113 во сите тарифни подброеви, во тарифниот број 7114 во сите тарифни подброеви, во тарифниот број 7115 во сите тарифни подброеви во тарифниот број 7116 во сите тарифни подброеви и во тарифниот број 7117 во сите тарифни подброеви поднесени од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по ам амандманот на глава 72 во тарифниот број 7228, во тарифниот подброј 7228 10 10 00 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 72 во тарифниот број 7210 во тарифниот подброј 7210 12 90 00 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Ниту еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 72 во тарифниот број 7212 во тарифните подброеви 7212 10 10 00, 7212 10 91 00, 7212 10 93 00 и 7212 10 99 00, поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Ниту еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 7 3 во тарифниот број 7301 и тарифниот подброј 7301 10, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман затоа што отстапува од конвенцијата каде што треба да пристапиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на глава 7 3 тарифен број 7325 во тарифниот подброј 7325 91 00 00 поднесен од Комисијата за стопанство

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Од исти причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Морав да го донесам целиот закон иако е прилично голем за да прочитам точно за насловот за што се работи. Амандманот се однесува на алатни машини за обработка на материјали од сите видови со симнување на материјали со ласер или со друг светлосен или фотонски сноп, со ултра звук, со електрозвуд и електроерозија, со електро-хемиска постапка со електронски сноп, со јонски сноп, или масна плазма Мојот амандман се однесува само на првите 2 ставки односно првите два подброја што се однесуваат на алатни машини со ласер со друг светлосен или фотонски сноп или со ултразвук. Јас навистина се обидував да ја разберам предложената ставка од страна на предлагачот што е изнесено и во образложението. Во образложението се вели дека царинската стафкѕ ќе има една од главните функции односно развојната функција. Ако е став за да би поверувал на тоа, незнам, кога ние ќе успееме, барем во најскоро, догледно време да изработиме машини со

ласер со друг светлосен или фотоснол и со ултра звук кој што ќе ги користиме во индустријата. Ако сакаме ние да бидеме конкуренти на светскиот пазар, а единствената цел ни е тоа, тогаш ние мораме тоа да го правиме единствено со воведување на технологија. Јас мислам дека не вреди да дискутирам воопшто со оглед на тоа што траат сега консултациите на министерот како понатаму ќе оди, мислам дека воопшто е напразно да се кажува, она што е замислено нека оди, но навистина не е јасно по однос на примена на технологија во индустријата да се предложат вака високи царински ставки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата има збор.

**ТАКИ ФИТИ:**

Мислам дека не е ништо напразно ако зборуваме со аргументи иако соработуваме и оној момент кога ќе не убедите, а овде најверојатно се појде од таа логика што ставката во почетокот беше 32 насто и сега е намалено на 8%. Значи направено е едно прилично големо намалување и и тоа е логиката. Јас постојано предупредувам но некогаш како да не сум сериозно сфатен дека во натамошните преговори уште ќе паѓаме надолу. Овде навистина се работи за ласерска технологија, малку се тие позиции, камо среќа некој да го увезе, амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 84 во тарифниот број 8456 во тарифниот подброј 8456 20 00 00 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Молам претставникот на Владата има збор.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа, како претходниот зошто е сосема ист.

XI/11.-

Отворам претрес по амандманот на глава 85 тарифен број 8509 во подтарифниот број 8509 90 10 00, поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам претставникот на Владата има збор.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 85 во тарифниот број 8529, тарифните подброеви 8529 10 70 00, 8529 10 90 00, и 8529 90 70 00 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам претставникот на Владата има збор.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

XI/12.-

Отворам претрес по амандманот на глава 85 тарифен број 9539 тарифните подброеви 8539 90, 10 00 и 8539 90 90 00 поднесен Комисијата за стопанство.

Молам претставникот на Владата има збор.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 85 тарифен број 8544 во тарифните подброеви 8544 59 10 00 и 8544 59 80 00, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1 пратеник гласаше за)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 85 тарифен број 8539 во тарифните подброеви 8539 90 10 00 и 8539 90 90 00, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Тоа е амандман кој што е претходно усвоен, бидејќи беше предложен од Комисијата за стопанство.

Значи амандманот е прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8701 и во тарифните подброеви 8701 10 10 00 и 8701 10 90 00, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8701, во тарифниот подброј 8701, 90 50 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас и вчера го објаснив овој амандман во општиот претрес Се работи за употребувани трактори стапката наместо 7% е исто како за нови 2%. Мислам дека ниту е некоја фискална позиција, ниту е некоја заштита, но ќе биде драгоцена помош на земјоделецот да дојде до евтина машина со која што ќе може да си врши работи од личен интерес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 тарифен број 8702 во тарифните подбореви 8702 10 11 00> 8702 10 91 00, 8702 90 11 00, и 8702 90 31 00, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (6 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8703 во тарифните подброеви 8703 21 10 11, 8703 22 10 11, 8703 23 10 11, 8703 21 10 91, 8703 22 10 91, 8703 23 10 18, 8703 23 10 91 и 873 23 10 98, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава во тарифниот број 8703 тарифен подброј 8703219000, тарифниот подборј 8703229000, во тарифниот подброј 873239010, во тарифниот подборој 8703319000 и во тарифниот подброј 8703329010 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот во сите тарифни подброеви не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(3 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 тарифен број 8703 тарифен подброј 8703219000, и 8703229000 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за неколку амандмани да половните автомобили до 3 години предлагам царинската стапка да биде наместо 25% да биде 15%. Во меѓувреме беше доставен амандман од еден друг колега пратеник каде што мислам дека предлага таа стапка да биде 18% со поголеми шанси да биде усвоена, така што сите овие неколку амандмани јас ги повлекувам за да дадам шанса сепак да помине амандманот на колегата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Стојановски и Амандманот на глава 87 тарифен број 8703 ги повлекувате ли сите наредни?

XII/5.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сите

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е истата глава и истиот тарифен број.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8703 во тарифниот подброј 8703 22 10 11 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници се работи за увоз на нови патнички возила и тоа само со зафатнина до 1000 од 1000 до 1500. Значи оние со поголема кубикажа остануваат со предложената царина. Со ова мислам дека бидејќи немаме производство во РМ на овие моторни возила, а се работи за малолитражни возила значи до 1000 и 1500, овие над 1500 би останеле со стари царински стапки. Се работи за намалување на оние што имаат катализатор на 5%, а оние што немаат на 7%. Со ова мислам дека би се допринело за замена на дотраениот возен парк до зголемување на безбедноста на сообраќајот во РМ која е многу загрозена заради тоа што имаме просечен возен парк преку 12, односно 14 години. Исто така, би дошло до еколошко подобрување бидејќи знаеме дека старите возила загадуваат и не ми е јасно зошто овој амандман не се поддржува. Варам поддршка од вас за овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8703, во тарифниот подброј 8703221019 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( никој)

Г-динот Шапуриќ го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифен број 8705 и во тарифните подбореви 8705 10 00 00, 8705 20 00 00, 8705 40 00, 8705 90 10 00, 875 90 30 00, 8705 90 90 00 и 8705 30 00 ( поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој подброј се возила за специјална намена пожарникарски возила, возила за шлеп служби, возила миксери, и практично возила кои што треба недајбоже во оние услови кога не ни треба.

Мислам дека стапка од 13% за вакви возила, 15%, 10% е висока, треба да се сведе на 5%. Затоа што тие возила се неопходност практично. Мораме да ги имаме ние. И тие немаат единствена намена или некоја намена само за одредено претпријатие или служба. Тие ни служат на сите нас и како граѓани и како стопанство и како комунални дејности и како се.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8711 во сите тарифни подбрреви поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Оваа категорија мотоцикли за кој што е предвидено царинска стапка од 18% предлагам да биде 8%, затоа што од една страна велиме имаме загушеност во сообраќајот, викаме економичен сообраќај, викаме можност за практично онаму каде што може да не употребуваме автомобили и сега наместо тука да фаворизираме купување на тие превозни средства и следниот амандман ми е сличен, се работи за велосипеди ние оптоваруваме 18%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8712 во тарифниот пдоборј 8712 00 00 00 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Велосипед треба да имаме сите во семејството колку што не име на број. Ако сакаме екологија, ако сакаме здрава младина ако сакаме подмладок, ако сакаме спорт, ако сакаме иднина. Мислам дека царинската стапка од 10 да ја усвоиме на 5% нема да погрешиме. Велосипедот е средство кое што треба да биде што поприврлечно и поприфатливо за секој обичен граѓанин. Не знам зошто тука сега практично се надмудруваме. Едноставно велосипед.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 8 7 во тарифниот број 8703, во тарифните подброевни 8073 21 90 00, 8703 22 90 00, 8703 24 90 00, 8703 31 90 00, 8703 32 90 10, 8703 32 90 90, 8703 33 90 00, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот со сите тарифни подброеви се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 87 во тарифниот број 8710, во тарифниот подброј 8710 00 00 00, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, морам да кажам за што се работи. Амандманот се однесува на тенкови и други борбени моторни

возила, вклучувајќи и опреми со вооружување и нивни делови, со предложена царинска стапка 13, а јас предлагам намалена на 2%.

Пред да излезам да го бранам овој амандман, дел од колегите ме насмеаа, велат дали сум голем љубител на тенкови. Навистина ми е смешно да се предлага стапка од 13% за тенкови. Еве го моето образложение зошто.

Прва причина: не се произведува во Македонија, нема заштитна функција. Немаме намера за долго време да го произведеме, нема развојна функција. Третата функција, нема фискална функција затоа што Министерството за одбрана добива пари од Буџетот на Република Македонија, што значи тие пари после тоа од Министерството за одбрана сега кога ќе ги набави тие тенкови ќе одат пак во царината, односно пак во државата, што значи од овој џеб ќе стави- ме во другиот џеб.

Овој амандман го поднесов од едноставна причина што сметам дека навистина ги нема овие функции. Јa знам дека Владата на Република Македонија доколку набавува тенкови, ќе донесе одлука за ослободување од царина за овие средства, така што нема да се оствари. Но кога веќе е така, тогаш зошто уште сега не кажете дека ова нема функција. Ако пак сметате односно ако пак некој има намера да спречи приватници да не увезат тенкови, тогаш тоа е сосема друго. Навистина е нелогична оваа стапка, бидејќи ниедна од функциите не обезбедува, не исполнува и одитие причини сакам да кажам дека е апсурдна стапката која што е предложена, а не од причина дека сум љубител на вооружување, посебно на тешки оружја.

(Во меѓувреме претседателот Тито Петковски го напушти претседавачкото место).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 12 пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифниот број 9015 и во тарифните подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифен број 9017 и во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен. Отворам претрес по амандманот на глава 90 тарифен број 9018 и во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој и следните два амандмани се однесуваат на опрема во ветеринарна, забарска, фармацевска и медицинска наука и сметам дека таму треба стапката да биде симболична, затоа што еден добар дел од оваа опрема ја спонзорираат разни асоцијации, граѓани, иселеници и честопати останува проблем на организациите да не можат да ги подмират царинските давачки. Сметам дека нема да погрешиме ако тука одиме со минимална стапка, затоа што практично сето тоа значи збогатување на овие дејности за кои што треба да издвојуваме средства од Буџетот. Како што објаснуваше и претходниот колега, практично тоа е префрлување од една каса во друга, а сето тоа е државна каса.

Следниот амандман се рендген апарати и мислам дека најчесто овие скапоцени апарати ги добиваме од наши иселеници како подароци.

Со ова наше залагање за намалување на царинската стапка практично пружаме рака и кажуваме дека и ние сме спремни да поддржиме такви активности и такви донаторства.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници бидејќи се однесува за медицинска апаратура која е прилично скапа а не се произведува во нашата држава, а знаеме какви се условите во здравството, јас мислам дека целокупната оваа апаратура треба да биде слободна, а не со 5% царина.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

47 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Молам да се утврди точниот број пратеници присутни во салата, бидејќи имаме 47 пратеници кои гласаа за овој амандман. Очигледно некои немаат гласано.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифен број 9021 и во тарифните подброеви 9021 21 10 00, 9021 21 90 00, 9021 29 10 00 и 9021 29 90 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Тројца пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифниот број 9022 и во тарифниот подброј 9022 12 00 00, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Фити Таки.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

9022, господа, 2 се заменува со 1, а во сите останати тарифни подброеви стапката 5 се заменува со стапка 1.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90, во тарифниот број 9023 и во двата тарифни подброја, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифниот број 902 4 и сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Го повлекува амандманот господинот Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на глава 90, во тарифниот број 9025 во сите тарифни подброеви, освен за тарифните подброеви "за употреба на цивилни воздухоплови", поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 90, во тарифниот број 9026, во тарифните подброеви 9026 10 51 00, 9026 10 59 00, 9026 20 30 00, 9026 80 91 00, 9026 90 90 00, 9026 10 91 00, 9026 10 99 00, 9026 80 99 00, 9026 20 51 00, 9026 20 59 00 и 9026 20 90 00, по«днесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова се инструменти за мерење проток, количество и други параметри. Често пати критикуваме дека немаме доволно нити мерни места ниту мерна техника, ниту можеме да следиме загадување, ниту можеме во тоа да интервенираме, а сега оптоваруваме тука со 9%. Предлагам коректна стапка од 2-3%. Сето си има свое оправдување. Ваму недостигаат овие работи, инструменти, а ваму ги оптоваруваме, а не ги произведуваме во државата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифниот број 9027 во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 90, тарифен број 9028 во тарифниот подброј 9028 90 90 00, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90 во тарифниот број 9028 во сите тарифни подброеви, поданесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

XIII/11.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 90, во тарифен број 9030 во сите тарифни подброеви освен за тарифните подброеви "за употреба во цивилни воздухоплови", поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 90 тарифен број 9018 во тарифниот подброј 9018 39 00 00, поднесен од пратениците Душан Николовски, Јован Србиновски, Мирко Трипуновски и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Девет пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 94, тарифен број 94 35 во тарифниот подброј 9405 91 13 00, поднесен од пратениците Душан Николовски, Јован Србиновски, Мирко Трипуновски и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 95 во тарифниот број 9506, во тарифните подброеви 9506 12 08 00, 9506 19 00 00 и 9506 21 00 00, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 95, во тарифниот број 9507 во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Тројца пратеници гласа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 96 во тарифниот број 9606 во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити. Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на глава 9 6 во тарифниот број 9607 во сите тарифни подброеви, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? Никој.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Во меѓувреме пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на глава 50 во тарифниот број 5007, глава 50 во тарифните броеви 5111 и 5113, глава 52 во тарифните броеви 5208 и 5209, глава 53 во тарифните броеви 5309, 5310, 5311, глава 54 во тарифните броеви 5407, 5404, 5408, 5405, глава 55 во тарифниот број 5508, глава 55 во тарифниот број 5509 и глава 56 во тарифниот број 5606, по кои Владата не се произнела.

XIV/1 СС/ДК

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**: (продолжение)

Пратеникот Марјан Начевски, поднесе амандмани на глава 1 во тарифниот број 0102, глава 22 во тарифниот број 2203 и на глава 34 во тарифниот број 3402 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ, поднесе амандмани на глава 27 во тарифниот број 2710 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Лазар Димов поднесе амандман на глава 74 во тарифниот број 7408 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на глава 34 во тарифниот број 3402 и на глава 87 во тарифниот број 8703 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љубомир Чадиковски и Алил Џаферовски, поднесоа амандман на глава 22 во тарифниот број 2203 по кој Владата не се произнела. Пратениците Јован Николов и Милчо Трајков, поднесоа амандман на глава 54 во тарифниот број 5403 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманите на глава 1 тарифен број о102, тарифен подброј 0102 90 29 00 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 22 тарифен број 2203, тарифните подброеви 2203 00 00 01 00, 2203 00 09 00 и 2203 00 10 00, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Кажав преска можеби не образложив која беше логиката да го прифатиме тоа зголемување, претходно на 35% одевме од логиката на заштитната функција ценејќи го фактот што сепак во Република Македонија постојат три пивари и затоа така го прифативме.

Не се прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 22 во тарифниот број 2203 во тарифните подброеви 2203 00 01 00, 2203 00 09 00 и 2203 00 01 00, поднесен од пратениците Љубомир Чадиковски и Алил Џаферовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот е ист не се прифаќа.

XIV/3

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 27, тарифен број 2710, тарифен подброј 2710 00 00 12, поднесен од пратеникот Зоран Шапурив

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Има збор Господин Шапурик.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Господине претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници на пратеничката група на Либералната партија и всушност овде е потпишан како мој. Меѓутоа, е став и амандман на пратеничката група на Либералната партија.

Амандманот се однесува на намалување на царинска стапка на дериватите, моторен бензин, дизел гориво итн. Сметаме дека, кога Владата веќе го прифати намалувањето на пропанот и бутанот - гасот од 15 на 5% дека и овој амандман може да се прифати.

Ние имавме флексибилност, поднесовме амандман на 5% на 10% односно на 12. Досегашната царина беше 13. И, ако веќе целата царинска тарифа оди кон намалување, не е јасно зошто нафтените деривати се исклучиви кои одат на зголемување, односно на 20%.

XIV/4

Со ова сметаме дека плус онаа забрана што е воведена што се најавува дека наскоро не може да се увезуваат овие нафтени деривати, дека набрзу ќе дојде до нарушување на пазарот во Македонија со снабдување со нафтени деривати и поскапување на транспортот и производството и севкупното производство во РМ. Со тоа, уште повеќе намалување на таа конкурентност при извозот, бидејќи е навистина, драстично зголемување кога и во уводното излагање и министерот и другите претставници искажаа дека најголем дел, огромен дел се намалува, не е јасно, навистина пратеничката група се прашува зошто исклучиво овде се врши драстично зголемување.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ве молам, кај сите бензини досегашната стапка беше 25%, сега се намалува на 20%. Според тоа, нема зголемување, има повторно намалување.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика побара Господинот Шапуриќ:

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Недоразбирање е, реков дека 13% беше во првичните верзии.

Во првата. Погрешно бев разбран од министерот. Се работи за првата верзија и таму беше предвидено 13%. Јасно беше како беше претходно. Очигледно се работи за недоразбирање.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор Господинот Теодосие Паунов.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господине потпретседателе, дали и господа, мислам дека амандманот е оправдан, со тоа што ако нафтените деривати се покачи цената, веднаш се покачува цената на сите нафтени деривати. Од тоа

произлегува да се покачи цената прво на оние прехранбени производи почнувајќи од лебот и другите производи. Понатаму, да се покачи стандардот на граѓаните, значи се зголемува, парното греење повеќе од нафтени деривати. Веднаш се зголемува превозот на нафта, превозот на транспортните организации.

Мислам дека амандманот што е предложен, ако одиме на стабилизација на производството, на стабилизација воопшто на државата, на тековите, мислам дека е оправдан и би гласал за овој амандман. Мислам дека ќе ја подобри положбата на стопанството во целост на Македонија. Мислам дека овој потез со овој амандман, Македонија ќе добие прилично доста намалување, односно ќе има намалување на инфлацијата, нема да се зголемува.

Од тие причини, нашата цела индустрија што користи нафта и сите субјекти што користат нафтени производи и деривати, од тие причини е оправдан овој амандман. Затоа ги молам, другите пратеници, а и јас ќе гласам за овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Има збор Господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Навистина, царината не била толкава. Тоа биле посебни царински давачки што се укинуваат. Јас навистина барам одговор од претставниците на Владата, зошто во сите расправи од првичните верзии беше кажано дека нафтените деривати ќе бидат 13%. Тоа го барам од име на пратеничката група на Либералната партија, дали подоцна од некои други притисоци или некои други интереси, бидејќи знаеме во меѓувреме дојде и до промена на режимот, така што може да се увезува исклучиво само сурова нафта. Пратеничката група на ЛП оценува дека тоа може да доведе навистина до поскапување.

Инаку, она што го реков, јас го реков беше во првата верзија и второ, мислев дека давачката била 10% со оние посебни давачки што се 7,5 плус 7,5, за даночно израмнување и другите давачки.

Пратеничката група бара едно кусо образложение од министерот зошто е дојдено до оваа промена.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор Господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Малку ме збунија претставниците и од министерството и предлагачот на амандманот, мислам дека оваа ставка е многу сериозна во однос на вкупниот буџет. Мислам дека ако ја растуриме оваа ставка во едниот и во другиот правец, ќе дојдеме во позиција да немаме доволен прилив на материјални средства. Тогаш ќе ги доведеме во ситуација сите општествени дејности, она што претставува државата, за подмирување на обврските, па да не кажам, еве јас кај се носам во образованието, во здравството и социјалната програма итн., итн, тоа е еден сериозен проблем.

Во таа насока би барал дообраснување за да можам да се произнесам по овој амандман, министерот да каже колку сега ова намалување, драстично што го предлага, предлагачот со амандманот ми се чини со цели 8%, ќе влијае на вкупните приходи во Буџетот што го утврдивме и ги распределивме основните средства за подмирување на сите обврски од едната сфера и од другата сфера.

Ние нормално како пратеници, да се залагаме за едното, но мораме да водиме сметка да не го растуриме и другото, така што еднаш викаме да градиме школи, да ги дадеме платите на просветните работници, а од друга страна велиме, намали ја нафтата и нафтените деривати, па ке дојдеме во позиција - што?!

Значи, сами правиме еден конфликт од кој не можеме да излеземе. Во таа смисла би било едно добро дообраснување да се произнесеме во таа смисла.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен. Отворам претрес по амандманот на глава 27, тарифен број 2710, тарифен подброј 2710 00 00 13, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 27, тарифен број 2710, тарифен подброј 2710 00 00 16, поднесен од пратеникот Зоран Шапурик.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 27, тарифен број 2710, тарифен подброј 2710 00 00 31, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава 34, тарифен број 3402 во тарифниот подброј 3402 20 90 00, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 34, тарифен број 3402, во тарифниот подброј 3402 20 90 90 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Ве молам за внимание, се договоривме сега да работиме.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 34, тарифен број 3402 во тарифниот подброј 3402 90 90 00, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Се работи за истиот амандман. Колку што можев да видам се работи за два идентични амандмани, значи се прифаќа и едниот и другиот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 34, тарифен број 3402 во тарифниот подброј 3402 90 90 00 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава 50 во тарифниот број 5007 во сите тарифни подброеви поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, со колегата Панче Насев понудивме една серија од 12 амандмани со која сакавме да понудиме еден изменет концепт за царинење во текстилната индустрија. Меѓутоа, уште на почетокот со првиот амандман се гледа Владата не го прифаќа концептот, сите наредни амандмани ги повлекуваме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51, тоа е истиот, и овој е повлечен. 5106, на глава 51 повлечен, на глава 52 повлечен, на глава 5208 повлечен, 53 повлечен, 5405 повлечен, 5402, 5403 повлечен во сите тарифни подброеви.

Отворам претрес по амандманот на глава 54, тарифен број 5403 00, тарифен подброј 5403 30 00 00 и 5403 32 00 00, поднесен од пратениците Милчо Трајков и Јован Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Отворам претрес по амандманот на глава 55 тарифен број 5508, тарифни подброеви 5508 10 11 00, 5508 10 19 00 и 5508 20 10 00, 5508 10 90 00 и 5508 20 90 00 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

И овој амандман е од оние што се повлекуваат.

И овој амандман на 5509 се повлекува, амандманот на глава 5555 12 до 5555 15, се повлекува, на глава 56 тарифен број 5606 се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на глава 74 во тарифниот број 7408 во тарифниот подброј 7408 11 00 00 поднесен од пратеникот Лазар Димов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XV/1 НН/ЛБ

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ;**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дионот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници почитуван потпретседателе. Јас дискутирав во врска со амандманите со кои што се бараше намалување на царината на базните суровини, ПВЦ, а сега овој амандман го поднесов од причини што сметам дека начинот на кој што оваа работа е завршена не е во функција ниту економска ниту во функција на одредени производители и преработувачи. Наиме, за што се работи.

Овде се работи за царина на бакар. Значи од материјал, кој што го предложи Владата во нацртот односно во Предлогот за донесување на закон , каде што на бакарната жица Владата предлагаше стапка од 2%, да во следната фаза на донесувањето на законот таа стапка ја зголеми на 5%, сега со амандманот кој што претходно го уваживте на Комисијата за стопанство, под притисок на г-динот Чифлиганец, сигурно бидејќи тој имаше интерес Владата безгрижно прифаќа царина од 15% на бакарот како сировина.

Во земјите кои што до себе држат имаат царини на извозот на сировини, а не на увозот. Додека ние сме една држава која што ги царини увозите.

Наиме, јас не можам да ја сфатам следната работа. Производител на ваков вид сировина, бакарна жица со над 5, 6 или 8 мм, и во нашата Република нема. Корисник на оваа сировина исклучиво во нашата Република е фабриката за табли Неготино, која што исклучиво е извозник и која што во Европа ги има добиено контингентите за извоз на 10.000 тони кабел. Ако е тоа така која е функцијата на оваа економска

политика ние да ставиме царина на бакарот на наш извозник . Дали тој наш извозник ќе може тој свој производ да го продава на Европскиот пазар. Колку добро да се организира, колку да ни е евтина државата јас лично не верувам, а верувам дека и вие не верувате.

Трета работа, овде многу се манупилура со одредени прав на производ. Наиме, барам од Владата толкување, а тоа е :

Производителот на бакар од Македонија дефакто е производител на концентрат од бакар, тој е Бучим од Радовиш, кој тој концентрат го носи на преработка дали во Србија или било каде во Европа, кој што концентрат се претовара или во тип форминг жица, како што е овој вид жица, или во бакарни катоди. Прашањето до Владата е следно, дали извозот, преработката на овој концентрат во Светозарево, или во некоја друга топилница во Европа кога ќе се врати во Македонија како жица, или било како подлежи на истата оваа царина. Тоа е прво прашање. Прво бидејќи не можеме ние за нашиот концентрат каде што има одреден степен на доработка надвор кога ќе влези во нашата земја да велиме дека тоа е домашна роба, мислам ако се толкува Законот за царина. Ако веќе е тоа толкување такво како што јас го сфаќам тоа е сврхата од ставање на царина од 15 % ја не ја гледам, која е таа сврха. Која е таа цел. Значи ако е Бучин производител на концентрат, ако тој истиот концентрат го извезува во Србија, во Севојно каде што го топат и го внесе како жица треба да плати 15% царина. Со таа царина треба да го продаде на пазарот, на фабриката за кабли и фабриката за кабли да го извезе и да печали пари. Ако тоа е така, тогаш јас не ја гледам целта на сето тоа.

Ако ен е така тогаш јас го поставувам следното прашање. Ако имам јас суровина во нашата земја и таа суровина ја извезам во некоја земја и таму ми ја доработат дали може јас таа истата суровина во некој друг вид производ да ја внесам како сопствен производ и тој производ да не подлежи на царина.

XV/3

Мислам дека овде Владата едноставно и покрај тоа што се колнеше према оние што учествуваат на Комисијата за стопанство дека овој царински систем единствено има развојна функција за нашето стопанство, најважната компонента е развојната функција, додека фискалната функција во некоја мера е побезначајна јас не можам да си одговорам на следното прашање. Ако на таа фабрика за кабли во Неготино основната сировина, базна сировина, ПВЦ правот се оптеретува со царина од 25% и ако основната сировина, бакарот се оптеретува со 15% јас не знам дали може да очекуваме оваа фабрика да роботи и која е функцијата на оваа економија. Јас можам да ги разберам сите политички интереси, но сигурно овие од лева страна што седат сметаат дека во оваа фабрика има и нивни симпатизери.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, јас верувам дека трпението го губиме и верувам дека нема нешто ново да кажам , ако не бев присилен од колегата почитуван Лазо. Аргументите кои беа изнесени од страна на претходниот дискутант јас најаргументирано и стенограм молам да се даде пред ресорното министерство, пред конкретната фабрика, моите почитувани вработени кадри во Неготино и пред успешното раководство на фабриката каблови Неготино и сите граѓани кои се заинтересирани за стопанството и економијата.

Прво Македонија е производител на бакар. Тоа е потврдено континуирано четири години station наназад од Европските институции кога Македонија за три четири години знаеме од кои причини беше најголем извозник на бакар. А зошто е така? Затоа што во производот од бакарниот концентрат се учествува вложените трошоците во еден тон бакар по катода 78%. Кога извезувавме во Германија, кога влегуваше македонскиот бакар 8000 тона бакар на Македонија, конкретно на рудникот Бучин со сертификат и Германската влада го третираше

македонски производ. Нема институција која не извезуваше бакар и жица за овие три четири години и знаеме по кои услови и се третираше како македонски производ.

Ако интенцијата на РМ, а најмалку на почитуваните наши производувачи, конкретно ценетата фабрика, ценетите вработени на каблови Неготино тоа не е интерес ние сега со сила да тврдиме дека Македонија не произведува 8000 тона катода или жица. Катода вреди 2 ипол илјади до 3 илјади долари плус 120 или 130 долари доработка. Тоа е производ на Македонија.

Ако веќе европските светски институции го менуваат приодот према производството, што е поретко во Македонија, тоа ние ќе„ добиеме таков документ во секое време може ресорното министерство, Владата и ние како парламент да кажеме дека ние не произведуваме катода или жица.

Второ, јас морам да кажам од ова место. Колегата Лазар помалку придонесува за вработените на каблови Неготино отколку за вработените 800 во Бучин. Зошто? Затоа што, два најдобри партнера во Македонија, тоа се во Македонија повеќе години нананазад рудникот Бучин и фабриката каблови Неготино. Зошто го велам тоа? Производот од 1 тон концентрат се финансира 90 дена да се дојде до еден тон концентрат. А да се дојде до 1 тон бакар треба 6 тона концентрат да се преработи и 90 дена трае процесот преработка и рафинација. Значи, за еден тон бакар РМ инвестира 100 денари, а наспроти тоа ние секако со фабриката каблови Неготино сме едни од успешните претпријатија во РМ, добива бакар по светска цена . Наназад за три четири години, после осамостојувањето на РМ. Ако е трошок господо бакарот да се транспортира од топилницата дали е од Југославија, Бугарија до овде кои се еден до два посто трошоци сега ние сме загрижени за 600 до 700 вработени дека ќе пропаднат.

Јас од ова место тврдам дека фабриката Каблови Неготино и ниеден преработувач нема да пропадне заради царинската тарифа од 5, 10 или 15%, туку РМ ќе добие и фабриката каблови ќе добие, затоа што нема да дозволиме, а знаеме бакарот во светот што значи, тоа е стока за манипулации. Нема да дозволиме фирми кои живеат исклучиво на трговија неприципиелна да на сметка на производството ...

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ова беше реплика, времето истече одамна.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Од тие причини ние се залагавме на Комисијата за стопанство и понатаму бакарот да си оди по светски цени, како што се договаравме во Европа и во светот,тоа не значи почитуван колега Лазо де тоа е веќе цената 15% зголемена. Еве јас ќе ви кажам. Ние кога го продаваме бакарот на Каблови Неготино како два успешни стопански субјекта, добри партнери, ние го продаваме на одложено плаќање од 30 до 60 дена. За ваша илустрација како пратеник ние имаме 600 тона бакар. 1.700 иљади долари и тоа месец ипол е одложено. ..

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дине Чифликанец, бидејќи најавивте реплика истече времето ве молам.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Во тој поглед јас се залагам односно должен сум да аргументирам, јас знам дека трипението го губиме, еден рудник кој брои не помалку од 1000 вработени, продукцијата минатата година беше 41 милион долари, 28 милиони долари извоз, 16 милиони долари нето девизен ефект. Тоа се две фабрики Бучин и каблови Неготино најуспешни. Со овој царински тарифник никаков придонес не даваме за фабриката Каблови или бучин.....

XV/6

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Чифлиганец ве молам напуштете ја говорницата, да продолжиме да работиме.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Во таа смисла не треба да бидеме загрижени дека со овој царински тарифник не сакам ниту на Владата ниту на било кој, туку ќе има еден рационализиран, канализиран стопански приод према македонскиот производ, а тоа е бакарот.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Ова г-динот Чифлиганец што го кажа се е добро, убаво уште да ни го прифати Европскиот пазар. Дека тешко се произведува бакар, дека можеме да му ставиме колку што сакаме цена и ништо повеќе. За нас сето тоа би било добро.

Јас не слушнав овде ниеден аргумент со кој аргумент г-динот Чифлиганец ќе каже што се добива , што добива неговата фабрика а јас само ова ќе го кажам.

Со овие проценти ќе се случи следното. Фабриката за кабли ќе се затвори. Бакарот намален 15% , не зголемен 15% г-динот Чифлиганец пак ќе мора да го продава на тој пазар. Единствено од сета оваа акробација што ја правиме можеме да ја затвориме фабриката за кабли Неготино.

На крајот, сигурно не ни го брани правото г-динот Чифлиганец јас да размислувам за моите бирачи и дека он си сема за право дека повеќе разбира. Мислам дека таква доверба него не му дадов.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 по тарифниот број 8703 во тарифциот4 подброј 8703 21 10 11 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ;**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на глава 87 тарифен број 8703 во тарифниот подброј 8703 21 10 19 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Предлагачот амандманот го повлекува.

Во меѓувреме пратениците Душан Николовски, Здравко Стојковски, Дане Милошевски, Борис Павлов и Ванчо Чифлиганец поднесоа амандман на глава 40, тарифен број 4010 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на глава 40.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот...

Процедурално г-динот Шапуриќ бара збор.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Од името на пратеничката група на ЛП бараме 30 минути пауза.

(реагирање на пратениците)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Да, ако тоа не се злоупотребува.

Ве молам јас ќе го ставам предлогот на гласање пред Собранието.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Деловнички имаме право да бараме пауза.

**БЛАЖЕ ФИЛИПУВСКИ:**

Ве молам барем 15 минути да биде.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Добро, 15 минути нека биде.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам пауза бараат од 15 минути за новиот предлог.

Ве молам да не се напуштаат просториите,завршивме со расправата,.

Пауза од 15 минути. (Пауза од 15,30 часот).

По паузата

Седницата продолжи со работа во 15,55 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, пратениците да влезат во салата.

Имаме доволен број пратеници и можеме да продолжиме со работа

Предлог законот го ставам на гласање.

Се извинувам, пратеникот Соколовски има деловничка интервенција.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Пред да настапи чинот на гласање би сакал од името на пратеничката група на Либералната партија да објаснам како ќе гласа пратеничката група на Либералната партија.

Ние имавме прилика да го слушнеме воведот на г-динот министер во врска со предложениот Закон за царинска тарифа ислушавме дека главни поенти, главни точки на кои се базира овој Закон се развојниот, заштитниот и фискалниот дел на Законот, практично со овој закон се тежи или сакаше да се направи една тенденција на еден развој во нашата држава, стопанството, динамичниот развој на стопанството односно да се направи заштита на некои делови од постојното производство од постојното стопанство.

Ние го цениме тој напор на предлагачот, меѓутоа, сметаме дека токму со одредени неприфаќања на амандмани од групата на Либерал-ната партија и на пратениците на ЛП, па и од другите пратеници,сметаме

дека токму во развојниот дел и во развојната компонента ќе бидат нанесени огромни штети токму во развојот на стопанството на оваа држава.

Имено, не сфатливо е како може увозот на жива стока или за развојот на живата стока како основна компонента на постојната индустрија на место која постои во нашата држава имено за тов на жива стока процентот да биде 16% царина плус прелевманите, а за увоз на свежо месо царината да биде 11%, што значи сега форсираме увоз на свежо месо наместо да форсираме развој на една месна индустрија на постојните капацитети кои постојат во нашата држава и кои не се доволно искористени, а посебно во еден момент кога при еден ваков случај на болест кој настапи во нашата држава на стоката практично настапи едно осетно оштетување на овој фонд.

Втора работа е што токму преку овие амандмани сакавме да овозможиме еден побрз развој на текстилната индустрија. Исто така со неприфаќање на одредени амандмани практично е ставен крај на некој начин на развојот на текстилната индустрија, на дел од машинската индустрија, некои дискутанти зборуваа околу тој развој, па и други делови од индустријата кои се битни за развојот на оваа држава во овој момент, за развојот на нашето стопанство.

Меѓутоа, со оглед на фактот дека веќе сме пред примање во Светската трговска асоцијација, практично Владата на некој начин го исфорсира овој закон токму заради фактот што треба да бидеме примени во таа светска трговска организација сметаме дека би требало во овој момент да гласаме за овој закон со тоа што сите наши забелешки како и амандмани кои и не беа прифатени и сите забелешки од другите пратеници од другите групи би требало во натамошниот терк и развој на овој закон, како што рече министерот со либерализација на законот

да се земат во предвид и да се овозможат точно овие три четири пункта кои ги напомнав развој точно на овие гранки кои беа на овој начин осуетени со неприфаќање на овие амандмани.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака? (81 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за царинската тарифа.

Мислам дека го делам Вашето задоволство ако констатирам дека оваа е еден од најзначајните закони кој ја чини нашата економија компатибилна со Европската Унија.

Преминуваме на **Четвртата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за јавните претпријатија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Беџети, министер за развој.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, поднесувањето на Законот за трговските друштва, Законот за јавните претпријатија

XVI/4.-

значи еден чекор во заокружувањето на законската сфера од системско значење.

Предлог законот за јавни претпријатија кој Ви се нуди од Владата во редовна процедура ги опфаќа решенијата за основање, организирање, управување и раководење со претпријатијата од јавната област. Вашите предлози и забелешки дадени преку собраниските тела и непосредно во Собранието, во расправата од претходните фази на законот се прифатени во обем и начин со кој се задржува концептот на законот во духог на областа на јавната дејност.

Имено, од Комисијата за стопанство беа укажани одредени одредби кои предвидуваа давање на согласност од ресорниот министер и именување на директорот на Јавното претпријатие кои ги основа општината односно градот Скопје во целост беа прифатени, како такви.

Предлогот од истата Комисија за приспитување на одредбата од законот за јавните претпријатија со кој се дефинира водењето на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие Владата го имаше во предвид и констатира дека оваа одредба е во целост усогласена со финансиските и сметководствените правила и прописи кои ја регули- раат оваа област.

Исто така, покрај ова, предлозите и забелешките од Комисијата за сообраќај и врски за попрецизно и децидно дефинирање на улогата на органите на управувањето и раководењето во целост беа уважени и во предлогот кој Ви е Вам даден до крај се дефинирани надлежностите на органите на управувањето и раководењето.

Предлогот на оваа Комисија за да се бришат одредбите односно решенија за штрајк т.е. да не се опфаќаат во овој закон, бидејќи има

посебен закон со кој се регулира штрајкот. Овој предлог Владата не го прифати од причина што со овие решенија кои се нудат во овој закон не се ограничува правото на штрајк, туку со овие решенија се предвидува постапка и организирање на вршење на јавната дејност во услови ако настане штрајк.

Исто така со предлог текстот на Законот аз јавните претпријатија се предвидува основање на јавно претпријатие заради вршење на стопанска дејност од јавен интерес, а истите може да ги основа Владата во име на РМ , Градот Скопје и општините.

Предвидена е можноста јавното претпријатие да биде организирано и ако акционерско друштво во смисла на вложување на средства и капитални односи од страна на правните и физичките лица. Но, правото на управување останува кај основачот в,о јавната област. Тоа е функционирање на така наречена "златна акција".

Во предлог законот е предвидено и начинот на организација на јавното претпријатие, органите на јавните претпријатија, статусот на јавните претпријатија, начинот на остварување и распоредување на средствата од работењето на јавните претпријатија, покривањето на загубите како и положбата на работниците во јавните претпријатија. Остварувањето и заштитата на јавниот интерес, контролата над јавните претпријатија и вршење на стопанска дејност од јавен интерес врз основа на посебна дозвола.

Во Предлог законот се дава можност доколку основачот оцени во актот за основање на јавното претпријатие да не се формираат органи ана управување, туку да се склучи посебен договор со физички и правни лица за преземање на сопствена одговорност на управувањето со јавното претпријатие. Основачот ова го реализира со посебен договор врз основа на понудената квалитетна програма за работењето и развојот на јавните претпријатија.

Исто така во Предлог законот не е предвидена можноста за трансформација на сопственоста односно приватизацијата на деловите од постојните јавни претпријатија што вршат стопанска дејност која не е од јавен интерес,» бидејќи оваа област ќе се уреди со посебните материјални закони.

На крај, со Предлогот на овој закон е предвидена обврска за постојните јавни претпријатија организацијата и работењето да се усогласат со овој закон во рок од б месеци од влегување во сила на овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славко Чаков поднесе амандмани на член 2; член 8 став 2 и 3; на член 17 став 1; член 18 став 2 и 3; член 20 став 2; член 22 став 1; член 23 став 1; на член 24 став 2 и амандман за менување на член 3 0 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандмани на член 2 став 1; член 14 став 3 и на член 23 став 1, со кој е согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски поднесоа амандмани на член 13 став 1 точка 5; член 14 став 1; член 14 став 3; член 17 за додавање нов став 2 по ставот 1 на член 25, по кој Владата не се произнела.

XVI/7.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 14 за менување на став 3; член 23 став 3 и за додавање нов став 5 по ставот 4, и на член 28, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандмани на член 3 став 3 и на член 18 за бришење на став 1, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 2 став 2, кој претставникот на Владата не го прифатил.

Комисијата за стопанство поднесе амандман за додавање нов член 49-а , по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 2 6 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров поднесоа амандмани ан член 3 став 1, член 4 став 3, член 11 став 1; член 5, член 14 за менување на став 3, член 17 став 4 и на член 18 за менување на став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 3 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Николов, поднесе амандмани на член 3 став 3 и на член 4 за додавање нов став по став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Николов поднесе амандмани на член 3 став 3 и на член 4 за додавање нов став по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски поднесоа амандман на член 18 за менување на став 3 по кој Владата не се произнела.

XVI/8.-

Пратеникот Ризван Сулејмани , поднесе амандман на член 17 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 3 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандмани на член 19 став 2 точка 6; член 23 став 2 и на глава II, на насловот на точка 6, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Се извинувам, веќе има став на Владата дека амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам,да крене рака? (Ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Беџети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Беџети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 4 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

XVI/10.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Беџети;

**АБДУЛЕМАНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Амандманот се состои во тоа што во ставот 3 каде се зборува за стопански дејности од јавен интерес што ги основаат општините и Градот Скопје во формулацијата стои : "Можат да основаат општините и Градот Скопје". Зошто таа можност, зошто не е децидно и јасно дефинирано дека се работи фактички за изворни исклучиви надлежности на општините. Тоа се за просторното уредување, надлежноста за комуналните дејности и други надлежности кои ги има утврдено и во законот за локална самоуправа и во што ќе следат, посебните закони , па зошто да се остава можност дека општините и Градот Скопје можат да основаат јавни претпријатија за вршење на стопанска дејност од јавен карактер.

Оваа иста формулација Владата ја има употребено во Законот за јавни патишта и мислам дека нема потреба оти тоа е изворна, основна надлежност на општините и Градот Скопје,не треба да се остава прашална формулација "може да" , туку да се брише тоа "може да" и да

стои дека "стопански дејности од својата изворна основна надлежност утврдена со закон општините и Градот Скопје основаат такви јавни претпријатија", во тоа е прашањето.

Барам амандманот да се усвои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратеникот Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот бБеџети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Николов.

(Пратеникот се обиде да зборува од место).

Ве молам, има говорница за таа намена.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Амандманот е во функција само за дополнување на членот односно дообјаснување во делот на дејности кои треба да се формираат. Така што не ја менува суштината на членот.

XVI/12.-

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Дејностите се децидно набројани во членот 2, па затоа нема потреба во ставот 3 од членот 3 да бидат уште еднаш ставени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Останувате на амандманот?

(Не, пратеникот го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бецети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сите амандмани од прилика се комплементарни и тангираат. Очигледно дека овој член внесува кај сите нас едно недоразбирање дали ќе се остави премногу простор за манипулирање или е згодно во оваа крајна фаза да дефинираме.

Јас во мојот амандман, ан пример, конкретно ги издвојувам дејностите во кои локалната самоуправа не би имала право да формира претпријатија од јавен интерес. на пример, електроенергетика, водостоп-ство не може една рекичка може да поминува низ 3 единици на локална

самоуправа со новата територијална поделба сите тие ако формираат свое претпријатие посебно кој ќе може да ги издвои тие компетенции и ингеренции. На пример железнички сообраќај. Ќе и текне на некоја локална единица таму поминува пругата и таа формира претпријатие. Таму стои со закон , г-дине министре, меѓутоа, можеби е добро тоа да го разјасниме, бидејќи сигурно има повеќе вакви дилеми, јас ставив уште некои дејности што по некоја логика, малку е смешно, на пример авионскиот сообраќај.

XVII/1/JJ/ л ј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Не може да се дозволи локална самоуправа да формира претпријатие и тоа да биде јавен интерес на локалната самоуправа. Такво нешто не ми е прифатливо затоа би побарал министерот, најдобронамерно, ако овие дилеми ги расчистиме ќе го поништиме амандманот а верувам дека има и неколку други амандмани и сите се вртиме околу тоа може не може смее не смее , иако сум согласен со она што го објаснуваше Панчо Минов, дека јавен интерес за општината е она што се нејзини ингеренции и компетенции. Не може да биде автопатот да речеме ние интерес само на една локална самоуправа. А поврзува десето. Ако овие работи Владата ги има перципирано, јас би ве замоли., вака извинете што ве прозивам на некој начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Беџети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Токму овие предлози се опфатени во текстот на законот и тие во последната реченица на членот децидно кажуваат дека се работи за дејности утврдени согласно со законот. Се разбира дека се диференцирани надлежностите и нема потреба за некоја бојазност зашто Владата ги имаше предвид токму овие моменти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:;**

Дали некој друг бара збор. /Не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Господин Стојановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XVII/2.-

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 3 поднесен од пратениците Зоран Шапурик и Илија Каров.

Отворам претрес по' амандманот на член 4 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Николов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Славко Чапов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Славко Чапов.

**СЛАВКО ЧАПОВ:**

Почитувани г-да пратеници во членот 8 во став 2 пишува "на јавно претпријатие не може да се отвори постапка за стечај. " Во продолжение пишува " во случај на настанување услови за спроведување на стечајна постапка" тоа едно со друго не е споиво. Предлагам да остане првиот дел "на јавно претпријатие не може да се отвори постапка а ставот 3

"основачот може да одлучи јавното претпријатие да престане со работа" да се бришат зборовите "ако настанат услови за отвораше на стечај" а да продолжи "само ако претходно го обезбеди вршењето на стопанска дејност од јавен интерес на начин и постапка утврдени со закон". Прашувам зошто господине министре ова не се прифаќа кога вака е неспоиво едно со друго.

**АБДУЈ1МЕНАВ БЕЦЕТИ:**

Член 8 став 2 генерално го уредува отворањето на стечајот. Меѓутоа после генерално дава и можности во кои случаи може да се отвори стечај на јавното претпријатие. Нормално тоа останува во надлежност на основачот во одредени услови да дефинира во кои услови ќе одлучи да отвори стечај на јавното претпријатие, водејќи сметка за да обезбеди услови за вршење на функцијата од јавен и од државен интерес.

**ТИТО ПЕТКОВКИ:**

Дали уште некој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 точка 5 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ниту еден.

констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

На член 11 став 2 точка 5.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 точка 5, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандамнот на член 14 став 1, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Го молам,претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија и пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 3 поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Амандманот го повлекуваат предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

А**БДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дн Славко Чапов.

**СЛАВКО ЧАПОВ:**

Изгледа не сакаме да сфатиме бројот 5 да се замени со бројот 9. Тоа не е ништо друго туку бројот 5 не е делив со 3, а максимум до една третина треба да бидат претставници во јавното претпријатие. Така во малите јавни претпријатија каде ќе се бројот пет члена како третина треба само еден од претпријатието. Не знам зошто не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали: уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, поднесен од< пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес на член 17 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЦЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 4 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Овој амандман се предлага од повеќе причини. Прво ова е во случај кога се приватизира претпријатието јавното претпријатие над 51% и со ова најмногу до итн., со овој амандман се врши едно прецизирање на законот, бидејќи остава можност на субјективизам. Токму за да се спречат овие ограничувања, во тој случај се предлага амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас се јавив со намера да го поддржам амандманот и Владата да размисли за механизмот кој е вграден во членот 17 став 4, кој што и овозможува на Владата максимален број од една третина во органот за управување од страна на вработените, меѓутоа, не го минимизира долното ниво на учество на вработените во

органот на управувањето. И мислам дека тоа е на Владата во услови кога самата не ставила колку најмногу а и колку најмалку, мислам дека е ред парламентот со своите овластувања да ја ограничи Владата во тој случај, точно на една третина со што би влегла посериозно во начинот на кој се управува во Јавните претпријатија. И од страна на вработените. Затоа што мислам дека ова може, не мора, меѓутоа, може да внесе тоа до една третина да се сфати 10% да се сфати и помалку од 10% меѓутоа може и една третина. Јас би гласал за варијантата затоа што мислам дека законското ограничување е поголема гаранција од волјата на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Владата во став 1 на член 17 го има дефинирано и најголемиот и најнискиот број најмалиот број на членовите е пет а завршува со 15.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Јас само ќе го дополнам г-динот Никола Поповски, навистина ова ако не се прецизира односно ако тврди претставникот на Владата дека е тоа тоа,ова што го зборувавме јас и Поповски, тогаш би требало да го прифати. Меѓутоа според наше толкување тоа не е тоа и дека фактички не се ограничува зашто може да биде и 10% а кажува најмногу 15%, а не се прецизира колкав е бројот на членовите. Ова претставува фактички која е гаранцијата и затоа го дополнувам и го поддржувам ова што го кажа Поповски, зашто тој даде и едно дополнување на моето излагање и допрецизирање. Со овој амандман фактички се создава една прецизност колкав ќе биде бројот на вработените односно како ќе бидат застапени

XVII/8.-

вработените од ЈП во управувањето. Ова навидум може би малку изгледа ситно, меѓутоа е важна работа бидејќи ќе создаде една прецизност што и како е напрвено. Ако министерот Беџети тврди дека е тоа, тогаш би требало да го прифати амандманот. Затоа што членовите не се во коалиција и ова само го допрцизира како вие го тврдите, и доколку останувате на ова мислам дека треба да го прифатам амандманот, за да не се отвара непотребна расправа зашто вашето толкување според ние ова што го велиме а ние што го предлагаме е токму во тоа да се избегне непрецизноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, толкувањето од страна на министерот на членот 17 ме повлече да морам да дадам дополнително објаснување од кое што мислам дека може да произлезе и промена на мислењето на Владата. Ставот 1 го уредува вкупниот број на органот на управување. Ставот 4 го уредува само делот на структурата на вработените внатре значи од 5 до 15 е вкупниот број на членовите на управниот одбор, а ние сега расправаме за оној дел од учесници во Управниот одбор што е од вработените, што се избираат согласно на амандманот на двајцата мои колеги. Таа пропорција да ја фиксираме на една третина а од пет до 15 останува неспорно. Мислам дека е добро да го прифати» тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ :**

Ако ова е допрецизирање на тоа се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот НА член 18 за бришење на став поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Не")

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

**СЛАВКО ЧАПОВ:**

Во прашање е само да се брише зборот "лажно сведочење и криво клетство". Ако не може да се брише лажно сведочење, криво клетство не е збор од македонскиот јазик, правниците се овде нека кажат. (Во законот пишува криво клетство) Барам објаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

XVII/10.-

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Момент, молам а за ставот 3. Ова беше за член 18 став 2. За ставот 3 мислам дека ние како пратеници од провинција односно во малите општини доколку ни се бришат мандатите како пратеници во јавните претпријатија, па ние сами си ја скусуваме работата таму, успехот во нашето работење и сега како ние да се согласиме како пратеници да не можеме да конкурираме во управните одбори односно од Комисијата да не бидеме предлагани. Тоа за мене е несфатливо.

Ние и така како пратеници во општините работиме во комуналните претпријатија со јавните претпријатија и се га сами треба да се изгласаме против себе да не бидеме членови односно бирани членови во управните одбори на јавните претпријатија.

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Ставот 3 прецизно ја дефинира неспоивоста на функцијата што не се споиви со функцијата член на управен одбор и директори на јавно претпријатие. Понатаму следува амандман со кој што ќе има допрецизирање во овој дел, така што сметаме дека пратениците не може да бидат членови на УО на ЈП, па било и на ниво на ЈП формирани од страна на општината и град Скопје. Ова е согласно со целата регулатива од Западна Европа и сите регулативи од јавните претпријатија кои што ја регулираат оваа област ја изземаа споивоста на овие функции што се овде дадени.

XVIII/1.-ЈМ/ЉР

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Улогата на пратениците во стопанството е минимална, улогата на пратениците во јавните претпријатија воопшто нема да постои, тогаш го прашувам министерот што ќе работат пратениците за општината, за своите гласачи? Тоа е апсурд дека така е на Запад Не е точно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (33 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Барам поддршка од 10 пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам секретарот дал помине на поединечно изјаснување

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (прилог)

1.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | за |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | воздржан |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | за |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | воздржан |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | воздржан |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | воздржан |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | против |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | за |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | не е тука |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

2.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | за |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | против |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | воздржан |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | за |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | не е тука |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | за |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | не е тука |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | не е тука |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | против |
| 51. РИСТО МАСЕВ | за |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | за |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | воздржана |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | воздржан |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | против |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСГОСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64 ВАНЕ НАУМОСКИ | за |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | за |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | не е тука |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | за |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | за |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | не е тука |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | за |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | воздржан |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | за |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |

4.-

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | против |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | за |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 102.ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | не е тука |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | за |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | за |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | за |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | воздржан |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | воздржан |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

XVIII/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гласаа вкупно 74 пратеници.

За гласаа 44 пратеници, 14 се против и 16 воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот на член 18 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за менување на став 3 поднесен од пратениците Зоран Шапурик и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Јас само барам едно појаснување од министерот бидејќи амандманот е веќе прифатен во голем дел, она што се однесува за пратениците. И затоа мислам редакциска исправка давам, а ќе го направиме тоа писмено. Се работи, се бришат сите овие другите за оние локални комунални претпријатија односно јавни претпријатија на локално ниво, аналогно на ова да бидат и членови на совети. Она што е за потсекретари и помошници го повлекувам. И мислам дека штом е пратениците да можат да бидат за јавни на ниво на државата логично е со овој амандман, само го преформулирам да бидат и членовите на Советот, а она другото се се повлекува.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 за менување на став 3 поднесен од пратениците: Благој Стојковски и Никола Р. Поповски.

Амандманот го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2 точка 6 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа од причина што во член 30 е обезбедена распределбата на средствата на вишокот на приходите и е право на распределба на основачот, а не право на управниот одбор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Наумовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Во член 22 министерот надлежен за работите од соодветната дејност може да му даде на Управниот одбор на јавното претпријатие насоки од општ карактер итн. Предлагам да може министерот да дава

насоки само за оние претпријатија кои се оснивани од Владата на РМ, а додека за општинските нема што директно министерот да дава насоки во работењето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Г-динот Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Г-динот Наумовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 3 и за додавање нов став 5 по став 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XVIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од пратениците: Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање:

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот,

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не оспорувајки го концептот кој што е воспоставен за работата на јавните претпријатија каде што Владата е одговорна за работата на јавните претпријатија бидејќи членовите на Управниот одбор се именуваат од страна на Владата, а и директорот се именува исто така од страна на Владата сметам дека членовите на Одборот за контрола на материјално финансиското работење треба да бидат избрани од Парламентот. Во многу сегменти Парламентот има контрола функција.

XVIII/6.-

Така што сметам дека и оваа контролна функција врз работата на јавните претпријатија би требало да потпадне во ингеренции Ја Собранието. Барам поддршка за овој амандман бидејќи сметам дека е еден важен сегмент, би требало да се лоцира во Собранието.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Само во функција на едно дообјаснување. Во Одборот за контрола и работењето на јавните претпријатија се мисли на орган кој што ќе врши интерна контрола. А инаку веќе е во процедура донесување на законот за државна ревизија чија надлежност ќе биде контрола на јавните претпријатија. И тука веќе се дефинирани надлежностите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници гласаа за. ж

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на глава II на насловот и точка б поднесен од пратеникот Ване Наумоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Бидејќи се работи за допрецизирање на насловот, амандманот се прифаќа.

XVIII/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 30 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Г-Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 49-а поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот од член 49-а не се прифаќа од причина што оваа област со посебни закони ќе биде регулирана, односно приватизацијата на јавните претпријатија ке се врши со посебни закони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавните претпријатија.

XVIII/8.-

Минуваме на **точката 5** - Предлог на закон за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

XIX/1.-ЛП/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Најдовски,

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, уште кога беше Предлогот за донесување на законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, во расправата која што се водеше укажав на неколку елементи кои се и те како битни за овој закон и во овој момент сигурно се работи за еден од најбитните закони, иако овде е даден само на две-три страници. Но материјата која што ја разработува и вредноста која што со него е опфатена ме тера да кажам неколку зборови.

Имено, со задоцнување се јавив само заради тоа што на Комисијата за економска политика и развој овој закон не беше поддржан заради неколку причини. Едната од причините беше тоа што никаде во законот ни во образложението не е наведено со колкав капитал во овој момент располага државата, кој што планира да го приватизира. Претставникот на Владата, заменикот министер за финансии тогаш ни вети на членовите на Комисијата дека по однос на овој закон ќе има воведни напомени од страна на предлагачот и дека точно ќе биде кажано со колкав капитал во овој момент располага државата, кој треба да биде приватизиран со постојниот закон. Јас очекував дека тоа ќе биде изнесено, но за жал и тоа денес го немаме, така што уште еднаш ќе ја повторам онаа моја констатација дека домаќин кој што не знае колкав капитал има, не е добар домаќин.

Втора работа на која сакам да укажам е дека во самиот закон има некои нелогичности, а според мене најголемата која треба подетално да се разработи е контролната функција која што ќе се има при спроведувањето на овој закон. Во самиот закон е изнесено дека

контролната функција ќе ја врши Министерството за финансии. Договорите за приватизација на државниот капитал ќе ги склучува министерот како претставник на Владата. Одлука за приватизација на државниот капитал ќе донесува Владата и на крајот контрола над сето тоа, односно надзор ќе врши Министерството за финанси. Јас навистина сметам дека тука е направена голема грешка и дека би требало да се исправи. Имено, да не дојде дека оној кој целосно ќе ја спроведува целокупната постапка од почеток до крај, на крајот и самиот себеси ќе си врши надзор. Сметам дека тоа не е добро и во таа смисла имам предложено еден амандман кој што при амандманската расправа ќе го образложам.

Третата работа која што во овој закон според мене е недоречена е прашањето што со оној капитал кој ќе остане неприватизиран. Ние мораме да кажеме дека интенцијата на Владата со овој закон е да се приватизира државниот капитал. Но мораме да бидеме спремни и на една друга работа, дека ќе постои капитал кој што заради одредена економска оправданост или неоправданост за кој нема да имаме заинтересирани странки за приватизација на тој капитал, односно оној кој што смета дека одреден капитал нема да носи профит и нема да најде во него економски интерес и дека треба да се даде одговор и на тоа прашање: Што понатаму со тој капитал, дали и понатаму ќе остане во државна сопственост во недоглед, или пак ќе се изнајдат други начини што да се прави со тој капитал.

За почеток би рекол толку, а во однос на амандманот ќе се јавам повторно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

XIX/3.-

**ТАКИ ФИТИ:**

Неколку пати беше поставувано прашањето врзано за големината на државниот капитал, меѓутоа, ве молам тука треба да го имаме следниот факт.

Прво, основите за утврдување на државниот капитал се различни. Во прв ред, тука е законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ако не се лажам член 7 каде што доследно се кажува која е основата за утврдување на државниот капитал и тој во основа е утврден во сите оние претпријатија каде што се вршела проценка на вредноста и во сопственичката структура даден како таков. Меѓутоа, основа за утврдување и постоење на државниот капитал се и низа други закони, законот за приватизација во земјоделството да кажеме, особено законот врзан за социјалната програма за деструктуирање на претпријатијата, оние 25, односно 23 големи загубари и се разбира законот што е врзан за начинот на регулирање на враќањето на кредитите што се земани од меѓународните финансиски организации и тн. Значи на многу различни начини тоа е правено.

Сакам пратениците да ги потсетам дека добар дел од спорните побарувања и ненаплатливите побарувања од низа стопански субјекти се пренесени во Агенцијата за санација на банките. Ако не се лажам тие таму се 13, 14 милијарди денари. Законот врзан за работењето на Агенцијата за санација на банките јасно кажува дека таа е овластена институција, која што ја реализира политиката на наплаќање на тие спорни побарувања. Може во секој момент некое претпријатие да се ајви и да побара дел од тие спорни побарувања да се трансформира во државен капитал. Веќе имавме таков случај со АД "Тиквеш" и наеднаш по таа основа се јавува државен капитал.

XIX/4.-

Според тоа, однапред неможеме да предвидиме колкав ќе биде државниот капитал. Ве молам, тоа не е возможно затоа што другите закони на соодветен начин ја регулираат таа материја. Затоа јас и сугерирав ка мојата заменичка на комисија, на групи тоа да се образложи и да не се инсистира на утврдување на големината на државниот капитал по таа основа, бидејќи во зависност од тоа како ќе се одвива процесот на наплатување на спорните побарувања лоцирани во Агенцијата, во голема мерка ќе зависи колкав ќе биде износот на државниот капитал. Кој одлучува за продажба на државниот капитал? Ве молам, немојте сега тука да расчистуваме работи кои се одамна и во економската литература и во светската практика познати. Ако е државен капитал, Владата е таа односно соодветно министерство кое во основа одлучува. Ние велиме таму во законот дека Владата одлучува за секој случај посебно, Владата е таа која што апсолутно има право, бидејќи станува збор за државен капитал, да се искаже дали ќе го реализира или не. Да речеме, има амандман каде се бара соодветна програма и со помош на таа програма да се дозира пуштањето на државниот капитал на берза, што чинам дека е добро за да не направиме шок на берзата или со јавните повици и најверојатно дој амандман ќе го прифатиме. Меѓутоа. тоа е работа на државата и неможе друг да одлучува, туку Владата тоа го прави.

Што е со оној капитал што нема да се приватизира?

Видете, основните методи на продажба на капиталот содржани во законот - незнам, можеби можеше да дадам и воведно излагање, но не мислев дека е потребно за овој закон. Меѓутоа, основните методи врзани за приватизација на државниот капитал се два: преку јавен повик од една страна и преку берза од друга страна. Во двата случаи се работи дефакто за пазар на кој ќе се врши продажбата на државниот капитал. Имате понуда и побарувачка. Ако се случи да нема интерес државниот

капитал да се купи, судбината негова е јасна, цената на државниот капитал на акциите што ќе бидат по таа основа издадени, перманентно ќе паѓа и ако нема кој да ги купи, таа во еден момент може толку многу да падне, што тоа соодветни субјекти дефинитивно на крајот би требало да го направат. Тоа се работи да речеме кои функционираат во практиката на најголемиот број на земји во транзиција и така и во ова светло треба да се гледа логиката на функционирањето на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, сосема накратко само една реченица да кажам. Јас воопшто не го оспорив методот кој донесува одлука за приватизација на државниот капитал и тоа ми е сосема јасно. Мислам дека со министерот тука не се разбравме. Го оспорив оној дел кој врши надзор на приватизацијата, бидејќи во законот е дадено дека тоа ќе го врши Министерството за финансии и тука во таа корелација ги донесов тие односи дека Владата донесува одлука, Владата ја спроведува, Министерството го склучува договорот и на крајот Министерството врши надзор. Јас ја оспорив само контролната функција од страна на Министерството и имам амандман со кој што предлагам тоа да го врши Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Каров.

XIX/6.-

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги и претставници на Владата, денес ја разгледуваме продажбата и учеството на државата во претпријатијата. Тоа значи она учество што државата го обезбедила во членот 2, релативен е износот, меѓутоа, мислам има потреба таа висина да се знае.

Моите размислувања по прашањето на овој закон одат во една насока некои дилеми со поставувањето на овој закон, на кои генерално и начелно Владата решила и има пристап кон државниот капитал. Мислам дека треба едно дополнително објаснување, дури не знам дали ќе треба дополнително објаснување заради тоа што државата, Владата со предложениот закон решила целосно да се продаде учеството на државата во претпријатијата. Значи тука нема дилеми ако не се продаде, што ќе биде. Решено е да се продаде целосното учество по членот 2. Релативно е дали и членот 2 понатаму ќе се прошири, дали тој износ ќе биде помал или поголем, во секој случај при расправата во предложеното решение треба да знаеме од прилика колкава би била таа бројка. Мислам дека уредувањето на ова прашање е неопходно потребно, меѓутоа можеби и некои други причини се Предлогот за донесување на законот за продажба на државен капитал да се донесува токму сега од разно разни причини и од нашите настојувања некои обврски да ги вршиме токму во овој момент. Мислам дека донесувањето на овој закон го вршиме токму сега. По мое мислење е преурането од причина што и учеството што го има државата во најголемиот дел од претпријатијата значи некоја стратегија. Ние не знаеме, имаме проект во Македонската академија на науките што е стратегија во развојот на стопанството на Република Македонија. Дали дел - ние веќе знаеме дека имаме 23 25 загубари каде што државата има учество во тој дел. Независно од тоа, сигурно тие согледувања Владата со предложеното

решение ги имала предвид. Така што основната поента во расправата ми е да не ни се случува, кога веќе Владата предлага решенија на продажба на своето учество, утре при продажбата било на домашни или странски правни лица, самата да оценува дали при одредено купување има или нема стратегија за одредена гранка, производ, претпријатие и тн. Мислам дека тоа е многу важно, затоа што целосната постапка на приватизирање на тој капитал, целосната продажба на учеството на државата веќе се регулира во постапката каде што нема запирање на тој процес. Така што поентата во дискусијата ми беше Владата во предлагањето на овој закон сигурно ги имала предвид овие моменти дека целосно ќе врши продажба на нејзиното учество во претпријатијата, значи целосна продажба на државниот капитал, без остаток и втората работа, за која мислам дека е многу важна, во натамошниот период да не дозволиме, бидејќи Владата ја води постапката на продажба, од стратегиско значење да ја запираме таа постапка во продажбата - па, знаете како е, странско лице, домашно правно лице е, дали ќе одговара и тн. Тука тоа не смее да ни се случува, затоа што со законот тоа веќе сме го кажале.

Мислам дека уште една битна работа тука треба да се нагласи: намената на средствата остварени од продажбата дали ќе бидат поголеми или помали, Владата тргнала од некои свои критериуми во членот 14 дека тие ќе бидат извори на Буџетот. Меѓутоа, најголемиот дел од собраните средства во Буџетот неможат да бидат ништо повеќе отколку за намена од она како државата го обезбедила учеството во тие претпријатија. Според тоа, за тоа е неопходноста од таа програма како би се трошеле тие средства, независно дали се помали или поголеми, иако тука претстои една голема, сериозна и одговорна задача на Владата - по која цена ќе се продаде, или ако се продаде по помала цена

и време на траењето на продажбата на државниот капитал, според тоа, потребата од таква програма е поголема до толку, за да не дојдеме во ситуација поголемиот дел од средствата остварени»со продажбата на државниот капитал да ги намениме за тековни проблеми што ни се случуваат во секојдневието. Толку би рекол накратко и мислам дека едно објаснување би било потребно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Чисто во функција некои работи сакам и на пратениците да им бидат појасни, еве уште на самиот почеток да бидат расчистени

Пред малку Собранието го усвои законот за јавни претпријатија и така веќе е отворен процесот на профилирање на јавниот сектор во државата. Со донесувањето на овој закон не значи дека во сопственичката структура на Република Македонија нема да има јавни претпријатија. Јавни претпријатија таму се оние што законот ги определува. Фактички станува збор за природните монополи од типот на поштата, железницата, електростопанството и тн. Ве молам, овде ми се чини во членот 6 стои јасно дека Владата одлучува за продажбата на државниот капитал, за секој случај одделно. Тоа не значи дека Владата ама баш се ќе продаде. Она што е објект од народна одбрана, она што е да кажеме евентуално производство на оружје и тн., тоа не мора да биде предмет на продажба. Затоа во секој поединечен случај Владата донесува одлука и го оценува општествениот опортунитет дали тоа треба да се продаде или не. Инаку, генерално линијата и определбата на Владата е да се ослободи од државниот капитал. Владата во прв ред е лош бизнисмен и во светот постојат масовни процеси на приватизација,

вклучувајќи ја крупната инфраструктура. Не би било добро Република Македонија да оди со атипични движења, па да задржува во сопственичката структура некој голем државен капитал. Ние треба да се ослободиме како држава од државниот капитал, тој да премине во рацете на менаџерите и претприемачите, кои се многу подобри управувачи кои ќе обезбедат ефикасно користење на тие средства. Државата тоа не може да го направи.

**ТАКИ ФИТИ**: (продолжение)

Според тоа, тоа е генералната линија. Меѓутоа, државниот сектор останува во она што значат природни монополи, крупната стопанска инфраструктура;- и во некои области кои што можат да претставуваат особен интерес на државата, да кажеме војска, одбрана цивилна заштита евентуално и тн. Затоа се вели во секој поединечен случај. Тоа е јасно определено и кажано.

Не станува збор за тоа дека сека Владата ова го носи затоа што треба некои обврски да исполни. Со проблемот на отсуство на законот за продажба на државниот капитал се соочивме уште пред една година. На почетокот морам да кажам дема мислевме дека може тоа да се регулира со упатство од Владата. Меѓутоа, се покажа дека тоа не е можно, дека бара посебен закон. Имаме општествени претпријатија во чија структура има државен капитал и запрен е процесот на приватизацијата, бидејќи не постои закон за приватизација. Имаме силен притисок од тие луѓе, што е нормално, дека треба соодветно да се регулираат овие односи.

Сакам да кажам дека не правиме ништо што не е типично за другите земји во транзиција што не е типично за една земја што има јасна ориентација кон пазарен начин на стопанисување. Во основа законот е јасен, ударен, меѓутоа морам повторно поради појаснување на пратениците и претходниот пратеник со право постави некои прашања да кажам дека таму стои дека за определени работи, особено правилата на игра при продажба на капиталот ќе се донесат посебни подзаконски акти од кои еден е веќе детално подготвен а другиот работи агенцијата, двете агнеци, ние во Владата и тн. каде што детално ќе бидат опишани сите постапки. Сакавме ова да биде генерална рамка да не го оптоваруваме многу законот,а со подзаконски акти да се регулираат сите правила на игра врзани со приватизација на општествениот капитал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор побара г-дин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Добро, јас го разбирам реагирањето на колегите од левата страна, цел ден работиме, меѓутоа мислам дека е сериозна работата.

Во основа бев сфатен од министерот и основната поента во дискусијата ми беше онаму каде има определба за продажба на државниот капитал , во текот на водењето на постапката и подзаконските акти не ми се случува, бидејќи Владата ја води постапката на продажба да одредена продажба наметнува дека е тоа политичко прашање па да се јави одбивност кај лицата заинтересирани или незаинтересирани, зависи Тоа беше основната поента. Го знаеме веќе и учеството на странските правни лица во општествениот капитал 1-2%. Тоа беше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на законот.

Пратеникот Николина Трајановска поднесе амандман на член 6 за додавање на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 14 амандман II по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 9 став 2со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 9 став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 10 за бришење на став 3 член 14 став 1 алинеја 1 и за бришење на член 21 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на член 18 за додавка два нови става по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандман на член 14 алинеја 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање став 2 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-гдин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Мислам дека е разумен амандманот и се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 за бришење на ставот 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа и молам да ми дозволите кратко објаснување.

Битно е кога ќе се продава државниот капитал, сеедно на јавен повик или преку берзата за долгорочни хартии од вредност да се стартира со почетна цена на акциите. Прашање и проблем за кое стручно долго консултиравме повеќе колеги од факултетот што да биде почетна цена, како да се дојде до почетната цена? Рековме врз база на проценетата вредност односно врз база на книговодствената таму каде што проценетата не постои или е веќе застарена.

XX/4

Сега, имајќи го предвид фактот што порано кај нас книговодствената вредност се утврдуваше така како што се утврдуваше, се јави став кај дел од пратениците, што јас го разбирав, да не значи тоа потценување на вредноста на капиталот. Меѓутоа, нашата досегашна практика во приватизацијата покажа дека во некои претпријатија книговодствената вредност е поголема од проценетата вредност и обратно. Значи, имавме и вакви и онакви ситуации.

Битно е следното, воопшто нема суштинско значење дали ќе ја земеме проценетата или книговодствената вредност, бидејќи и кај јавниот повик и кај берзата фактички имаме пазар. На пазарот ќе појде акцијата со некоја почетна вредност врз база на понуда и побарувачка.

Ќе се формира некоја пазарна цена. Ако има голема побарувачка за тие акции, цената нужно ќе расте. Ако никој не ги сака цената може да биде преценета или подценета, пак ќе си го најде пазарното рамниште.

Чисто економски нема никакво значење почетната вредност. Многу е практично ова решение бидејќи ќе има претпријатија каде што има направено проценка на вредноста пред две години, а во меѓувреме работите се измениле. Ако треба повторно да правиме проценка на сите тие претпријатија, тоа ќе бара време и ќе чини многу пари. Се обезбедува принципот на продажба на државниот капитал на пазар, пазарот дефинитивно ќе ја утврдува пазарната цена се едно дали почетната ќе се утврди врз база на проценета или книговодствена вредност. Нема никаква објективна опасност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? ( ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 алинеја 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 14 алинеја 1 и2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 алинеја 2 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додавање два нови става по ставот 1, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа, но молам за кусо објаснување.

Станува збор за елиминирање на обврските што одделни претпријатија ги имаат спрема Парискиот клуб. Основен принцип кај Парискиот клуб е крајните корисници да ги вратат средствата. Ако не ги вратат тие ќе легнат на буџетот. Ние и онака почитувани пратеници премногу го оптоваруваме буџетот со низа подзаконски акти и закони што ги донесуваме. Кога го донесувавме законот за реконструкција и санација за банките рековме дека замрзнатите девизи што банките своевремено ги исплатиле на штедачите ќе ги преземе буџетот. Врз таа основа веќе идната година имаме 623 милиони ставка во буџетот, тие обврзници и тн. Бидете свесни дека брзо ќе дојде законот за денационализација каде што не е баш така мала вредноста на имотот што треба да се врати, што во крајна линија пак ќе треба да се компензира со реален имот, меѓутоа дел најверојатно во буџетот, а ние

мораме да мислиме за натаму, како ќе функционира буџетот и како ќе функционира стопанството во Републиката. Според тоа, кај Парискиот клуб основниот принцип е крајниот корисник да ги враќа средствата. Со Парискиот клуб репрограмиравме околу 257 милиони американски долари.

Е сега, тоа ако го претвораме во државен капитал па да откупуваме со дисконт 60%, замислете што значи тоа како обврска за буџетот. Од друга страна агенцијата за санација за банките води политика околу начинот на наплата. Ние, ако некој не може да ги наплати тие обврски ќе ги платиме од Републиката, меѓутоа после ќе мора дефинитивно од крајниот корисник да се наплати и агенцијата ќе води политика, стои таму јасно како ги наплатува своите побарувања, побарувањата што фактички треба да бидат реализирани односно наплатени и тука има некои принципи врзани за самата економска моќ на претпријатијата. Оние претпријатија што можат веднаш да ги платат ќе ги платат, некаде ќе се врши репрограмирање, некаде плаќање веднаш со дисконт. Меѓутоа, во начело да одиме ова што значи Париски клуб да го преземеме овде како државен капитал и по таа основа плус да создаваме државен капитал, нема никаква логика и е надвор од елементарните правила на игра врзани за пазарниот начин на стопанисување.

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Пецов има збор.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, амандманот со кој на членот 18 се додаваат два нови става има за цел да го појасни членот 2 од овој закон во кој е кажано со кој закон е утврден државниот капитал. Меѓу нив е набројан и законот за санација и реконструкција на дел од банките во РМ. Во член 7 од цитираниот закон е кажано дека РМ од билансите на

банките ги презема побарувањата и обврските настанати по користени странски кредити од Парискиот клуб на доверители, чии крајни корисници се претпријатијата од РМ со состојба 31.XII.1994 година и со накнадни измени тоа е направено за Циришкиот клуб со состојба 31.X.1995 година.

Овие прописи и со предложената измена обврските на претпријатијата по Париски и Цириишки клуб спрема агенцијата за санација на банките треба да претставува државен капитал во претпријатијата за износот од обврските за кои претпријатијата ќе издадат акции или удели на државата.

Овој амандман го предлагам пред се поради намалување на задолженоста на организациите, кој добро го познава стопанството ќе знае дека голем дел од нашето стопанство е презадолжено и тоа преку овие два клуба, дека не е криво стопанството можам да кажам за случаите што настанаа во претходниот период од 5-6 години, војна и други непогоди, затворени пазари и друго, се товари стопанството со разни камати , интеркаларни камати, редовни камати и со затезни камати за време на овој период додека имаше непогоди во нашето стопанство.

Нелогично е, не се бараше наплатата, дури имаше никои претпријатија што уредно си ги враќаа, меѓутоа сега со застанувањето, со овие непогоди што ги имавме во земјата и стопанството навистина се создадоа големи потешкотии. Опремата во овие организации е застарена со над 10 години, доста амортизирана. Скоро да не можат организациите да ја одржуваат таа опрема, а камо ли да ги враќаат овие кредити.

Немањето пазар и одењето на странски пазари исто така ги доведе стопанските организации, барем во текстилната индустрија да работат за пола цена од порано. Поради зголемената конкуренција и сето тоа.

Од друга страна имаме постојана блокада од агенцијата. Таа ги зеде овие кредити од банките, значи ја расоваривме банката, ја санираме банката, меѓутоа не значи дека агенцијата сега треба да ги ликвидира претпријатијата. Ја спасивме банката, сега да ги ликвидираме претпријатијата.

Со овој амандман сакам агенцијата да добие и друга улога за консолидација на фирмите. Ќе се овозможи правична приватизација бидејќи државата ќе ги понуди акциите на претпријатијата на берзата, на пазарот на хартии од вредност да може да дојде до некоја наплата и да се дојде до некои пари , бидејќи од организациите не може да земе пари, може само да ги ликвидира, а од нив зима некакви придонеси зима одредени даноци , решава одредена социјала, може со ликвидацијата да ги изгуби и сите тие бенефиции што ги има кај организациите и да ги нема самите организации. Граѓаните ќе можат да купуваат акции по цени скоро пониски од самите работници во претпријатијата.

Претставниците на Владата и Комисијата за економска политика и развој го дополнија член 9 каде за приватизацијата покрај агенцијата за трансформацијата се додава и Агенција за санација на банките.

Затоа, почитувани пратеници усвојувањето на овој амандман за додавање два нови става на член 18 од Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата ќе биде од пресудно значење за преживување на еден голем дел од нашето стопанство.

Затоа ве повикувам да гласате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? ( 13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 21 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? ( ниту еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман за менување на член 17 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман за менување на член 18 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, Јас мислев дека министерот ќе го прифати, затоа што во уводното излагање напомена има таков амандманаи ќе го прифати.

Амандманот се однесува на следното. Она што јас дискутирав во однос на надзорот, контролата при спроведувањето на овој закон.

Имено во член 17 законот предвидува дека средствата остварени од продажбата на државниот капитал се приход на Буџетот на РМ. Со измената на амандманот односно со амандманот што јас го предлагам, предлагам да се изврши измена каде што средствата остварени од продажба на државниот капитал ќе бидат евидентирани на посебна сметка која што ќе биде при Владата на РМ и уште еден став за намената на тие средства да одлучува Собранието на РМ врз основа на програма што ќе ја предложи Владата на РМ.

Јас сметам дека со овој амандман ништо суштински не би се сменило во приватизацијата на државниот капитал и постапката која што ја предвидува Владата, туку само би се зголемила контролата и

Второ, би се овозможило наменски користење на тие средства.

Вака како што е предложено, ако бидат составен дел на Буџетот може само едно да направиме. Тие средства кога ќе го носиме Буџетот, прво и прво нема да бидат точно евидентирани и ќе ги распределиме за јавната потрошувачка, ќе ги расподелиме за многу други работи, а најмалку за она што во овој момент би се користеле.

Кога би се прифатил овој амандман и кога Владата би предложила една таква програма мислам дека Собранието односно и ние пратениците би можеле да влијаеме овие средства пред се бидат наменски искористени односно да се вратат во стопанството на РМ да

се овозможи еден начин на подобрување на состојбата во стопанството. Вака како што е дадено тие средства во Републикава само ќе се потрошат и никој од тие нема да види никаков ќар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 9 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Има збор министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Бидејќи по член 9, некој овде спомна имаше еден амандман со кој што се вели дека постапката врзана за реализација на приватизација на државниот капитал ја води Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Агенцијата за санација на банка, беше амандман усвоен од ЗКП.

Ние мислиме дека е добро да се усвои, го прифаќаме тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не г-дине министер. Тоа на почетокот.

Предложен е и прифатен од претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот.

**ТАКИ ФИТИ:**

Се извинувам г-дине претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

Се извинувам, г-динот Пецов процедурално.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас барам во името на пратеничката група на Социјалистичката партија 10 минути пауза пред да гласаме за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза од 10 минути по барање на пратеничката група на Социјалистичката партија.

(Пауза од 17,40 до 18,00 часот.)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот на законот го .ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.

Минуваме на **точката шест** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Предлагачот, г-динот Шапуриќ не е тука.

За збор се јави г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас очекував г-динот Шапуриќ како предлагач на законот да биде тука, но без оглед дали е тој тука или не јас ќе морам да го кажам моето мислење, кое што го кажав уште при првата фаза на донесување на закон .

Предлагам овие измени и дополнувања на Законот за трговија да се усвојат. Искуството што го носам од работа, како инспектор за трудова инспекција и гледајќи ги сите проблеми со кои се соочуваат граѓаните

при добивање на решение за работа, од токму од причини затоа што во процедурата за добивање на дозвола за работа се бара и решение за употреба на објектот. какво решение за да се добие денеска, не знам по чија вина, но сигурно , од сигурни извори го велам дека се потребни 3 до 6 месеци.

Имајќи ги предвид другите околности во кои се наоѓаме кои реално постојат без оглед дали се на хартија или не се, кога имаме цели населби кои постојат, за кои се плаќа и данок, во кои населби живеат луѓето, а во истите тие згради за кои се плаќа и данок и имаат и адреса на живеење и се не може да се отвори еден обичен дуќан од причини што за него не може да се добие решение за употреба на објект.

Јас мислам дека за оваа ситуација во која се наоѓаме реално воопшто не се виновни граѓаните затоа што тие се со години собрани проблеми. Да речеме некој си градоначалник своевремено за да направи своја политичка кариера се одлучил Скопје да се граничи од Тетово па до Куманово и донел некој си урбанистички план со кој се опфатени сите околни места околу Скопје, а фактичката состојба во тие населби е сосема поинаква од тој детален урбанистички план. Јас не знам дали има некоја Влада која ќе се осуди да една таква ситуација која што реално постои со некој дел со машина сегде руши и отпочеток да гради.

Друга причина зошто ни е таква ситуацијата е тоа што не ни се донесени низа закони, како што е Законот за денационализација. Дојдено е до таа ситуација до причини што реално нема шанси поинаку да се снаоѓаат луѓето кога не им се дава алтернатива. Ние сега најобичниот граѓанин во ситуација кога имаме 230 илјади невработени да не му дадеме една можност и тоа привремено, макар и за 2 години, за кое време е потребно да се донесат овие закони, за кое време е потребно

или кога ќе проработи законот за новата територијална поделба со која ќе се оформат новите општини, кои општини ќе имаат можност да одредат граници на развој на одредени села и на одредени населени места. Сето тоа да биде причина денес ние да не се согласиме како пратеници да им излеземе во сусрет на обичните луѓе, кои навистина воопшто не се виновни за ситуацијата во која се наоѓаме.

Која е причината ние денес да не гласаме за овој закон ако се знае дека граѓанинот нај нормално си купил дуќан наменски изграден за таа работа, на пример во Порта Влае, во Карпош-4, а не можел во тој дуќа да ја обавува својата дејност од проста и едноставна причина што тој инвеститор не набавил навреме своја документација иако граѓанинот платил поштено за таа работа, иако посите критериуми што постојат за заштита при работа и другите две министерства ги исполнува условите за работа. Која е логиката ние денес да не го прифатиме ова граѓанинот, селанецот од некое далечно село по ничија вина , воопшто тој да не е виновен, затоа што општината не одредила граница на развој за тоа село и тој не може да добие дозвола за работа, иако во некои прописи стои дека во таквите места се бара само статички.

Јас би Ве замолил овој пат ние како позиција да не мора да го носиме товарот дека намерно некој сака да спречи некого да не може да ја обавува својата дејност поради некои причини, за кои и тоа како се зборува во кулуарите, иако овој предлог е поднесен од опозицијата да го поддржиме и да им излеземе во пресрет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

XXI/7.-

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитувани претседателе, почитувани пратеници, јас навистина не сум виновен што работиме мимо договорот после 17,00 часот, заморени сме, работиме веќе 9 часа, затоа Ве молам да обезбедите услови да кажам накратко, да го образложам својот предлог.

Овој предлог е поминат веќе во прва фаза и овој парламент му даде полна поддршка во прва фаза и покрај тоа што мислењето на Владата во првата фаза беше само да се поддржи еден дел од законот.

Исто така Комисијата за стопанство и во прва фаза и сега даде целосна поддршка на Предлогот на законот.

Овој Предлог на закон доколку се усвои ќе овозможи навистина живот и заживување на активности на стотици илјади невработени односно оние кои не можат да работат. Имено, за што се работи? Се предлага во законот првото решение, тоа што го прифаќа Владата дека за еден...

Ве молам за внимание бидејќи сите сте Вие пратеници и сите и на комисии искажавте дека имате големи притисоци од своите избирачи токму поради оваа состојба. Зависи кој сега сака да го слуша гласот ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте така.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Пред се, во оној дел од законот каде што се предлага да не се бара два пати употребна дозвола за еден ист објект. Тоа е во ред, тоа и Владата го прифати, меѓутоа оној дел каде што се предлага преоден период од 2 години за одредени ситуации да не се бара употребна дозвола. И тој преоден период се предлага од повеќе причини.

XXI/8.-

Пред се не се донесени урбанистички планови. се предлага само за постоечки објекти. не е точно ова што се вели во мислењето на Влада- та дека ќе ја стимулира дивоградбата. Напротив состојба која што е сега ќе ја санкционира односно на определен број на граѓани ќе им овозможи да вршат своја стопанска дејност, трговска и друга во овие населби.

И самиот министер за урбанизам неколку пати нагласи дека 40 илјади дивоградби има во Скопје, а 100 илјади дивоградби во РМ. Па, замислете 100 илјади луѓе да бидат лишени од можноста било која своја дејност да ја вршат. Тоа може да се каже дури и дека е поддржано, јас имам сознание покрај ова мислење на Владата дека Министерството за стопанство пред две недели до Владата доставило полна поддршка на овој закон, исто како што направила и Комисијата за стопанство. И таму се укажува токму на некои компоненти.

Со неусвојување на законот односно нефункционирање неможноста да извадат употребна дозвола цели населби се лишуваат од право дури да бидат снабдувани со основни прехранбени продукти. И јас би ви кажал само неколку од тие населби. Горно и Долно Лисиче знаете дека има 10 илјади жители. Населбата Припор има преку 10 илјади жители, Усје,Пинтија, Горче Петров има во населбата Ченто така да преку 200 илјади народ во Скопје не можат да ја вршат својата дејност.

Од друга страна самото ова упатство кое веќе еднаш е паднато на Уставен суд, се очекува , тоа дали ќе биде или не, неофицијално, можеби уште еднаш ќе биде отворено, ќе видиме тоа еднаш од формални причини беше отворено оневозможува и овозможува односно голем субјективизам.

Најпрво и самите пратеници од Вас покажуваат дека тони ела- борати треба да обезбедат за вршење на дејност на било каков деловен

простор. Од друга страна, па се она што се бара не е јасно дефинирано. Некаде во некој згради, во некој општини, во некој градови може да се врши една дејност на трети спрат, некаде не. Тоа е се нечија волја. Пример ако ги земеме здравствените ординации. Не ни е јасно од каде Министерство за урбанизам може да кажува дали една стоматолошка ординација, или било каква лекарска ординација може да биде на 2 или 3 спрат. Тоа е работа на министерството аз здравство. Министерството за урбанизам би можело да дава само од статички аспект односно од градежен аспект мислење во врска со ова.

Исто така, се бара низа согласности кои се непрецизни. Се бараат согласности за противпожарна заштита каде што исто така не е прецизирано каде и во кои случаи. некаде дури се случува и во една зграда на 3 спрат бара противпожарни скали, што е невозможно, од друга страна пак Министерството аз урбанизам не може да издаде таква дозвола и се јавува различен вид субјективизам. Сето тоа ги изложува со низа проекти граѓаните на трошок. Во овие услови кога секој ден луѓето биваат отпуштени било како стечајни, било по друг основ остануваат без работа, ако не можеме веќе како парламент или Влада да им создадеме услови не треба да им одмогнуваме. Пред се што ова е само еден преоден двогодишен период. По изминување на овој двегодишен период доколку се исполнат сите овие услови односно бидат донесени планови, дотогаш јас верувам Министерство за урбанизам ќе ги подготви новите прописи во врска со инвестиционата градба, бидејќи овде се повикуваме на мислење на законот за инвестициона градба, но тој закон е пред 15 години и пред стапување на законот за трговија, пред овој закон, па не се барани употребни дозволи и такви елаборати.

Од друга страна, пак, во тоа упатство се бара доказ за сопс-твеност. За 50%, може и повеќе од објекти во РМ не постои доказ за

сопственост од повеќе причини. Некои се градени од самопридонес, знаете во поранешниот систем било седно дали е тоа на државата, дали на партијата, дали на градот, дали на општината, дали на месната заедница и т.н. Сега се нерегулирани и за многу објекти не може да се извади доказ за сопственост, а веројатно тоа со посебни закони за државниот и друг имот ќе биде регулирано и ќе може да се бара на кој начин и како да се распредели. Земете ги како пример месните заедници. Во ниедна месна заедница не може да се припави дока за сопственост. И не може никаква дејност да се врши, а има стотици вработени во тие месни заедници кои не се на Буџет, ниту на државата ниту, на општината. Ако не остварат некоја дејност, а дејност од посебен интерес за државата и ако не и се овозможи тоа навистина има една чудна ситуација. Земете ги објектите на Техника, објектите на така наречена Лептокарија каде што од низа причини се е регуларно не може да се извади употребна дозвола и тоа само поради тоа што се платени комуналии на градежни организации, а тие не ги регулирале. Граѓаните не се криви поради тоа да стојат и 2-3 години да неможат да ја обавуваат својата основна дејност односно силни пари кои ги вложиле.

Со стапувањето на овој закон и со оваа регулатива низа објекти така наречени дивоградби, кои се опфатени во основните планови, а не се во детални, а чија урбанизација е во тек, или пак кој долги години вршеле дејност едноставно се лишени да можат да добијат употребна дозвола.

Уште нешто ќе потенцирам. Овде не се предлага легализација на дивоградбите, едноставно се предлага еден преоден период каде што ќе можат спорните ситуации да се отстранат, доколку се уклопат во основните планови тогаш веќе би бил тој период пократок.

XXI/11.-

Затоа јас, бидејќи сите сте народни пратеници, бидејќи овој Парламент во прва фаза го поддржа законот, бидејќи Комисијата за стопанство и во прва и во втора фаза го поддржа законот, бидејќи Министерството за стопанство го,подржа овој Предлог закон во претходните фази јас би апелирал до Вас да гласате онака како што гласавте и првиот пат односно да ги слушнеме желбите и потребите на граѓаните бидејќи почитувани пратеници ниту Парламентот ниту Владата не постојат сами заради себе, туку постојат заради граѓаните, а не постојат граѓаните заради нас.

XXIX /1/СП/лј

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани колеги. Би сакал накратко да се вклучам во дискусијата по повод Предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговија укажувајќи на еден многу битен аспект кој мислам дека претходниот дискутант кој г-динот Шапурик го спомна, меѓутоа треба сепак да се даде поголем акцент, а тоа е следното:

Имено, сите постојни објекти кои се продаваат во кои спаѓаат продавници, дуќани и простории за приватни иницијативи навистина бараат одреден документација која е толку сложена во оваа ситуација што субјектот кој сака да добие таква дозволила се става пред една ситуација каде треба да собира документи, проекти кои и те како битно го усложнува процесот за започнување со работа.

Ако сакаме како држава да ја помогнеме приватната иницијатива, ако сакаме да го помогнеме приватното претприемаштво, мораме таквите документи, таквата административна процедура ја смалиме на минимум. Имено, за отворање на било каков дуќан, комисион или било која просторија за приватна дејност потребни се некакви проекти почнувајќи од ПП заштита па до хигиенска заштита, за да не ги набројувам се работи за пет обврски кои и те како постојат кај новите објекти. Имаме еден апсурд каде се бара ПП заштита за нов објект за дуќан кој се наоѓа во нов објект, а таквата ПП заштита е направена во склоп на објектот кој е технички примен од комисија која врши такви технички приеми. Повторувам, зошто одредени процедури, зошто одредени непотребни давачки на луѓето кои имаат таква иницијатива и кои сакаат да почнат приватен бизнис, а на некој начин го усложнуваме со административни потреби. Се бара проектот на дуќанот, а таквиот проект пости од таа градежна фирма која го правела тој објект значи зборам за нови објекти.

XXIX/2.-

Од друга страна постојат стари објекти и тоа се населби или приградски населби во Македонија каде не е решен статусот на тие диоградби. Јас ќе спомнам дека во Скопје ги има многу, а посебно во мојата општина Кисела Вода во мојата изборна единица Припор, Долно Лисиче, каде маса дивоградби не се легализирани, а постојат веќе десетина години каде постојат дуќани, пиљари, а постојат објекти кои се и те како битни за приватната иницијатива, меѓутоа луѓето не можат да работат, прашувам како може во една таква населба каде живеат 10 илјади жители луѓето за купување на еден леб треба да одат пет или 10 километри до тоа место да го набават тој леб или други продукти.

Овој предлог на закон требаше многу порано да се достави и многу порано да се предложи на ова Собрание со цел овој преоден период од две години, би барал тој период да биде пократок за да можат тие луѓе кои се занимаваат со приватна иницијатива, приватен бизнис да имаат услови да работат легално да може да функционира. Сметам дека овој предлог на Шапурик треба да се прифати овој период од две години по можност да се скрати за да може тие субјекти кои работат на диво да можат да функционираат.

Не би должел повеќе би рекол дека оваа бројка од стотина илјади дивоградби во Република Македонија загрижува како бројка, само во Скопје постојат некаде 40 до 50 илјади дивоградби и крајно време е Министерството за урбанизам да преземе чекори со одредени авионски снимања или технички современи чекори да се легализираат оние објекти кои можат да се легализираат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри и пратеници. Со оглед дека предлозите за измени се состојат од два амандмани односно

два члена, јас вториот член би го почитувал во основа мислењето на Владата.

По првиот член би сакал да кажам нешто што мислам дека почнува генерално да станува проблем во врска со издавањето на дозволите за вршење на и трговска, меѓутоа и друга дејност во Република Македонија.

Членот 10 кој г-динот Шапуриќ предлага да се дополни со еден амандман во кој во основа се олеснува процедурата за изведување на дејност при пренос на сопственоста во истиот објект. Мислам дека не треба парламентот да прибегне и по овој случај кон така лесно прилагодување на процесот на издавање на дозволите од секаков вид заради бројни проблеми кои се случуваат. Ке наведам еден пример кој ми тежи и мислам дека нема да ја злоупотребам говорницата. Во мојата изборна единица има случај во станбен објект во кој живеат 450 до 500 луѓе значи огромна зграда кула, во приземјето има приватна продавница за бели пецива. Заради лесно дадена дозвола од членот 10 која ги одредува минималните технички услови од стопанство и хигиенско санитарни услови од здравство пренамената и во производство кај истиот објект и водење на еднакви стандарди во случајот за загадување и во случајот за бучава без разлика дали овие објекти се наоѓаат во станбена единица или вон станбена единица при еднакви стандарди создава различни проблеми. Ложењето со плин и бучавата која создаваат постројките за производство на бели пецива лоцирана вон станбени единици или објект кој нема станбени намени и објект над која живеат 450 станари е сосема од различна природа. Мислам напротив, со господинот Соколовски мислам дека не доаѓа недоразбирање, меѓутоа, не сум склон така лесно државата да прибегне кон олеснување на процедурата. Напротив, јас навистина имам проблеми и не можам со Владата и одделни инспекторати и министерства три месеци да се убедам дека одредени објекти во таа зграда не можат да ги добијат истите третмани со работа на објекти со плин кои се вонстанбени зони

XXIX/4.-

затоа што плинот ги загадува сите се до последниот кат. Мислам дека и Владата по повод овој закон, по повод овој амандман од законот треба да направи една ревизија во овие стандарди за издавање на дозволи и да направи остра дистинкција помеѓу станбените и станбените или индустриските зони и соодветните технички нормативни минимални и други стандарди за кои врши пропишување како може да се работи. Јас би го гледал овој предлог и од еден таков аспект.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Би сакал само да му дадам едно мало дообјаснување на г-дионот Поповски и јас се согласувам дека во одредени станбени објекти не можат да се вршат сите дејности. Овој закон воопшто не задира во овластувањата односно правилникот што го кажавте за минимални хигиено технички услови. Дали ќе загадува средина не е работа на Министерството за урбанизам. Со тој правилник и со Законот за трговија, бидејќи Законот за трговија им дава овластувања на Министерството за труд, на Министерството за стопанство и на Министерството за здравство односно негова санитарна инспекција да ги провери условите и да ги оценува и тоа е нивна работа дали е бучава или не ќе го цени Министерството за труд ќе ги врши тие мерења. Дали загадува или не санитарната инспекција и Министерството за здравство. Во меѓусебна согласност и пазаришна инспекција. Јас ве подржувам што го кажавте тоа, тоа е во ред, може би лесно се даваат има аномалии, меѓутоа, сето тоа треба други министерства и други инспекциски органи тоа да го прават. Министерство за труд треба да цени бучава а никако за урбанизам. Исто така каде и како води тоа има Министерство за здравство односно санитарна инспекција околу тие гасови и мерења и сите други работи треба да ги вршат тие работи. Министерството за урбанизам може да врши само статички аспекти и од урбанистички аспект меѓутоа, сега бидејќи Законот како закон упатува на три Министерства. Никаде по Законот за трговија не е овластено Министер-

ството за урбанизам да донесе под законски акт. Тоа донело само упатство на министерот, а другите министерства имаат свои подзаконски акти бидејќи имаат изворни оригинални овластувања во Законот за трговија. Тука не се споменува никаде Министерство за урбанизам дека треба да го донесе тој подзаконски акт. Тие работи ќе си останат, овој закон не задира во минимално хигиенски технички услови. Инспекциите ќе си ги вршат тие работи понатаму.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (реплика)

Бидејќи бев спомнат, мислам дека правилно се разбравме со г-динот Поповски. не сум за тоа бланко на секого да му се даде дозвола, на секој субјект, меѓутоа, не сум за тоа да се враќаме на еден систем кој порано ни беше каде требаше 55 документи да се добијат за да се отвори приватна иницијатива. Мислам дека тоа време го надминавме и затоа велам во оваа ситуација кога имаме невработени, кога имаме луѓе кои сакаат да почнат свој бизнис, приватна иницијатива, да се вработат млади луѓе тој процес треба да го поедноставиме. Луѓе кои не се вработени, а работници кои се излезени од фабрики кои сакаат да почнат приватна иницијатива на млади луѓе кои немаат работа да плаќаат 300 до 400 ДМ за вакви проекти ќе треба во пет примероци да ги даваат за ПП заштита, за хигиенска заштита, а таквите планови, пак ќе повторам, во тој нов објект постојат. Еден апсурд кој е нонсенс и треба а се надмине.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас во својата дискусија ќе дадам едно генерално објаснување зошто Владата и по втор пат дава мислење кое го поддржува Законот, но без член 2. Тоа го направивме во првата фаза, тоа го правиме и сега. Жалам што ќе повторам дел од мојата дискусија која ја кажав при првата фаза на

донесувањето на Законот, но ке морам заради тоа што овде предлагачот на Законот искажува некои не невистини, но неточности во однос на процедурата во која сега се издава документацијата.

Инаку, кога се гради една држава постојат три елементи за да се изгради таа држава. Изградба на политички систем во државата; изградба на економски систем и се разбира за да сето тоа може да функционира потребен е просторен систем.

Просторниот систем се гради со специфични закони или со закони кои го почитуваат просторот и ако на некој начин се споредат сите овие системи ќе се види дека може би најтешко менлив е третиот просторниот систем.

Трагите кои остануваат во него се можеби најдлабоки и за некои случаеви и неповторливи. За разлика од него во претходните два системи во економскиот и политичкиот можат многу брзо некои елементи да се надминат и во многу краток временски период или во дистанца која се мери со неколку години.

Во просторниот систем, како што е излагањето ваше претставуваше измената и дополнувањето на било какви новини во просторот посебно во градењето на објекти од бесправната градба потребно е многу години тоа да се санира или на некој начин да се стави во еден законски ред и да биде тој простор естетски обликовно организиран.

Инаку, кога се гради еден објект постојат две употребни дозволи или две дозволи кои мора да се прибават.

Првата дозвола е за техничката исправност на објектот дали објектот е граден по техничките нормативи и стандарди. Оваа дозвола точно е во надлежност на Министерството, но морам да кажам дека многу други закони периферно вршат влијание да ја регулираат својата област преку самиот дел на техничка исправност на објектите како што се барањето за законот за заштита од пожар, кој предвидува изработка на специјални елаборати кои ќе докажат моќта на издржливост, на објектот за одредени функции или намени кои се дадени во истиот објект.

XXII/7.-

Вториот тип на дозвола, а таа е таа функционална употребливост на објектот на физичките структури кои се градат и таа се регулира со вакви закони каков што е сега Законот за трговија, а мислам дека наредната,точка на иста тема ќе расправа тоа е Законот за угостителско туристичка дејност.

Доколку не се почитуваат овие две дозволи или овие два става во градбата на објектот и употребата на објектот и техничката исправност и функционалната употребливост тогаш можно е да дојдат одредени хаварии на објектот дали во еден или друг случај тоа добро се виде од дискутантите на оваа говорница, дури и од предлагачот. Ќе објаснам зошто е така.

Би сакал да обрнам внимание на уште една аномалија која овој закон ќе роди со членот 2, доколку се усвои како таков.

Прво, уставна определба е сите граѓани во Република Македонија се еднакви. Во овој случај доколку тоа се направи веднаш доаѓаме во колизија со Уставот, тоа го цени уставниот суд, но јас ќе се обидам да објаснам зошто е така, затоа што некои кои ја обавуваат легалната процедура и кои ги почитуваат сите одредби од сите други закони фактички ќе се најдат веднаш обесправени во однос на оние кои преку ноќ без почитување на тие законски одредби, без плаќање на одредени давачки кои се наменети од државата на некој начин ќе бидат бенифицирани макар и за две години, но тоа така ќе се случи,.

Второ, со законската регулатива која овој парламент ја усвои во еден дел, а и онаа која постои де јуре објектите, за кои вие сега ги предлагате да бидат ставени во функција или да се легализираат за одреден временски период не постојат. Треба да се даде функционална употребливост со овој закон на тие објекти или на објекти кои не постојат. Доколку се даде таква дозвола тоа значи дека тие дефакто постојат и де јуре постојат и таа дозвола ги залажува граѓаните.

XXIX/8.-

Тука нема да зборувам за она што ќе се роди од овој закон што многу кои ќе инвестираат во овие објекти пренаменувајќи ги од безправно градени и финансирајќи и инвестирајќи во истите објекти ќе ја зголемат нивната вредност и доколку се случи она друго да бидат експроприрани или во таа фаза бидат подвргнати под некој од другите закони тогаш ќе биде огромна тешкотија спроведување на Законотза експропријација или е скоро невозможно.

Уште нешто, кога го спомнав законот за експропријација веднаш ќе се јави при донесување на овој закон и овој член кај оние кои се наоѓаат во процес на експропријација зголемени апетити или ставови своите објекти да ги ценат или ги преценуваат затоа што бесправната штала, така да ја наречам или помошен објект сега ќе биде убав деловен простор кој ќе чини многу. Значи ќе ја зголемиме таа употребна вредност на објектот или пазарна вредност на објектот, а со тоа ќе дојдеме до апсурдна ситуација при моментите кога ќе се одредува јавниот интерес и спроведувањето на членот 2 од Законот за експропријација е скоро невозможна ситуација. На некој начин издавањето на дозволата од стопански аскет или употребливоста во делот на вршење на дејност ќе ги изложи оние кои сакаат да ги пренаменат своите објекти, а патем да речам дека не се сто илјади кои се пренаменуваат, но, еден дел од нив, сто илјади се сите видови на објекти кои се бесправно градени вклучувајќи ги и домовите во кои живеат луѓе кои никогаш не помислиле да ги пренаменат тие објекти ќе биде многу тешко да се направи дистинкција кој кога добил дозвола и кога му истакла таа дозвола. Знаеме дека тоа може да се чита, но тоа ќе биде многу тешко да се спроведува во просторот и да се легализира и да не ги гони инспекцијата.

Уште нешто друго. По Законот за инвестициона изградба таму каде делува градежната инспекција може да се случи тие бесправно градени објекти кога ќе добијат таква дозвола да се најдат под удар на

таа инспекција и само што ќе биде изграден тој објект со такви согласности и такви дозволи градежната инспекција со своите закони Законот за инвестициона изградба ги стави на листа на рушење и ги извршува. Ужасна неправда и спрема тие кои почнале да градат и спрема тие кои ги вложиле своите средства да ги преадаптираат своите објекти.

Да не се случуваат аномалии како што се случи пред година ипол, во еден диско клуб, да не го именувам добро го знаете во кој можат да згаснат и човечки животи заради техничката неиспрагвнмост на објектите ставот на Владата е јасен и цврст. Членот 2 од овој закон не се поддржува. На против на ова членот 1 кој е логичен и кој има свои логични согледувања во тоа објектите кои веќе еднаш добиле дозвола за истата дејност која ја обавуваат можат да ја продолжат својата дејност без никакви санкции без никакви преадаптации на тој објект. За разлика од див сите оние кои ја пренамениле својата дејност ќе мораат уште еднаш да се јават пред вратите на Министерството точно со тие елаборати кои со другите закони се бараат, со законите кои пред малку ги наведов за да можат да се легализираат како не би доаѓале повторно до апсурдни ситуации.

Јас ќе објаснам само еден драстичен пример, а понатаму мислам дека ќе бидат јасни и останатите примери.

Во една зграда кога се прави противпожарна заштита или кога се прави елаборат за противпожарна заштита се рачуна против пожарното оптоварување на таа зграда со секој елемент со неговата огнопоторност и издржливост на времетраење од пожар.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ: (**продолжение)

Кога во таа зграда се собираат сите елементи, локалите кои што се сметаат па други и оние како пекари или како продавница на леб и бело пециво или како продавница на шајки и железни производи. Наеднаш таа продавница од шајки што има една противпожарна оптовареност и има една противпожарна заштита, сега одеднаш прераснува во продавница за бои и лакови. Тие имаат сосема друго својство и друга огноотпорност и својство на експлозија. Замислете таков случај да се случи во таква зграда^ чија ке биде одговорноста. На овој закон или на оние закони за инвестициона изградба или за техничката и функционална употребливост на објектите.

Ова се постави прашање што презема Министерството? Јасно се искажавме дека и оваа година како и минатата веќе сме во огромен процес на реурбанизација на државата и мислам дека и во вашите општини како на секаде во Републиката, ако ги следите дневните редови, најголем број од точките во тие општини се изменувањата и дополнувањата на основните или на генералните урбанистички планови, а посебно на деталните урбанистички планови, каде што во серија се легализираат големи насоки или сите оние бесправно градени објекти кои што имаат логика да опстјат во просторот и за кои ќе може да бидат издавани дозволи. За тие не ќе може, апсолутно не можеше да се издаваат дозволи. Значи во Министерството е голема иницијатива за урбанизација и реаурбанизација на државата и таа веќе се одвива во одредени општини и се донесуваат тие планови. Можеби Скопје е град кој што најмалку успеал да направи, но на жалост такви се приликите во општините и во градското Собрание во Скопје.

XXIII/2.-

И на крајот би се послужил само со една бројка како илустрација на она што се случуваше од донесувањето на овој Закон па до денеска. Ако се мери со бројки ќе се види дека во државата за овие годинаипол од 10-04 1994 година до 30-06.1996 година побарале да се легализираат и да се преадаптирата 10.470 објекти. Од нив г-да се легализирале и станале правно градени објекти со двата принципи на техничка исправност и функционална употребливост 8.660 објекти или повеќе од 85%. Не успеале тие се наоѓаат на патот каде не може да се легализираат само 540 објекти, а само 1.000 се наоѓаат во постапка. Ова се факти што се наоѓаат во Министерството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас ја делам загриженоста на г-динот пратеник - предлагач за измени на Законот за трговија, меѓутоа една друга работа што овде предлагачот предлага во членот 2. Преземање на дозвола за работа, фактички има две дозволи, едната е употребна дозвола, а втората дозвола е од Комисијата за минимум технички услови. Една е работата на Комисијата за минимум технички услови каде се добиваат три решенија а друго е што оваа Комисија дава употребна дозвола. Оваа работа постоеше до 19 89 година и беше за пренамена на стан бен во деловен простор, според мене оправдано. Во тоа време јас работев на таа проблематика и после кога се измени одлуката со законите на Ангел Марковиќ се забрза постапката, можеше на брзина да се извадат дозволи и самата Комисија за минимум услови за три дена издава решение и веднаш почнува да се работи. Така да можеше да се случи на трети кат да се отвори дискотека. Замислете каков е животот на тие станари во таа станбена зграда. Или

замислете во една висока населба да се даде дозвола за сервис за миење на коли. А онаа водоводна мрежа е предвидена само за вода за пиење и одржување хигиена на станарите. Оваа употребна дозвола е неопходно потребна. Всушност не треба да се чепка во Законот за трговија. Треба да се чепне во упатството нема Министерството за рубанизам што е издадено пред една ипол година и можеби таму треба да се упрости постапката за употребната дозвола. На пример за селските населени места, ќе го наведам примерот за селото Герман Криво паланечко, село од 120 семејства а секое семејство живее на 120 ритчиња, од куќа до куќа има саат или пола саат одење пешки. И таму ќе треба употребна дозвола како што е потребно во Скопје во Центарот. Можеби и тука ќе треба да се направи измена во Упатството и што предлага Шапуриќ преоден период од 2 години за постојните објекти да се соберат документите, градежна дозвола, сопственост, проект на објектот и сите тие документи за две години на постојните објекти. За новите што се отвораат бидејќи тие имаат комплетна документација и да не би биле во ситуација во една идеално - станбена населба каде има апсолутно релативен мир на граѓаните и сега да се стави една лимарска работилница која ќе ги вознемирува граѓаните. Ќе напоменам дека треба измена во Упатството околу издавањето на употребната дозвола од Министерството за урбанизам. И една друга работа, малку поголема флексибилност на луѓето што работат на ова работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зоран Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Јас сум должен да дадам едно појаснување. Овој закон тангира 100000 луѓе, ако некој не сака да гласа, не мора да слуша.

XXIII/4.-

Најпрво не е точно дека само 540 предмети не се решени. Од кој причини - воопшто не може без овие документи да поднесе барање и да влезе во процедура. Овие граѓани не се 540 туку гарантирам дека се 2СУ.ООО.' Само во Скопје ги има 10.000 што не можат да ја вршат дејноста заради овие документи. Овој Закон не врши никаква легализација. Не се работи за нови објекти, а политиката на дивоградби не е вина на сегашниот Парламент, на сегашниот министер. Таа политика се водела 50 години. Овие објекти не се изградени за една и 5 години. Знаете дека е 50 години и вие г-дине минситре често изјавувавте дека тоа го поддржуваме и дека ќе вложите максимални напори во еден краток период да се легализираат тие објекти и што помалку да се рушат. Тие што нема да се легализираат, нормално ќе се рушат. Што рековте дека состојбата во општините и градот Скопје е спедифина, да затоа што Градот е 600.000 има и 40.000 зашто е 30% од Републиката и градбите се градат долг период. Меѓутоа, има една специфика Законот што го усвоивме, а вие го предложивте, таму јасно стои дека генералниот план го носи Собранието на Град Скопје, а деталните и основните ги носат општините. Меѓутоа тој Закон за Скопје ќе профунцконира дури 1997 година, бидејќи се одпочнати и ќе си ги тера Градското Собрание, а новите не може затоа што парите сеуште се на едно место во Градот. Така да за Скопје состојбата не е песимистичка.

Трето, за сета оваа легализација, по ваш предлог ние одбравме посебно претпријатие кое ќе се занимава со урбанизација како јавно претпријатие и знаат сите граѓани дека затоа ЈП 50% е зголемен данокот на недвижности а со таа сметка плаќаат и 50% за функционирање и финансирање на ова јавно претпријатие. Така да н,е велам дека за Скопје за урбанизацијата на Скопје немаат вина сите во општините и дека во иднина нема да го има тоа. Меѓутоа примарна задача и

примарна одговорноста ќе биде г-дине министре на Министерството за урбанизам и на подрачните единици, бидејќи тие се стручни и понатаму тие ќе ги вршат, ако се усвои оваа територијална поделба за повеќе општини, нормално дека тие да бидат во состојба, можеби и поголемите општини а Собранието на Градот Скопје ќе биде во состој ба да ги врши тие работи, меѓутоа примарната задача ќе биде на ова јавно претпријатие и на Министерството. Со тоа не се задира во никаква легализација дека луѓето ќе бидат излажани. Луѓето знаат и го очекуваат овој закон. Ви кажувам дека има многу луѓе 20.000 што го очекуваат овој закон кој ќе им ги реши сите дилеми. А Правилникот за минимално хигиено технички услови воопшто не се чепка со овој Закон. И натаму сите овие работи ова што го кажа пратеникот за отворање на дискотека на трети спрат, тоа не е работа на Министерството за урбанизам, зашто бучавата и другите работи ќе ги оценат другите министерства за стопанство, за труд, за здравство и тоа нема да го дозволат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Накратко ќе изнесам некој мои забелешки во излагањето на министерот начелно треба да разграничиме некои работи зашто прво, покрај економскиот, политичкиот,просторниот, еколошкиот и другите системи не постои порамнување, но постои односно сите тие системи постојат меѓутоа економскиот систем е тој кој што треба да создаде амбиент економскиот систем да заживее што е стожер и основа на секоја држава.

Би дал прво забелешка во делот каде е кажано за овие дозволи и документи што треба да се извадат за новите па и за постоечките објекти. Ако објектот навистина се пренаменува во однос на својата дејност на бои и лакови или во угостителска дејност, тогаш треба токму за таквата намена да се обезбеди соодветна заштита но не генерално за сите објекти и за сите пријавени дејности каде генерално се бара заштита ПП заштита зашто тој објект веќе постои како нов со ПП заштита.

Второ, и таа бројка не знам од каде е добиена веројатно е веродостојна дека само некаде околу 566 барања ни се решени. Јас знам само во нас. Припор во општина Кисела Вода има некаде 5.000 барања што не се решени. Веројатно вашите податоци се точни, но сметам, дека и овој податок е точен и е објективно прикажат спрема она што ние го знаеме. Овој закон треба да се изгласа и побрзо тој период од две години да се скрати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман за бришење на член 2 по кој не се произнел предлагачот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од Владата.

Молам г-динот Шапуриќ како предлагач да се произнесе.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Овој амандман не се прифаќа затоа што со неприфаќањето на овој амандман би се изгубила суштината на Законот. Министерот ми остана

должен зашто Владата не го почитувала мислењето за стопанство во кое што доследно е поддржан во целост овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за Амандманот.

Дали има против? (10)

Дали има некој против ? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот за бришење на член 2 поднесен од Владата на РМ.

Има збор г-дин Шапуриќ , процедурално.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Со оглед на тоа што голем број од пратениците во првата фаза не гласаа како што гласаа сега, односно целосно со двата члена го поддржаа Законот, а сега го усвоија овој Амандман. Со овој Амандман се губи суштината на Законот и ќе ги разочараме грганите, не јас туку тие што гласале против а тие убаво знаат да ценат кој и како гласал. Меѓутоа сосема е нелогично да не се прифати мислењето на Матичната комисија за стопанство, овој Парламент да не го цени и да си гази по своето претходно гласање во прва фаза кога му даде на Предлогот целосна поддршка. Право е на секој а граѓаните ќе ценат што е и како е. Од овие причини, бидејќи со усвојувањето на овој амандман се губи секаква суштина и не можеме да им помогнеме на граѓаните, јас го повлекувам Законот.

XXIII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи немаме закон.

Минуваме на **точката 7** - Предлог за донесување на закон за избор на органите на единиците на локалната самоуправа на Град Скопје.

Предлогот за донесување на законот, Извештаите на надлежните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Има збор г-динот Николовски - процедурално.

**РИСТО КИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на должината на времето колку сме активни, имајќи предвид каков закон е пред нас и од какво значење се работи, интересот на граѓаните и фактот дека во овој термин преносот се врши на третиот канал на РТВ кој многу населени места не можат да го следат од името на пратеничката група на ЛП седницата да боде прекината и по можност да продолжиме утре во 10 часот ако се согласи претседателот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе, предлогот не го прифаќам, зашто сите знаете дека така беше утврдено во дневниот ред.

Отворам претрес,

Молам кој бара збор?

Има збор министерот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Предлогот за донесување на закон за локалните избори и за избор на телата на единиците на локалната самоуправа е важен закон и е увод во процесот на реформа на изборните закони.

XXIII/9.-

На почетокот на моето излагање би дал една општа информација. Овој предлог за донесување на законот во самиот свој наслов покажува дека е во прва фаза. Што значи дека периодот меѓу првата и втората фаза ќе биде по наша проценка доволен да се вградат сите коректни сугестии и предлози.

Второ, во рамките на општата информација овој Предлог закон во претходната фаза во добриот традиционален обичај на органите на државна та управа веќе даден на претходно разгледување на сите политички партии во РМ, што значи и на тие во Собранието и на тие што не се во собраниската структура.

Предлогот исто така е даден на стручно мислење на Националниот демократски институт за меѓународни работи со седиште во Вашингтон.

Во врска со предлогот до сега како облик на јавна дискусија добивме политички оценки, подобро би рекол политички квалификации и дисквалификации од политичките партии, особено од оние што не се во Собранието, но од одделни претставници од парламентарната опозиција, Либералната партија. Од политичките партии, меѓутоа, одделно добивме забелешки , сугестии и конкретни предлози кои што со целосен респект ќе се земат предвид во изготвувањето на Предлогот на закон за локални избори. Ја користам оваа прилика на политичките партии што дадоа писмен и усмен прилог во однос на конкретните решенија, со забелешки, укажувања и нови предлози, да им заблагодарам.

На овој предлог за донесување на закон се осврна и така наречена пред комисиска расправа односно од повеќе партии. И таму исто така, по својата структура беа изнесени политички квалификации и дисквалификации, а многу помалку конкретни сугестии и предлози, очигледно поради карактерот на собирот, поради техничките можности

на еден таков собир на многу политички субјекти, кои што многу повеќе го манифестираа својот политички однос, И на крајот добивме стручни мислења од Националниот демографски институт за меѓународни работи со седиште во Вашингтон, добивме опстојна стручна анализа и општи оценки од страна на овој Институт за Предлогот на закон кој што денеска е во прва фаза.

Овие оценки од Националниот институт ги добивме пред два дена, па затоа јас во рамките на моето излагање ќе го прочитам општиот заклучок, а само да информирам дека во тие мислења, оценки и сугестии добивме бројни конкретни предлози за нормативниот дел на Законот кој што мислам дека многу продуктивно ќе придонесе во доработката за законот за локалните избори.

XXIV/ ЈМ/ДК

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Во целина земено сите овие конкретни забелешки и се она што ќе се каже во таа насока денеска во Собранието ќе биде аналитички обработено и нема никакви причини да се смета дека ќе се форсираат определени тенденциозни механизми на изборите, бидејќи намерата на Владата е навистина да се создаде закон за демократски фер, поштени избори во кои политички субјекти, кандидатите за изборите ќе имаат или исти шанси, или Законот ќе создаде такви механизми и решенија, за да имаат до голема мерка многу слични шанси, со намера да имаат исти шанси.

Само кратко да се осврнам на политичките дисквалификации на овој закон и веднаш да укажан на почетокот да оценам дека нив можам да ги разберам само како политичка пропаганда на политичките партии и на другите субјекти во една општа логика на повика против Владата, односно, на изјаснуваше и диференцираше на својата политичка позиција по кое и да е прашање, а особено и по прашањето на изборите во однос на Владата. Мислам дека, имам чувство дека во тие политички оценки улога играат многу други аспекти кои што не се директно поврзани со Законот за локалните избори и со неговите решенија, туку улога игра целокупниот комплекс на односи, на оценки во однос на владината политика и целокупниот комплекс на интереси на борба во однос на владината постапка што е легитимно право на секоја политичка партија, бидејќи таа по дефиниција се бори за власт, што значи дека е тоа и би можело да се разбере кога станува збор за политичката страна реакциите. Меѓутоа, кога станува збор за користење на стручна аргументација или аргументи на кои им се користи стручноста за политичка дисквалификација напросто забелешките на политичките партии на таканаречената предкомисиска расправа се напросто неразбирливи. Ќе повторам неколку и веднаш ќе прочитам што сметаат стручњаците за општите линии содржани во законот за локалните

избори. На предкомисиската расправа и во политичките реакции на партиите беше укажувано дека овој закон е неписмен и во секој случај се надевам дека се мислеше на политичка неписменост не на формално техничка, бидејќи го прочитале.

Второ, дека бил на претшколско ниво.

Трето, дека врие од "бисери" што значи од глупости.

Четврто, дека тоа никаде го нема, дека само во овој закон можат да постојат некои решенија на пример, со едно огромно исчудување, како е можно да е мнозински систем, за избор на градоначалник, а да се предвидува во вториот круг да можат да одат повеќе од двајца бидејќи се смета дека само ако двајца што добиле најмногу одат во наредниот круг, дека само тоа е и единствено само тоа е на пример варијанта на мнозински систем. Понатаму, се укажуваше дека не е можно и сфатливо и дека никаде не постои можност со дополнителни избори во облик на пропорционален систем. И морам да кажам дека веројатно оценките се од различна апаратура или рамка на референци и се тргнува очигледно тој што го правел законот и тој што го критикува законот тргнува од различен број на единици на литературата и од компаративното право и нормално доаѓа до такви сознанија. Еве го општиот заклучок на националниот демократски институт за меѓународни работи кој што се осврнува на 18 страници во кои дава и многу корисни сугестии, но општиот заклучок е следен: се вели, македонската правна рамка обезбедува здрави основи за прави демократски избори во иднина. Понатаму, предложениот закон за локални избори треба да се гледа во таков контекст. Понатаму предложениот закон содржи значајни одредби што се вклопуваат во меѓународните стандарди за поштени и отворени избори. Коментарите што ги нуди НДИ се всушност нудеше на решенија за подобрување на предложниот закон и да се надминат проблемите таму каде што се присутни.

XXIV/3

И се поставува прашањето за диспропорцијата, фрапантната разлика во оценките на политичките партии во Република Македонија и на таканаречената предкомисиска расправа кога се однесува на стручната страна на Законот за локална самоуправа и оценката на овој Институт. Тешко може да се каже на која страна лежи стручноста, односно тешко може да не се согледа на која страна лежи стручноста, дали лежи на еден институт кој што досега има извршено анализа како што во нивниот извештај стои на над 60 земји на изборните закони и кои што во своето знаење го има општиот фонд на изборните традиции, изборните модели и компаративни институти, или пак во рамките на сите оние политички субјекти и институции што функционираат на ниво на политичка дисквалификација на овој закон, служејќи се со ставање така да се каже под прашање на потсмев итн., на одредени стручни решенија. Ова го прочитав, инаку немав намера да го прочитам само заради тоа што најжестоките критики на таканаречената нестручност, и политичка неписменост доаѓа обично од поединци во тие политички партии кои што се со друга наобразба. Можеби,мене не ми е познато дали во систематското формациско образование, во наставните планови и програми се учи повеќе отколку на пример во формациското образование на стручњаците од овој центар, или на соодветните факултети. Особено ова го потенцирам, бидејќи најдиректни во односните квалификации или дисквалификации, со оној колорит што го искажав беа лица со уметнички дипломи или дипломи од областа на уметноста. Веројатно во таа област се можни радикални така да се каже пресврти во напуштањето на нешто што е стандардизирано и во установување на нови модели, нови решенија, но би било доста добро да се понудат, а особено од таа категорија на лица. Се разбира дека законот не е совршен и завршен. И се разбира дека не може да се каже дека во овој закон нема што да се поправи. На втората страница не осврнувајки се на нашиот закон, осврнувајќи се на вкупното сопствено искуство овој институт констатира

коментарите на НДИ се понудеан во духот на меѓународната соработка и со признание дека ниеден изборен систем не е совршен, што значи дека и нашиот стандардно се вклопува во несовршените закони на системот во кои ниту еден сам по себе не е совршен.

И сега само да укажам за да оставам простор за натамошни критики и за да оставам на тие критики простор за најконкретни одговори. Да укажам дека основните забелешки од стручна гледна точка кои што беа поставени во однос на законот и кои што заслужуваат внимание се следните. Дали ќе се смета закон кој што фундира демократски избори доколку изборните тела се сочинети од Собранието од изборната државна комисија, или за такви ќе се сметаат само оние тела што ќе се сочинети од сите партии независно дали се тоа во Собранието, значи преку парламентарните групи, туку за сите партии што се во Парламентот и вон парламентот на некој специфичен начин на избор со некоја процедура која што би била пропишана за таков начин. Овој закон како што знаете постоеше тука колебање пред Владата дали избирачките комисии да ги избира Собранието или изборната државна комисија и се застана на изборната државна комисија и има аргументација.

Второ, главно прашање беше составот на избирачките комисии, дали е демократски институт ако составот е од самите политички партии што се натпреваруваат во изборите, или ако составот е од службени лица, или од официјални лица што ги избира надлежно државно тело со законот дадено. Дали тоа ќе биде Парламентот или државната изборна комисија, и се укажа дека никаде не постои закон а притоа тој да е демократски, ако телата не се комплетно партиски составени и ова беше првата систематска грешка во која се влезе, а после тоа се доби ентузијазам во правење на такви стручни грешки па се направија скоро до крај, можеби само на едно место имаше корисна забелешка во таа

смисла да се просмисли решението, па се направија до крај сите систематски грешки. Имено, на квалификацијата дека никаде не постои демократски институт, а притоа да не се избирачките комисии само од партиите составени, сосема не е точно бидејќи на пример во Англија, во Франција и САД, па имате Франција парламентарна со полупретседателски систем во одредени сегменти, па имате Англија, парламентарна монархија, меѓутоа кабинетски систем, и имате еден претседателски систем во нив што значи во сите модели на политички системи можат да се најдат особено во репрезентативните кои што влијаат на голем број на земји, да формираат кругови на односни модели. И стојат избирачки органи службено создадени кои што се непартиски, а во некои како што е во Франција, дури се забранува изрично членот на избирачката комисија да биде на кој и да е начин обработен, или под влијание на политичката партија со тоа што на политичките партии им се остава комплетниот мониториум, или надзорот со право на давање на тужба, прво на придружба, пред повисокиот орган, а второ на тужба пред судскиот орган, право на петиција. Има земји во кои избирачките органи се од партии составени. Швајцарија на пример, или нордиските земји. Што значи има и едно, има и друго. И да не одам со ред, не постои еден монолит кристал во однос на избирачките тела како модел, не постои исто така еден единствен најдобар закон, или систем на избори, бидејќи ако постои напросто ке гоземеме ке го препишеме, ке го акцептираме. Но, бидејќи не постои, тогаш се пристапува критички со една критичка рецепција, се ценат постојните модели, се ценат нашите односи и ние сметавме како Влада дека не е добро за Република Македонија избирачките комисии да бидат од партии бидејќи тие би требало да бројат од 15 до 30, бидејќи по законот за избори, активна кандидатска легитимација имаат сите регистрирани политички партии и групи на граѓани кои што можат да се јават со

колективни листи. Што значи дека ние во многу општини комисиите ќе ни бидат од 15 до 20 до 30. И бидејќи проценуваме дека таквата структура во една млада демократска држава може извонредно многу да ги манипулира по основ на составот изборите на пример, напуштајќи ја Комисијата, или избирачкиот одбор и доведувајќи го Институтот - кворум во прашање, а на сите избори што започнале главната цел им е да завршат, а тоа значи кандидатите да бидат избрани, телата да бидат конституирани, институциите да почнат да функционираат. Од тие причини сметаме дека за Република Македонија е порационално по принцип на политичка рационалност бидејќи како стручни, како модели, или стручната страна постои и едно, посто друго, ние треба да избереме. Сметавме дека е подобро тие тела да бидат од официјални личности, а политичките партии кои што ќе учествуваат во составот на тие тела, фактички да имаат позиција секоја активност, секоја процедура, секоја фаза, секој механизам, да им се одвива пред очите непосредно со своја рака да ги стават официјалните забелешки во официјални документи и да имаат шанса како еден од субјектите, бидејќи секој граѓанин, дури и секој кандидат, секоја политичка партија да можат да имаат право на петиција или на тужба за што се предвидува еден ефикасен брз систем на постапување на судовите итн., заради брзо решавање. Сметаме дека ако се оди на предлогот на таканаречената предкомисиска расправа и на политичките партии во јавните искази, дека ние ќе добиеме избирачки тела кои што никогаш нема да ги завршат изборите. Што е важно кога веќе се определуваме на ваков состав, или на ваков приод кон избирачките тела.

Прво, да ги избира тело кое што би било непристрасно, автономно, или ако воопшто тоа не е можно бидејќи станува збор за човечки материјал, за луѓе кои што можат да бидат наклонети, инволвирани или слично, тело кое што најмалку може да биде во овие околности пристрасно. Кога размислувавме дали тоа може да биде Парламент а

Парламентот го има легитимитетот секогаш, па дури со претпоставката да биде пристрасно со оглед на пример на превага на одредена структура тој има легитимитет и легално право да избира, бидејќи тој ќе се реши да го донесе законот и ако тој го делегира тоа право на друга Комисија, тогаш таа е надлежна. Но, по силата на одлуката на самиот Парламент и тогаш Парламентот одлучил кој да решава, или некое друго тело па во таа смисла Владата сметаше дека државната изборна комисија можеби е телото на кое видовме им се стави многу забелешки, но на кое најмалку можат да се ставаат забелешки и на кое со тек на времето со одминување на времето се помалку ќе може да се стави забелешки. Зошто? Затоа што, се тоа судии, затоа што ние вчера го извршивме изборот на судиите и тој доживотен, до крајот на работниот век по силата на Уставот, тоа е статус со елементи во Законот за судовите најцелосно на линија на автономност на позицијата на функцијата и независноста на судијата и дека ниеден суд во Република Македонија во ниедна структура нема толку многу законски и други гаранции за постојаност на својот мандат, или за незагрозеност особено од извршната власт. Имено, ќе се сфати со време, бидејќи самото судство ќе придонесе самото работејќи на својата автономија за две-три години извршната власт ништо да не и може на судската власт, или на судијата поединец доколку на Владата не и се доаѓа некое решение донесено од судската власт, бидејќи во изборите не учествува судската власт освен во контролата по основа на тужбите доколку ја донесат судиите, бидејќи нивниот личен статус ги штити најмногу од кого и да е друг по професија во Република Македонија.

XXV/1.-ЛП/МЛ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што значи, не тврдам дека тоа можеби е најдоброто решение, но тврдам дека намерите на Владата не беа да се манипулираат и изиграат политичките партии и да се создаде субјект што избира изборни комисии, кој ќе биде владин, бидејќи најмалку е владина Државната комисија. Таа со тек на времето апсолутно ако воопшто има некои ментални склопови, наклоности и слично кои можат евентуално индивидуално да се јават, ќе ги нема или ќе ги има најмалку споредено со која и да е друга структура.

Конечно, зошто се мистифицира на пример Парламентот во однос на Владата. Бидејќи ако Владата нема парламентарно мнозинство таа не може самата да функционира. Ако Владата предложи политички рационален предлог, тогаш мнозинството врз кое таа постои ќе гласа за нејзиниот предлог, што значи дека опозицијата било парламентарна или вонпарламентарна апсолутно е во криво, по линија на аргументацијата, ако смета дека на пример Парламентот може да биде помалку пристрасен во однос на одлуката или предлогот на Владата отколку на пример Државната изборна комисија, барем по линија на личниот статус, кој што е апсолутно различен кај едниот и кај другиот состав.

Сега да привршам, иако ако ја образложувам целокупната концепција би било многу, а тоа би било следното: Дека за секои избори и демократски се важни, кога веќе мислам дека го поставив и објаснив зошто е така поставен, кој субјект ги избира избирачките тела и кој е составот на избирачките тела дека надвор од тоа доаѓа, каде што ќе бидеме максимално отворени на секакви предлози, прашањето на технологијата, прво на апаратурата на изборите, изборната апаратура и второ, на технологијата на изборите, во смисла да се создаде, како што исто укажуваат врз база на општите искуства од страна на институтот

дека изборите се најуспешни кога процесот е целосно јавен, кога е дадена една од можностите на политичките претставници да имаат учество во изборните тела, кога на граѓанските групи им е дозволено да вршат мониторинг од сите аспекти на процесот, кога е предвиден - особено инсистираат на ова - поголем временски период за квалификација на кандидатите, кампањата, едукација на учесниците или службениците во избирачките тела и на гласачите и подготовката на изборната администрација, опфаќајќи ги на пример - како една од главните линии - роковите од почетниот рок, од распишување најмалку колку до избори, најмногу колку и оценката кој е тој, дали тој рок е доволен за да се одбива едно мноштво на активности, а во тоа мноштво на активности да има секој доволно простор да си го искаже, издиференцира своето место или своите предности во однос на другите, да може да се конкурираат.

Второ, роковите на пример на проверката на гласачите дали се на избирачките списоци и доволниот рок тие што се со местожителство, државјанство да можат да бидат во избирачките списоци. Роковите за предизборната кампања, еднаквите услови на предизборната кампања во стартот и тука се укажува дека има два модели. Или Владата да ги поднесува трошоците на секој кандидат, секој политички субјект што учествува на еднакво ниво или откако ќе учествува на еднакво ниво да овозможи шанса да влезат во предизборната кампања приватните можности, но во тој случај, во вториот случај, особено се инсистира да се направат јавни прилозите на одделни субјекти кои вложуваат во предизборната кампања на одделни политички партии или на одделни граѓански групи или на одделни индивидуални кандидати.

Во сите тие области имаме бројни сугестии и забелешки. Во таа смисла уште еднаш на крајот сакам да го затворам кругот со тоа, имаме

многу корисни, бројни, конкретни предлози и сугестии од политички партии, а особено од една политичка партија од вонпарламентарната опозиција, кои што ќе бидат целосно разгледувани и имам чувство дека голем дел ќе -бидат инкорпорирани. Во таа смисла на нив им благодарам и на вас што ме ислушавте во ова излагање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседател, колеги пратеници, господа министри, високо го ценам излагањето на министерот Поповски во однос на оценките што ги изнесе, па од тие причини само накратко ќе образложам и би рекол дека со овој закон во Република Македонија се промовира пропорционалниот изборен модел за избор на советници, кој верно го отсликува мислењето на изборното тело, подеднакво го вреднува гласот на секој избирач, има правилност во еднаквоста на натпреварувачите и солидарна концепција за заштита на помалите партии т.е. на малцинствата, а за избор на градоначалник се предлага мнозинскиот модел. Со еден збор, добивме можност на еден нов вид македонска верзија на изборен модел. Сметам дека е добро.

Меѓутоа, при изборот или оценката на овој или оној изборен модел, како и при нивно комбинирање, треба да се има предвид дека изборните техники секогаш треба да си ги менуваат во рамките на општествените услови на конкретната земја и во контекст на конкретното уставно уредување. Со тоа сакам да кажам дека ја поддржувам оваа концепција за донесување на законот за изборот во локалните единици, а од причини да не должам многу моите забелешки на членот 14, 16, 26, 35, 41, 43, 44 и 52 ќе ги приложам до Министерството.

XXV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој се јавува за збор?

Господинот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, излагајќи по содржината на Предлогот за донесување на закон за избор на органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје, сакам најпрво да се осврнам на неколку коментари искажани од ценетиот министер за правда. Јас лично и мојата пратеничка група цени дека не се работи за таканаречена предкомисиска расправа, меѓутоа по вакви суштински системски, од државен интерес, закони треба да бидат пракса на секоја Влада па и на актуелната Влада на Република Македонија. Колку се моите сознанија, тоа е пракса и на развиените парламентарни држави, со тоа што таа привилегија на пратеничките групи кои ја поддржуваат Владата по вакви прашања, во интерес на квалитетот и во интерес на предкомисиското застапување на интересите и гледањата, сигурно во функција на заедничките цели за донесување конкретно на поквалитетен закон и по интересите, што се вели, најрационално застапување на интересите на сите политички структури и на сите интереси од избирачкото тело во Република Македонија. Така што сметам дека тука нема никаква резерва во однос на стручноста на предлагачот на законот, посебно на Министерството за правда и на самиот министер. Не се работи за потценување на стручноста во изготвувањето и предлагањето на законот, се работи за политичкото оценување кое сигурно и на предлагачот му било присутно како рамка во која се определил во стручното изработување во законот за одредени решенија. Тоа треба да се согледа реално, тоа е и логично.

XXV/5.-

Најпрво сакав да кажам дека во овој закон за поздравување е новата пракса согласно Уставот за општи и непосредни избори за локалните органи на власта и во тоа воведување на пропорционалниот модел за избор на членови на Советот, кој ќе воведе поадекватна застапеност на повеќе политички субјекти и структури во советите на општините, во единиците на локалната самоуправа и воведување на мнозинскиот модел во изборот на градоначалник, што исто така е за позитивно поздравување.

Во натамошното коментирање на основните одредби од законот, оценка е дека делот на избирачкото право да се бира и да се биде избиран со одредбата како услов да се предвидува постојано место на живеење во општината во која се врши избор, ако се спореди со Уставот, може да се коментира и да се оценува како ограничувачки фактор во однос на лицата кои можат да бидат бирани во членовите на советите на единиците на локалната самоуправа и за градоначалници во единиците на локалната самоуправа.

Понатаму, неспоивоста на функциите член на совет на единицата на локалната самоуправа и градоначалник со една широка лепеза на постојни функции и во органите и институциите на власта мислам дека е прешироко и дека нема пред се уставна основа, па и законска ограничувањето за неспоивоста на функцијата пратеник со функцијата член на советот на единиците на локалната самоуправа и функцијата градоначалник во единиците на локалната самоуправа, како и толку широкиот опфат на неспоивоста, па и за вработените во органите на државната управа, и вработените во управните и административни органи на општината.

По однос на овде доста објаснуваните од страна на министерот изборни тела, изборни органи, јас сметам дека е добро решението именувањето изборните комисии да го врши Државната републичка

изборна комисија. Мислам дека во шареноликоста на различните партиски застапености на локалните власти, бидејќи досега изборните комисии ги вршеа општинските собранија, едно порационално решение тоа да го врши Изборната републичка комисија. Но кога веќе се доаѓа до таква варијанта, мислам дека во ова поглавје на законот многу е битно отсуството на една постапка на предлагање на членовите на изборните комисии, затоа што целокупната демократија се состои во тоа одредено прашање поцелосно да се регулира и во постапката се состои целата демократичност на предлагањето на кандидати, конкретно за изборните комисии. Ако се остави нерегулирано во која постапка ќе се предлагаат за избор од Републичката изборна комисија членовите на Изборната комисија, верувајте реално се поставува сомневањето дека тоа ќе се изврши со една тенденција и со едно форсирање на лица, иако тие лица се дипломирани правници и судии по функција, бидејќи да не го враќаме сега и чинот на изборот на тие судии, иако нивната независност и уставност е гарантирана, оставањето на постапката да отсуствува во тоа како се предлагаат членовите на Изборната комисија, мислам дека сериозно наведува на сомневање дека со изборот на лицата ќе се изврши селекција во правец на одредување на лица кои ете оставаат резерва за објективноста и законитоста на спроведувањето на изборите.

Почитуваниот министер не спомна исто така дека е многу битна надлежноста на изборните комисии, бидејќи прифатливо е решението постојаниот состав да биде од Републичката изборна комисија, ете, во набљудувањето на законитоста и грижата за спроведување на изборите да се вклучат политичките партии кои имаат предлагање на листи на свои кандидати. Но ако ги споредите со овие поставености надлежностите, ќе се види дека Изборната комисија во постојан состав ги има апсолутно целокупните надлежности. Она што значи застапеност

на политичките партии, кои имаат свои листи на кандидати за членови на советите и за градоначалници, нивните надлежности во проширениот состав на Изборната комисија едноставно ќе се сведуваат на законитост на работата на избирачките одбори, грижа за надзорот на работењето пак на избирачките одбори и на начелна надлежност за спроведувањето на изборите и други работи кои ќе ги вршат. Додека само надлежноста која, ќе потсетам, беше во надлежност на Изборната комисија во проширен состав за утврдување и објавување на резултатите од гласањето, сега е ставена, значи ретроградно се враќаме, во претходното решение од постојниот закон тоа беше во надлежност на Изборната комисија во проширен состав, сега е ставено да биде само од Комисијата во постојан состав, именувана од Републичката изборна комисија. Тоа исто така остава една резерва во утврдувањето на надлежностите на Изборната комисија. Тенденцијата и моето залагање е неодминливо утврдувањето и објавувањето на резултатите од гласањето да се врши со изборна комисија во проширен состав со застапеност на сите политички партии кои имаат свои листи на кандидати за членови на Советот и за градоначалник. Тогаш ќе биде во старт гарантирана демократичноста за која се залага и предлагачот.

Во делот на предлагањето на кандидати за членови на Советот и за градоначалници непосредно од избирачите, мислам дека за оценување и преиспитување е бројот на избирачите кои можат да предложат листи на кандидати за членови на Советот и за градоначалници во смисла на зголемување на бројот на листата кој што е овде предложен во ова поглавје.

Во делот на моделите, сакам посебно да истакнам во делот на пропорционалниот модел, кој што кажав сигурно ќе придонесе за една поадекватна застапеност на поширок круг на политички субјекти во

единиците на локалната самоуправа во советите на општината, сметам дека стартот за стекнување односно цензусот за стекнување на право за добивање на членство во советите на општините од три, во алтернатива 5% е*пренизок. Тоа остава многу простор за математичарите во пребројувањето на гласовите и како што стои во соодветниот член една неодреденост и недефинираност во делот на тоа, после утврдениот количник и распределбата на членовите на советите по политичките партии кои го добиле по количник одредениот број на гласови, распоредувањето дали на партиите кои не добиле, кои не го исполниле бројот на количникот за добивање на членството во советите или на партијата која има најголем број на гласови до квантумот од количникот, се на се, остава доста простор за математичарите кои можат да бидат во функција на политичари, односно за постигнување на политички ефект. Така што залагањето е таа работа, прво да се зголеми цензусот на повисоко ниво, да се преоцени тоа и јасно да се дефинира правото на стекнување на членство во советите на општините.

**ПАНЧЕ МИНОВ:** (продолжение)

Овде го надоврзувам и споменатото прашање со можноста за институтот дополнителни избори. Колку што се моите сознанија во пропорционален модел немаа пракса ни искуство на предвиденост на дополнителни избори за тоа што нормално дека во добиениот количник и согласно количникот добиениот број на членовите на општината во случај на потреба исполнетост на дополнителни избори, добиеното право од политичката партија од листата на кандидати, наредниот си го добива тоа прави и мислам дека ова е за преоценување во смисла да отпаден од содржината на законот.

Во делот на мнозинскиот модел предлагам, точно е тоа дека мнозинскиот модел треба да ја искаже изворната навистина мнозинска расположба и доверба на граѓаните во општините за градоначалникот. Како што е овде сега поставено може да се доведе, затоа треба да се преиспита и тоа е критика насочена кон предложеното решение, цензусот од 7% во старт дава можност да многу голем број кандидати да влезат во вториот круг на гласање, така што тој голем број на кандидати може да резултира со победа на кандидат со 15 или 20% од бирачкото тело. Тоа ја нарушува основната предност и основниот квалитет на мнозинскиот модел, а тоа е навистина мнозинството на граѓаните што ќе ја определат својата доверба и расположение, да го изразат во изборноста на тој кандидат.

Само да споредам по Законот за локална самоуправа за отпочнување на постапка за разрешување на градоначалник треба 51% а со вака уредување на овој модел, како што е сега мнозинскиот, за избор на градоначалник истиот може да биде избран со 15%. Така што, нема логика.

Во насока на зголемуваше на цензусот на вториот круг заложбата е навистина да се постигне основниот ефект на мнозинскиот модел за избор на градоначалник.

Пропратно со овој закон мислам дека држи и во делот на отсуството на законот за избирачки списоци да се добие во демократичноста и во овозможување рамноправност на секој граѓанин и избирач да го оствари своето избирачко право, одреден период на денови јавно да се истакнат постојните избирачки списоци за да може секој кој е со право на избирање да се пронајде во нив или ако го нема со соодветни интервенции,во обезбедување на документација да го стекне тоа како право. "

Мислам дека во идентификацијата на избирачот во одредбите на законот постојат три варијанти:

Прво е со лична карта, по новиот закон од 1.1^.1994 година или со пасош по новиот закон.

После веќе се јавува втора варијанта да може и со стара лична карта или со уверение за државјанство. Тоа веќе создава диспозиција на оценување на самиот избирачки одбор. Добро е да не се остава како можност туку децидно дека избирачко право се стекнува тие, тие и тие документи.

Или трета варијанта, а кого нема во избирачкиот список и ако докаже дека може да поднесе потврда од избори мислам дека тогаш треба да се дефинира точно за да не се остави било каков простор и било какво сомневање дека со некои дискрециони оценувања на избирачкиот одбор на некој ќе му се даде право или нема да му се даде право на избирачки статус.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Владимир Соколовски, процедурално.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Сметам дека навистина сме преморени од вакви сериозни теми и од дискусиите што треба да бидат и одговорни и сериозни во однос на овој закон што навистина е како системски закон, претставува битен закон во нашава држава.

Предлагам да предложиме утре во 10 часот а сега да направиме пауза.

Од друга страна гледам дека нема кворум во салата. Меѓутоа, реков поради преморот и поради битноста на темата да направиме една пауза да продолжиме со нови сили утре во 10 часот со тоа што да почнеме во 10 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имаме пријавено уште тројца за дискусија па да завршиме.

Има збор г-дин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре.

Изборниот закон е еден од најбитните закони во земјата што во суштина државјаните ќе бираат своите претставници во претставничките органи и преку така избраната власт дефакто го чини легитимитетот на таа опција што тие сами ја одбрале.

При тоа за секој изборен закон клучно прашање претставува дали тој изборен закон најверодостојно ќе го искаже расположението на граѓаните во избор на свои претставници во претставничкото тело. Покрај тоа едно од на битните прашања во врска со правење на изборни закони , дали тие изборни закони исполнуваат одредени критериуми, а тоа се: демократска контрола на целокупната изборна постапка, почнувајќи од кандидирањето, предизборната кампања изработка на

избирачки списоци , одлучување на одредување на изборните единици преку осигурување на еднаквоста на сите гласачи, во тајноста на нивното изјаснување, гаранцијата на нивната сигурност, независното политичко определување до пребројување на гласовите, утврдување на гласовите утврдување на мнозинството, разгледување на евентуалните жалби и приговори, те прогласување на резултатите што е можно во пократок временски период.

Поаѓајќи од демократското начело на владеењето на основата на мнозинството која на изборите се покажува битно овој закон треба да каже на кој начин се формира тоа мнозинство. Поаѓајќи од тоа дека при бирањето на самите кандидати овој закон треба да овозможи да се бира меѓу различни опции на слободни избори на плуралистичката сцена во РМ, не само во персоналната разлика на кандидатите, туку во програмската, во политичката во интересната и тн. Мислам дека овој законски проект тоа го нуди и го овозможува во дадениот момент.

Посебно за што треба денеска да прозбориме, за прв пат во РМ воведуваме пропорционален модел или модел на пропорционална репрезентација што во суштина за прв пат во РМ ќе биде на нашите избори.

Согласно на должината на седницата, јас би продолжил со самите конкретни забелешки на самиот законски проект.

Почнувајќи од членот 1 каде со овој закон се уредува покрај тоа советот на градот Скопје за избор на градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје мислам дека таква определба во законот не треба да стои затоа што е правна претпоставка дека ќе имаме таков закон и такви органи. Кога веќе Собранието расправа за одреден законски проект такво решение не може да биде предлог, бидејќи во хронолошкиот настан на донесувањето на законите таква правна

претпоставка не стои. Основна забелешка на членот 3 каде законот се обидува да направи редефинирање на уставното решение во врска со активното и пасивно бирачко право.

Мислам дека вака даденото решение го намалува регулаторниот капацитет на Уставот, каде во пасивното бирачко право, во последниот став стои дека градоначалник може да биде избрано лице државјанин на РМ со постојано живеалиште во општината. Сметаме дека тука, согласно Уставот на РМ во дефинирањето на негативното во пасивното бирачко право мислам дека го намалувате регуларниот капацитет на самиот устав.

Во членот 5 каде што во суштина дефинирате согласно на членот 63 од Уставот некомпатибилноста на вршење на функциите, сметаме дека до крај не е јасно дефинирано и дека тука треба да се направат дополнителни напори , затоа што во првиот став покрај наброените во позитивна нумерација функции што имаат инкопатибилитет во врска со изборот во единиците на локалната самоуправа ги воведувате и вработените во органите на државната управа и вработените во управните и административните органи на општината. И, дообјаснувајќи го тој исти член со денот на верификација на мандатот на член ан Советот и градоначалник на носителите на функција од став 1 на овој член, функцијата им престанува.

Да кажам дека сите вработени во Органите на државната управа немаат функции. Тука имаме службеници , курири, чистачи и уште не знам се вработени и дека ваквиот став објективно законот му го ограничува пасивното бирачко право на оние луѓе што во суштина, обидувајќи се самиот член да го дефинира некомпатибилитетот на вршење на функции, мислам дека тука прешироко се оди дефинирајќи го вака.

XXVI/6

Неспојливоста на функцијата, согласно на членот 63 од Уставот е јасно кажано дека тука со закон ќе го дефинираме сфаќањето од реалните можности на Републиката кои се тие институции или кои се тие функции што дефакто не можат да бидат избрани во тие органи.

Во членот 7 став 2 каде кажувате дека редовните избори за членови на советите и за градоначалник ги распишува претседателот на Собранието на РМ тука објективно може да се постави прашањето на уставноста заради темелните вредности на уставот каде кажувате дека имаме поделба на власта на законодавна, извршна и судска, подоцна разработувајќи го системот на локалната самоуправа каде Уставот му гарантира на граѓанинот вршење на локална самоуправа. Дали на Собранието ма~РМ како законодавен дом или како законодавна власт од името на локалната самоуправа ќе му ја врши локалната самоуправа, преку тоа распишувајќи му избори итн?

Тука сметам дека сепак стои преиспитување на уставна пречка дали тоа решение во суштина може претседателот на Собранието да распише општи избори во единиците на локалната самоуправа, јас повеќе би го претпочитал решението кога во завршните одредби на законот заради континуитет или заради поминување на номиналната фаза на Уставот во реалната фаза да може да се премости тој период во конституирањето на локалната самоуправа тоа решение да биде само еднаш и никогаш да му се остави на единицата на локална самоуправа таа до крај да ја врши локалната самоуправа загарантирана со Уставот

Членот 8 каде што го имаме решението како во суштина се бираат органите што треба да ги спроведуваат изборите во локалната самоуправа, сметам дека Изборната државна комисија ќе ги бира изборните комисии за спроведување на изборите во единицата на локалната самоуправа е решение кое го ограничува вршењето избор во едини-

ците на локална самоуправа или гарантирањето на вршење на локална самоуправа на граѓаните тие сами, преку своите институции предвидени со Уставот и го регенерираат тој систем што во суштина самите ќе го вршат.

Исто, забелешка е дека каде имате неуедначена номотехника во дефинирањето на изборните органи, каде што кажувате дека имаме изборна комисија во постојан состав и подоцна изборна комисија во проширен состав. Поаѓајќи од самиот факт на логичниот силогизам на употребениот израз , ако постои изборна комисија во постојан состав, тогаш и проширениот состав е дел од постојаниот состав. Употребената номотехника на проширен состав во суштина не одговара на истата номотехника. Сметам дека бегајќи од решението што го имаше во стариот закон да се направи нешто ново, во суштина сметам дека тоа е слаб правнички номотехнички израз да се постигне одреден цел.

Зборев за номотехниката дека не е воедначена, некаде го употребувате изразот проширен состав, некаде го употребувате изразот во законот претставници од политичките партии кои учествуваат на изборите, во пишувањето на законот кога еднаш ќе се дефинира, почнувајќи од првиот член каде е дефинирано во законот, треба да ја следи таа номотехника до завршувањето на сите одредби.

Во избирачките одбори исто така се обидува да се вметне проширениот состав како што во законот го дефинира, сметам дека тука, плашејќи се, предлагачот на законот дека треба во законот да се обезбеди демократска контрола на изборот и да имаме фер избори во Републикава, се обидува и во избирачките одбори да имаме претставници на оние што учествуваат во изборите заради регуларност во суштина контрола на регуларноста на изборите.

XXVI/8

Поаѓајќи од самиот факт дека избирачкиот одбор е типичен државен орган кој во суштина само го спроведува законот за изборите и врши техничка можност на бирачите да можат да го дадат својот глас, тука сметам дека од една страна не смее кој не е член на државата да учествува во работата на избирачкиот одбор од една страна. Од друга страна во законот не е до крај дефинирано како избирачкиот одбор ќе ги донесува одлуките во врска со вршењето на својата функција на забелешки.

Од една страна ако работата на избирачкиот одбор е да има уредни избирачки списоци, .уредни гласачки ливчиња, исполнети услови по законот за гласање на кандидати,тогаш не знам како ќе ја разделите во законот еднаквоста на членовите на избирачките одбори? Дали тие ќе седнат на масата па ќе даваат ливчина на граѓаните кои ќе доаѓаат да гласаат или само ќе ја имаат посматрачката функција на избирачкиот одбор тие да гледаат постојаниот состав од избирачкиот одбор да ја врши својата функција. Мислам дека тука до крај не е дефинирана работата и дека заради јасноста на процедурата и регуларност на изборите тука до крај во позитивна нумерација треба да се утврдат сите надлежности на , веќе, кога сакате да имате променлив состав, како ќе постапува тој, како ќе одлучува и како ќе функционира во врска со спроведувањето на самиот чин на изборите.

Реков дека во законот немате иста и воедначена номотехника во врска со проширениот, променливиот, претставничкиот дел на политичките партии и тн.

Во членот 15 предлагате решение што во суштина уште не сме го донеле законот за градот Скопје и неможе самиот закон да преферира такво решение затоа што ќе биде чиста хипотеза и претпоставка во еден закон...

Се извинувам што ве прекинувам г-дине Гошев, водиме расправа во начело. Претрес по текстот на законот ќе водиме подоцна.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Расправа по текстот е заедно. Ова е предлог за донесување на закон. Не се разликува.

Членот 17 ја има истата забелешка дека во пасивното бирачко право неможе да се ограничи политичката партија да предложи кандидат кој не е член на таа единица на локална самоуправа да биде претседател и да биде член. Тоа решение треба посебно да се преиспита.

Посебна забелешка од Националниот институт на САД на првиот закон а и сега на пропорционалниот модел беше посебно дека никаде во нашиот закон ние не го уредуваме прашањето на потрошените средства на политички партии во вршењето на изборите. Тука законот мора да го регулира тоа од следните причини, дека секоја политичка партија ако располага со огромен број средства ќе се постави прашање на регуларноста на изборите. Дали изборите во нашата земја ќе бидат чесни поради неограничување на трошење на пари на политичките партии во врска со вршењето на изборите. Тоа е едно од битните забелешки што ги имавме добиено.

Во членот 28 каде утврдувате пет дена пред денот определен за избор да се објават избирачките места, да се утврдат, тој временски период мислам дека е нереален и тука ќе има огромни слабости во врска со спроведување на изборите од причини што сега ќе имаме нови избирачки места нови утврдени територии и дали граѓаните ќе бидат известени со самото известие во врска со вршењето на спроведувањето на изборите.

XXVI/10

Посебно сакам да нагласам , бидејќи ќе имам прилика да кажам и неколку мои забелешки во врска со предлогот на законот, да кажам во бирањето на пропорционалниот модел.

Во светот се познати повеќе модели на пропорционален модел. Во овој закон се предложил пропорционалниот модел на затворени листи, кога политичките партии сами си го утврдуваат редоследот на кандидатите како што се предвидени и предлагајќи ја Донтовата метода на бирањето на кандидатите, оттука основано се поставува прашањето на непосредноста на изборот на граѓаните на свои претставници.

XXVII/1.-HH/OM

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (Продолжение)

Кога политичките партии сами си го утврдуваат редоследот на кандидатите, како што се предвидени и предлагајќи ја донтовата метода на бирањето на кандидатите, оттука основано се поставува прашањето на непосредноста на изборот на граѓаните на своите претставници. Во суштина тоа е и основната критика на самиот пропорционален модел. Основната позитивна критика е дека реално ќе ги претстави по бројот на гласовите кандидатите на политички партии, што е негативна страна на мнозинскиот принцип каде што една политичка партија може да ги добие изборите со помал број на гласови , има повеќе гласови добиено, а ги има изгубено изборите.

Треба да се размислува во РМ, бидејќи ние сме мала земја со мали изборни единици, да се размислува да се прифати моделот на отворени листи и основната метода која е посебно преферирана во Европа, системот на преносливоста на гласот и преферирање на кандидатот. Покрај тоа што граѓанинот ќе гласа за политичката опција на политичка партија, туку и на таа кандидатура каде што се предложени кандидатите да се дава преферирање. Дали тоа ќе го утврдиме по број на гласови на секој кандидат, или со број 1, со број 2, со број 3 па кога еден кандидат ќе ги исполни условите дека е избран тогаш се пренесува ана бројот 2, со преферирање на бројот 3. Така на политичките партии ќе им оневозможиме, политичките функционери во политичките партии да бидат избрани од моќта на политичката партија, а не од расположението на граѓаните.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Пред да почнам со дискусијата по повод Предлогот

за донесување на закон за избор на органите на единиците на локалната самоуправа би сакал само напомена , или информација.

Да Ве информирам дека комисијата за политички систем на жалост немаше прилика да расправа по овој закон, иако е матична комисија со оглед на фактот дека на закажаната седница на Комисијата на 11 овој месец во 10,00 часот и покрај кворумот кој што го имаше Комисијата не дојде претставник од Министерството аз правда. Сметам дека тоа е сепак еден преседант кој не би требало да се повтори и би апелирал понатаму да нема вакви моменти, ситуации кога една комисија, која е матична комисија немаше претставник од Владата.

Пред се би рекол дека законот, Предлогот за донесување на закон кој се наоѓа во прва фаза е битен, системски закон кој има амбиции да го дефинира локалниот изборен систем во нашата држава и секако во пакет со другите закони е дефинирана една многу јасна и одговорна задача на секој граѓанин на нашата држава во согласност со членот 22 од Уставот односно со правото на избор на секој граѓанин кој наполнил 18 години.

Од друга страна постои една ситуација каде што постои еден правен вакум на органите за локална самоуправа. Имено знаеме дека овие органи кои се избрани пред 5 и повеќе години сеуште функционираат. Се разбира, никој барем јас колку што знам, досега барем законски го нема продолжено мандатот на органите што функционираат сега во единиците на локалната самоуправа. Значи еден ваков закон и тоа како е неопходен да се донесе што побрзо поквалитетно.

Прво, би рекол дека веројатно името на самиот закон е можеби погрешно формулиран, а можеби малку и поопширен. метам дека името

би требало веројатно да биде, по мое мислење закон за локални избори, или закон за избор на членови на Советот односно на градоначалник, а не на органите на единиците на локална самоуправа.

Јас би имал неколку начелни забелешки, бидејќи времето не дозволува и доста сме заморени да одиме во конкретни и директни забелешки на членовите.

Прво, сметам дека овој Предлог аз донесување на закон требаше да биде донесен во еден пакет на закони односно претходно требаше да биде донесен законот за изборни списоци  кои и тоа како е важен за јасно одвивање, оперативно, функционално на локалните избори, па и на државните избори. Сметам дека сите овие нелогичности кои ги имавме како и искуство на претходните избори немаше да ги имаме и нема да ги доживееме ако постои закон за изборни списоци.

Ваквите изборни списоци, би требало по мое мислење, да се презентираат 30 дена претходно на јавно место во секоја општина каде што секој граѓанин в"може да се идентификува односно да даде забелешки ако го нема во списокот, или ако е два пати запишан, или ако евентуално некој од неговите соседи починал.

Второ, сметам дека законот за град Скопје е и тоа како важен закон и требаше да биде донесен или паралелно со Предлогот за донесување на закон како прва фаза, или да биде донесен претходно како закон со оглед на фактот дека и самото Градско Собрание на Град Скопје расправаше на оваа тема и даде званично соопштение дека ваквиот закон за Град Скопје е неопходен и треба што поскоро да се донесе. Односно да се предложи од Владата да се донесе од Собранието.

XXVII/4.-

Трет закон кој исто така е битен е Законот за територијална поделба, кој се наоѓа веќе во помината прва фаза, во втора фаза. Сметам дека требаше претходно да биде донесен, па потоа да се предложи сегашниот закон односно да се даде предлог за донесување на овој закон.

Јас би кажал прво неколку начелни забелешки.

Сметам дека во овој текст недостасува, веројатно и треба да се стави некој член од аспект на објавување на собраните финансиски средства и потрошените средства кои се предвидени за локалните избори, затоа што тие средства не се за потценување, и тоа како се важни бидејќи се средства директно од Буџетот. Сметам дека би требало со некој член, или со повеќе членови јавно да се повикуваат тие средства, да се дефинираат и како такви јасно да се каже каде ќе се трошат средствата за локалните избори.

Исто така, не е доволно кажано околу пропагандата која секако ќе се води пред изборите. Што е се дозволено, како е дозволено, на кој начин ќе се води пропагандата. Ние знаеме во многу демократски земји дека таа пропаганда е јасно дефинирана. Дефинирани0 се дури и форматите на плакатите, дефинирано е и времетраењето на разни емисии, пропагандни телевизиски и радио емисии и т.н. , што сметам дека е многу битно и овде да се дадат правила на игра како треба да се води таа пропаганда, на кој начин и со кои средства.

Во однос на одвивањето на изборите кажано е ми се чини во членот 28 дека можат да постојат и треба да постојат набљудувачи од надвор, меѓутоа тука треба да се каже кои се тие права на набљудувачи, кои странски институции ќе бидат присутни, кое е правото на набљудување, со какви ингеренции, со каква одговорност.

XXVII/5.-

Потоа не се дадени прецизно роковите за пријава на кандидатите пред почетокот на изборите. Имено во член 14 став 3 кажано е дека треба да се припреми листа на кандидат за градоначалници и членови на советот, на образец кој го пропишува Републичката комисија, меѓутоа не е кажано кој е тој образец и како треба, имено во кој рок треба да се припреми тој образец.

Исто така сметам дека членовите на постојните изборни комисии, па и на привремените членови на тие комисии треба да ги одредува Собранието, а не Државната комисија, што мислам дека дел од дискутантите и пред мене го спомнаа и не би го образложувал пак истото, меѓутоа користејќи ги искуствата од другите земји веројатно ваквиот начин на одредување е поадекватен.

Исто така, би требало во овој закон да се назначи, точно да се прецизира рокот на локалните избори. Да не биде тоа право како во овој случајна Владата да даде пролонгиран рок дека изборите ќе се случат во есенва 1996 година. Сметам дека со овој закон треба јасно и прецизно да се каже после колку верме се одржуваат локалните избори. Ако е тоа циклус од 2 години, како што е треба да се прецизира точно кој месец, која година ќе бидат наредните локални избори. Со ова практично се дава однапред еден рок кој ќе ги мотивира сите партии да се припремаат за изборите, рок кој ќе даде време за припрема адекватна на сите партии, рок кој ќе дефинира и техничка и материјална припрема за настап на сите партии кои сметаат да се јават на изборите.

Исто така е битно да се надополни овој закон со, што е тоа што треба да се публикува јавно пред изборите. Дали е потребно да се повикуваат разно разни анкети, на испитување на јавното мислење и ако е тоа дозволено колку, во кој временски рок претходно, пред почетокот на изборната кампања тоа е дозволено. Да не се случи непосредно пред

изборите разно разни анкети преку медиумите се презентираат со разно разни податоци за кои мислам дека во многу би ги нарушиле односите и меѓу партиите и во самата функција на изборите.

Исто така* сметам дека во" овој закон воопшто не се дадени некои одредби во однос на месните заедници и изборот на нивните тела. Сметам дека и тука законот треба да направи напор да вклучи одредени членови кои ќе го дефинираат начинот на изборот на членовите на органите на месните заедници.

Во однос на членот(5 став 3 само би напоменал дека овде се ограничува правото накандидирање на униформирани лица односно лица кои се во служба на армијата, полицијата. Тоа секако е во коализија со член 22 од Уставот и користејќи ги искуствата од другите земји гледаме дека постои шанса, веројатно има да се јават и таквите лица како кандидати на листите при локалните избори, со тоа што веројатно и службата би им била во некаква пасива додека тие се во функција на изборот.

Исто така во однос на потврдите односно документот со кој се легитимира секој граѓанин како избирач сметам дека треба да се отфрли тој став каде што се дава право со потврда да се гласа. Сметам дека ова е лошо. Би рекол дека предуслов за докажување како гласачко право и сметам дека личната легитимација и пасошот треба да бидат единствени документи за докажување на избирачкото право, или пак да постои избирачка легитимација на основа на веќе проверени избирачки списоци кои ќе бидат донесени со законот за изборни списоци.

Исто така изборот на кандидат за градоначалник сметам дека во вториот круг цензусот од 7% е премал. Ќе има веројатно прилика во вториот круг да се пласираат повеќе луѓе односно повеќе кандидати со

што ќе настане секако и одредена конфузија и во самото гласање. Сметам дека би требало кандидатите кои имаат најголем број на гласови да одат понатаму во изборната трка.

Исто така постои еден член каде што нема право да се откаже кандидатот за изборите. Сметам дека тоа право е на секое лице, и уставно и законско право да се откаже од некаква кандидатура и од здравствени причини и од други причини, така да сметам дека тоа би требало да се земе во предвид да има право секој да се откаже ако смета дека не е и здравствено способен, интелектуално и т.н.

Јас повеќе не би должел бидејќи гледам дека веќе и замор настапува, си земам правото да се јавам веројатно утре ако продолжува седницата.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, со оглед дека не прифативте неколку деловнички интервенции сметаме дека на мала врата вака значаен закон се форсира да се помине.

Пред да почнам со дискусија Ве молам, бидејќи и во Уставот на РМ стои дека Собранието работи со кворум, молам да се провери кворумот, состојбата со присутните пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете Вие дискутирајте.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Во Уставот стои кворум, а тоа е 61, а ние имаме 47 пратеници.

XXVII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сакате да зборувате или не сакате.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Процедурално, мое право е да проверам колку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сакате да зборувате зборувајте, има кој води грижа за тоа. Секој момент некој влегува,излегува од салата.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Не е секој момент, туку Собранието одлучува со кворум, и работи пишува во Уставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ако сакате да говорите, ако не напуштете ја говорницата.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Јас пред да зборувам само кажав процедурално и имам право процедурално да Ви кажам, а Вие погрешно кажувате. Дали Собранието работи или одлучува тоа пишува во Уставот.

Законот за избор на органите на единиците на локална самоуправа и на Град Скопје, ако и многу други значајни закони по повеќегодишно доцнење влегува во собраниска процедура. Но по долго чекање сега влегува. набрзина во две фази и покрај тоа што некој се обидува често пати да не увери дека значајни закони треба да одат во две фази а не три фази, како што е ред на вакви значајни закони.

XXVII/9.-

Дека навистина се работи за ...

Јас Ве молам да ми обезбедите услови, галама е голема, не можам да зборувам навистина. Не ми давате процедурално да интервенирам, не ми давате да зборувам, што треба да правиме ние сега овде. Да гласаме дали да зборувам или не.

Дека е навистина набрзина работен покрај суштински има и доста граматички грешки во текстот на законот, како и на самото образложение. Но, не се работи само за ова. Се работи за низа други пропусти кои ги содржи овој закон.

Најпрвин не прифатливо е како може да влезе во собраниска процедура овој закон кога сеуште не се расчистени кај самиот предлагач многу дилеми. На пример дали ќе биде доволно 3 или 5% од гласовите за добивање на местото во советите на општините. Ова им е оставено, како што честопати се покажува на математичарите.

Нејасно е зошто овие стручњаци од оваа област предлагачот порано не ги консултирал. Нејасно е бидејќи не е напишано во образложението на овој закон кои модели на пропорционалниот систем односно чии искуства, од кои земји, овој пропорционален модел го користат, ќе се користат.

Не е дадено во законот, ниту во образложението на законот врз база на кои формули ќе се пресметува учеството т.е. бројот на освоените места во советите на единиците на локална самоуправа. Единствено во изјавите на печатот претставниците на министерството е кажано на идеална, но во пракса никогаш остварлива варијанта , цитирам "во случај на 20% гласови од 10 места секоја партија би добила 2 места".

XXVII/10.-

Познато е дека при пропорционалните системи односно при изборот на бројот на членовите во парламентите односно во советите на локалната самоуправа се засноваат врз основни изведени методи или формули .Во законот не е јасно за што се работи, па се прашувам за кој закон и за кој модел всушност ќе се гласа, иако е прва фаза.

Друго прашање дали овој модел воопшто одговара кога се заговара непосредност ана локалната самоуправа односно нејзина достапност до граѓаните. Се јавува дилема дали ова ќе се обезбеди со мнозински, пропорционален систем, или некој друг комбиниран. Но сеедно е. Очигледно е дека се нудат многу чудни решенија на пропорционален систем, доколку се прифати дека е пропорционален систем на кој подоцна ќе се осврнам.

Придонесувањето на законот за локална самоуправа пратеничката група на Либералната партија укажуваше дека сосема малиот број на членови на советите на локална самоуправа ќе предизвика низа потешкотии и проблеми и затоа предлагаше низа амандмани за барем минимално зголемување на бројот на членовите на советот, кој е нелогичен особено за Град Скопје во кој се избираат повеќе пратеници отколку членови на советот на Град Скопје. Навистина чудно и несоодветен пример за ниедна земја барме колку што ги имаме тие искуства проверено, а и министерот верувам има доста проверено искуство, така да тој сооднос и покрај тоа што има едно друго толкување тоа е сито така дискутабилно дали може законот за Град Скопје да го измени бројот односно да го зголеми, дали во овој дел би се применувало решението од законот за град Скопје или од законот за локална самоуправа каде е даден лимит на 25 члена.

Овие амандмани навистина се покажаа како точни, како оправдани барања бидејќи со пропорционалниот систем се создаваат проблеми за обезбедување на едно место, а особено во советите на мал број на членови во случај да се прифати варијанта со 3%, па дури некаде можеби некаде и 5% што значи не е расчистено со самото предлагање со своите дилеми.

XXVIII/1/СП/лј

**ЗОРАН ШАПУРИЌ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Познато е по пропорционалниот систем нема дополнителни избори, туку во случај на откажување на некој од членовите го заменува следниот од листата партиска или независна, а не едно место да се дели по пропорција на повеќе кандидати што е всушност невозможно. Мислам дека ова без разлика велиме три фази или две фази уште еден пример е дека со некои флагрантно нерасчистени работи се влегува во процедура.

Во Законот чие образложение како и причините се дадени многу штуро и нејасно наместо да се даде исцрпно образложение што беше случај со некои други закони во основните начела се наведени децентрализација, деконцентрација што со овој закон секако не може да биде, бидејќи тие начела веројатно се механички преземени од некои други закони а основни начела во овој закон се сосема други, а не овие.

Не е јасно зошто во последен момент пред седницата на Владата и на самата Влада министерот за правда му се наметнати некои решенија кои не беа воопшто во работните верзии на овој закон ниту пак според она што тој го изјавуваше во средствата за јавно информирање.

Што се однесува до конкретните забелешки на овој закон би се задржал само на некои најсуштествени, бидејќи голем број од нив веќе беа кажани.

Доколку се прифати концептот на голем број општини околу 100 навистина е дискутабилно дали кандидатите за членови на советот и на градоначалникот треба да имаат постојано живеалиште во соодветната општина. Особено ако се има предвид дека има примери една општина да се дели на повеќе општини, како и на можни евентуално злоупотреби некој од кандидатите да може само формално своето живеалиште да го промени пред изборите и затоа треба да стои одредба кога се предвидува овие кандидати живеат колку минимум пред кандиди-рањето треба да живеат, бидејќи може само еден ден пред самото кан-

дидирање да се промени живеалиштето, се разбира да се појасни, бидејќи кај нас секогаш законите различно се толкуваат. Дека се работи всушност за промена на седиште од општина во општина, а особено во случај бидејќи сега имаме сознанија ]од Министерството за урбанизам дека општините сеуште немаат дефинирани граници некои може би само со една или две улици ќе се пресечат така што е дискутабилно и едно и друго меѓутоа, ако се прифати и тоа решение исклучиво мора да бидат кандидатите со седиште во таа општина сугерирам да се предвиди кој ден односно колку дена пред ова мора да има минимум живеалиште во таа општина и да се прецизира дека тоа значи тоа а не промена на адресата, меѓутоа, во секој случај мора една биде тоа.

(Знам дека има утакмица, баравме пауза,не ја прифативте)

**ТИТО ПЕТКОСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Ако секој ден од предлагачите слушаме дека треба да има што помалку политика во општините а повеќе во решавање на комунални проблеми навистина е чудна широка лепеза на неспоивоста на функциите на градоначалник, па замислете дури и на членовите на Советот, со некои други функции. Ние го исправивме денеска кога рековме дека член на совет може да биде во Законот за авите претпријатија член во управен одбор значи сегашен одборник на јавно комунално претпријатие кое во основа единицата на локалната самоуправа што делумно го ублаживме ова.

Заборавено е веројатно да се стави член на совет е неспоивост и неговата неспоивост ќе биде со членување во месните заедници, клучните совети, и некои здруженија. Навистина широка лепеза.

Доста е дискутабилно ако се прифати оваа теза дека решавање на локални комунални проблеми дури неспоивоста на вработените во

XXVIII/3.-

Министерството за внатрешни работи и армијата на Република Македонија особено ако не е прецизирано и државната управа. Особено ако не е прецизирано што се подразбира под вработените во органите на државната управа и на вработените во управни и административни органи. Ако е веќе така предложено под вработени во државна управа би требало да се сметаат и голем број вработени во здравство кои се под ингеренциите на министерот за здравство па вработените во јавните претпријатија, во воспитно - училишните установи други институции кои се под ингеренции на Министерството за образование, Министерството за труд, и во други институции така што навистина би можело да има многу широко толкување мора да се разграничи и се разбира што треба да се подразбира под тие управни органи, па може би и 200 илјади граѓани би биле лишени од правото да бидат кандидсати за членови на локалните совети, а од друга страна цело време тврдиме дека тоа е решавање на локални комунални проблеми.

Сметам дека добро треба е се размисли и да се разработи што се подразбира под вработен во државна управа односно во соодветен државен административен орган. Дали би се подразбирале сите лекари професори, наставници? Ако се земе едно ексклузивно толкување сите оние кои се под надлежности н а соодветни министерства тогаш би биле и вработените во јавните претпријатија. Затоа ви кажав дека е доста дискутабилно само еден дел ги издвоив МВР и АРМ од останатите вработени за нив реков дека и јас имам дилема и дека е дискутабилно не тврдам дека е така за останатите, ви укажувам дека треба да се разјасни и прецизира бидејќи можеме да дојдеме во ситуација да речеме во електростопаснтвото и во сите овие единици и сите државни или парадржавнми органи да не можат да бидат кандидирани. Тоа мора да се разјасни за да нема дилеми и да нема недоразбирања, бидејќи знаеме дека кај нас секој различно толкува онака како што му одговара и секогаш бараме толкување од некои други органи.

Исто така е несфатливо изборните комисии да ги именува Републичка државна, изборна комисија како што е наведена во законот, меѓутоа, треба да стои дека е таа државна, бидејќи се работи за државна изборна комисија.

Споредбата која е најавена со некои земји некаде е точно, меѓутоа, замислете во наши услови ако се земе дека Владата би ги именувала изборните комисии, како што е наведена Холандија, бидејќи тие искуства можат да се преземат но, нивно механичко пренесување би било катастрофално за наше подрачје, бидејќи ако ја земеме Холандија во Холандија ако се именува изборна комисија од Владата и тоа е точно, меѓутоа, во Холандија градоначалникот се именува од кралицата така што сите искуства не можат да се прифатат механички.

Изборните комисии, треба да ги именуваат собранијата на општините бидејќи тие ги знаат состојбите по општините. Од каде државната изборна комисија би ги знаела сите кандидати за изборни комисии по општините, особено бројката 100. Не е јасно кој би ги предлагал на кој начин и во и која постапка би биле предлагани овие членови на изборните комисии,како би имале за толкав број членови на изборна комисија сознанија државната изборна комисија. Јас длабоко верувам дека нема да биде тоа по локални и партиски организации да известуваат како што некои се сомневаат. Ова особено од аспект што средствата за спроведување на изборите локалните треба да ги обезбедува општината, а не Комисијата именувана од државата. Уште една нелогичност на кој начин ова се предлага.

Истото се пренесува понатаму и на избирачките одбори кои ги именува оваа изборна комисија именувана од државна изборна комисија. Што значи посредно државата ги избира дури и избирачките одбори. Од друга страна во предлогот на законот се предвидува избирачки одбор да се именува најдоцна три дена пред денот определен за одржување на изборите. Не е јасно како во рок од три дена ќе се пронајдат овие

XXVIII/5.-

членови, како ќе им се врачат поканите на овие членови на избирачките одбори, а замислете пратеници по нивното пронаоѓање и доставување на решение треба да се изврши елементарно обучување на овие членови на избирачки одбори, бидејќи е претпоставка дека еден дел од членовите на избирачките одбори за прв пат ќе се сретнат со оваа проблематика, нема веројатно да се повторуваат едни те исти стално. Замислете се во рок од три дена навистина прекраток период, се разбира освен во случај овие членови да бидат однапред познати и однапред некој да ги знае само формално да се спроведуваат овие дејства. Особено кај опозицијата и парламента на и вонпарламентарна и на расправите раѓа сомнежи и со право, бидејќи е овој рок навистина невозможен во рок од три дена и јас се надевам дека ова ќе биде сериозно земено во предвид и со ова ќе се отстранат дел од овие сомнежи посебно во овој дел.

Добро е може би она што е предвидено во член 8 членовите и секретарите да бидат дипломирани правници. Но, ако се усвои новиот концепт толкав број општини барем во приближен оној кој се предлага ќе биде невозможно во овие минијатурни општини да се најде доволен број на дипломирани правници. Што со тоа? Одговорот би бил јасен ако се прифати ова решение законот во овој дел за одредени општини ќе биде едноставно неприемлив и ќе имаме ситуација секој да го толкува законот и како што имаме други закони кои во пракса не можат да се применуваат и овој важен закон во одредени делови не би можел да се применува.

Нејасно е и тоа зошто се дискриминира комисијата во проширен состав, која не може ништо да одлучува има само мониторинг функција во однос на Комисијата во постојан состав.

Партиите се тие кои можат и знаат најдобро да се контролираат и тие би требало да бидат застапени во комисиите, а на евентуалните приговори и забелешки дека со евентуално напуштање на членовите на одредени партии делегирани во комисиите би се нарушил кворумот па со

тоа евентуално би се направила блокада на комисите може да се парира со одредба која е издржана дека во случај на напуштање на овие членови би се коригирал составот на комисиите и евентуално би се коригирал кворумот. Инаку, ова решение да бидат претседатели на комисиите дипломирани правници е сосема издржано, меѓутоа, јас знам, барем 20 општини од овие што се предлагаат каде што ке биде голем проблем и претседател да се најде и секретар, а камо ли членови на избирачки комисии.

Нејасни се ингеренциите на државните органи при локалните избори кои даваат техничка помош и обезбедуваат технички услови за работа за овие технички услови задолжена е општинската изборна комисија, па со ова се врши мешање на ингеренциите.

Цензусите за предлагање на т.н., независни листи односно независни кандидати се доста ниски и истите треба да бидат повисоки бидејќи може да се случи секоја зграда да има своја листа на кандидати нејасно е и тоа каде ќе се депонираат потписите во која форма и во која постапка бидејќи при кандидирање на независни кандидати знаете дека имавме одредени недоразбирања и одредени интервенции од државната изборна комисија и од друга. Претпоставка беше по аналогија дека е така, но дека може да се депонираат во подрачните единции на Министерството за правда односно за општа управа, но ако е така аналогијата не би смеело да се примени во овој случај би била доста опасна, да се применува аналогијата од законот за изборот на пратеници со законот за избор на членови на советот.

Разните обрасци околу изборите кои се предвидуваат во законот треба да бидат составен дел на овој закон и да нема разни толкувања барем да бидат разработени во овој закон.

Што претставува вообичаен начин од член 24 за огласување на листи на кандидати? И ова дава можност за широко толкување, бидејќи

навистина не е јасно поготово во наши услови што значи тоа вообичаен начин. И таа одредба од член 24 околу огласување на листите мора да се исправи.

Едно од основните прашања се избирачките списоци за кои мора да се донесе посебен закон за избирачки списоци за кои е кажано и за кои се дадени некои забелешки од други институции, меѓутоа, став е на пратеничката група на ЛП дека овој закон во Советот на Европа не требал да оди по усвојување на првата , пред пуштање во собраниската процедура тој требал да биде на експертиза особено имајќи предвид дек се скратува една фаза.

Не е јасна одредбата од член 30 што значи тоа кога гласа граѓанин кој без своја вина не е запишан во избирачките списоци и што е тоа без своја вина и чија би била таа вина ако не е запишан во избрачките списоци. Ова околу избирачките списоци мора да се расчисти бидејќи навистина сите сомнежи дека може да се гласа двапати со патна исправа со лична карта мора да се исправат, а најдобро е ако може да се воведат тие избирачки легитимации за да се направи.

Ова е уште еден аргумент за нужноста за донесување на Законот за избирачките списоци и пред изборите да се знае колку гласачи има Република Македонија и тоа јавно да се објави. Тоа да не бидат некои тајни документи, да бидат јавни, за да сите партии, сите поединци имаат право на увид на тие. Се разбира, да бидат ажурирани со еден список, бидејќи не би биле една сериозна држава ако не знаеме три месеци пред одржување на избори колку имаме избирачи и тоа јавно да ] објавиме како и сите тие избирачки листи, бидејќи некој најавува дека успеал да ги види, тоа мора да има карактер на јавна исправа и тоа е во сите демократски земји и ако се споредат искуствата ќе се види дека тие избирачки списоци никаде не се тајна.

XXVIII/8.-

Во Законот мора да се предвиди што значат временски непогоди, вонредни околности во смисла на член 33 став 2, а мора да се прецизираат и одредбите околу вишокот на гласачки ливчиња кои евентуално ќе се најдат во гласачките кутии. Дали е исправно ако е разликата илјада и неколку гласови за еден кандидат,за едно ливче вишок, да се поништуваат изборите, бидејќи имаше големи реакции од самите кандидати и мора да се најде еден вистински сооднос и вистинска мерка бидејќи има реакции дека некогаш, јас не знам дали е точно, тоа вон парламентарната опозиција го тврдеше дека нарочно се уфрлале ливчиња за а се поништат, меѓутоа, тоа мора да се исправи и да се прецизира на кој начин и како ќе биде.

Исто така, во законот не е јасно на кој начин ќе се врши и по кој метод на пропорционален систем, како што кажав. Претпоставка е дека се работи за изборен количник, меѓутоа, ова не е разработена метода, бидејќи знаеме дека има низа, ова го зборуваше пратеникот Туше Гошев, и тој поставува која метода е користена бидејќи не е точно наведена дали е тоа"Донтева" меѓутоа сите различно го толкуваат тоа за некого изборен количник за некого е некоја друга метода бидејќи треба да знаете дека постојат низа модели и низа формули и подформули на пропорционалниот систем и тие мора да бидат јасно кажан а замислете ако не им е јасно на пратениците како би им било јасно на членовите на изборните комисии да ги применуваат овие методи.

Јасно е дека цензусот, како што кажав, за три проценти е математички неприменлив особено во услови на минималниот број на членови на општини тоа е 13, во локалните состави. Јасно е дека не можат да се вршат овие избори, но се остава прашањето дали она што беше кажано 3,89 е применливо за сите. Вие ми давате знак дека ќе биде 5, меѓутоа, овде во алтернативата е така поставено вие кажавте во воведното излагање и ние мораме да се осврнеме на она што е дадено во Законот.

XXVIII/9.-

Неприфатливо е низок и цензусот од 7% за влегување во вториот круг но уште повеќе е несфатливо како во вториот круг нема можност некој кандидат да се откаже од одењето во вториот круг, па замислете дури во случај на болест или недај боже на смрт. Теоретски може да се избере човек кој не постои. Ова мора јасно да се регулира и да се прецизира.

Навистина е факт дека досегашната локалната власт еве 5,5 години постојат дилеми некои го толкуваат дека е санкционирано со Законот за локална самоуправа каде е кажано дека се продолжува, но исто така во галоб по едногодишно најавување на овие закони да влегуваат една серија од 10 закони набрзина, јас ве уверувам дека ретко кој ги прочитал тие закони од пратениците тоа е право на секого меѓутоа самото форсирање сакајќи на мала врата да се скрати расправата остава сомнежи за опозицијата бидејќи се силуваат некои работи.

Овој закон влегува со серија други закони кои се непознаница за нас, непознаница ни е законот за избирачките списоци, непознаница ние е Законот за спроведување на територијалната поделба го добивме пред два дена, па немавме време да го видиме да го споредиме што е што, а особено ова што го најави министерот дека законот за избор на кампања односно водење на изборни активности ќе влезе во процедура но најзагрижувачко е тоа што полека закон по закон преку закони од сферата на локалната самоуправа преку закони од сферата за финансирање полека се негира правото на локална самоуправа, се ограничуваат правата на општините што е во спротивност со Европската повелба за локална управа, па исто така не е јасно зошто ова и некои други повелби и меѓународни документи кои се потпишани не се најдени на ратификација по толку време пред парламентот. Дали е случајно или намерно за да не се почитуваат одредби јас мислам дека тоа уште пред серија на овие закони бидејќи е потпишана требаше да влезе во

процедура на парламентот за да ни биде јасно на сите што значи таа само мал дел од пратениците знаат што значи ограничувањето ва правото, бидејќи секој како сака си го толкува законот се разбира бројка и мајоризација многу лесно ќе се донесе 61 или 41 глас меѓутоа остануваат многу неразјаснети работи, остануваат доста акти кои се поништуваат од Уставниот суд дури и закони така што сите овие работи треба да бидат расчистени.

**ЗОРАН ШАПУРИК:** (продолжение )

Ми се сфатени одредени реакции на одделни лица од позицијата кога опозицијата ќе изнесе, дали е парламентарна или не, а некои критики на одредени законски проекти, како и кога општините тие изјавуваат честопати, по применувањето на Либералната партија во опозиција, објавуваат дека со тоа ќе имаме поодговорна Влада по одговорен и поквалитетен Парламент кога опозицијата ќе дава свои сугестии и ќе врши притисок на Парламентот. На овие критики секогаш се одговара дека се паушални и без алтернативни па дури кога ќе се дадат конкретни забелешки тие се отфрлаа, а се отфрла и секаков дијалог, па навистина ако опозицијата не може да критикува и да нуди алтернативи, што би правела опозицијата, и што би била нејуунат функција и дали таа треба да постои. Ако има веќе мајоризација може со оној посебен закон да се уништи односно забрани опозицијата, бидејќи со мајоризација се би можело да се направи.

Предлагачот исто така изјавува дека во наредниот период од 30 дена што ќе се согледаат забелешките од сите субјекти ќе се пропучат и дека законот за обој период е отворен за забелешки, критики и сугестии. Меѓутоа не е јасно кој се треба да ги организира дали и предлагачот не би требал таквите расправи да ги организира и дали ќе може во овој период од 30 дена за летните одмори да ги организира или пак тоа треба да го прави некој друг институт или институции, дали не би требало тоа можеби, самиот предлагач га ги организира овие расправи.

Една од функциите на политичките партии како и основна смисла на политиката е да износи добро на граѓаните, и да го слушаат нивниот слух. Така и овој закон треба да им служи за добро на граѓаните и да биде во нивни интерес. Јас сум длабоко уверен и ако голем дел не веруваат во тоа, мислам дека со овој закон може да се минимум

политички консензус од повеќе политички субјекти, за да се да се еден општо прифатлив закон, бидејќи не се работи за законот тековна развојна политика, па оној кој е на власт да одговара. Овој закон треба да биде трајно решение да служи како што кажав, некој пат може да се случи секоја власт да си ги менува своите закони и да не знаеме што значи извршен закон и што значи зборно законодавство.

И на крајот неколку збора за оние одредби кои воопшто не беа присутни во работните верзии се уфрлени. Ако се оди по споивоста или неспоивоста, логично:. е тоа ние веќе со претходниот закон за јавни претпријатија го прекршивте тоа правило. Насекаде во светот функцијата на пратеникот се одредува во законот за избор на пратеници а потоа аналогно на тоа се пренесува на другите закони, кои во однос на ова прашање се лекспицјалист одредба со спивоста и неспоивоста. Како пример, бидејќи според концептот на законот за територијална поделба се трна по примерот на Р. Словенија и Р .Хрватска би можеле да кажеме дека таму се сосема обратни решенијата, Така да од една страна се прифаќаат едни решенија, а од друга не, што навистина не е во ред.

Јас сепак верувам дека предлагачот ќе изнајде сили да ги надмине сите партиски интереси и дека ќе ги конфронтира, како што го направи тоа со кривичниот законик, одредени стручњаци кои ќе бидат растоварени од секаква политика и идеологија, бидејќи кој и да е министер предлагач на овој закон ќе биде партиски и идеолошки определен. Без оглед на тоа мислам дека и одредени министри не припаѓаат на една партија, не се сомневам во нивната објективност, меѓутоа тоа е нормално, секој кој е партиски обоен иако тој го изработува законот и дека однапред има веќе еден субјективизам.

Се надевам дека сето ова ќе се надмине и ќе се понудат нови решенија и дека еднаш ќе се има слух за барањата на опозицијата, она што беше наведено и во Протоколот дека тој набргу ќе биде потпишан, можеби автоматски и некои сугестии на опозицијата. Во спротивно ако не се покаже слух на барањата на Пратеничката група на ЛП таа сама или со други партии ќе се изготви свој концепт и ќе го понуди пред овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници. Прво да се изразам со една народна поговорка или просто речено, што е многу многу е. Можеби времето е незгодно што сега уште малку во 21 часот некој зборува 50 до 70 минути, супер правник,супер министер, јас не знам што е се ова. Сигурно дека никој овде не е лаик да не знае што значи ова, што се предлага и зошто се предлага, а се предлагаат и други нешта и зошто внатре не се согласуваат да го имаат ова или она, односно градоначалникот може да биде и од друго место, ќе го донесеме од некоја друга планета и ќе биде како онаа стара поговорка "Тито се бореше, кралот се женеше". Или пак ќе биде во Советот на општината и да се подобри ситуацијата. Зошто колку е ова наше мислење и колкава е нашата искреност кон граѓаните ние видовме на изборите во 1994 година со какви се манипулации се служеа политичките партии, групи, па и пратеници и одборници, сите ние знаеме. Целата работа е во парата, каде се парите од општините, каде се трошат и тн. Градот Скопје е центар. Овде колку да се правиме поштени во Скопје ќе видите во Информацијата за азилантите дека 200 илјади марки никаде ги нема.

XXIX/4.-

Тие се во Скопје, во Извршниот одбор во Скопје. Кој кого зел на одговорност. Никој не е земен на одговорност. Сега да се вратам на оваа материја, нашите скромни познавања од оваа област и она што било во 199& година ни даде за повод да не се правиме многу дека ги знаеме законите, дека ќе се снајдеме, ќе се потрудиме да се снајдеме, онака како што се снаоѓаат сите, не е за кажување, а сите знаете што е. Мислам дека она што го кажа господинот министер заслужува големо внимание и овој Предлог на закон треба да претрпи извесни промени и да се дотера. Да се дотера затоа за да биде што попрактичен, за да може да се спроведат изборите. По можност да бидеме самите меѓу себе искрени, за да може да бидеме такви за да општината и служи на граѓаните, а не граѓаните на општината. И сега има, познавам само една општина каде што граѓаните и служат на општината. Тука подразбирам користење на коли, возење а одредени подрачја се заборавени, отфрлени. Никој не ги гледа. Сакајќи да направиме нешто поарно, колку што ја знам овие избори според овој закон што ќе го усвоиме треба да бидат плодни затоа што овој закон и според законот за локалната самоуправа и со новата територијална поделба на РМ до година ќе треба да има други избори во Републиката. Значи оваа година тоа ќе биде проба. Нас не интересира нашата скромна мала партичка за тоа дали од општините ќе добиеме некои средства зошто ние немаме средства за никаква реклама, пропаганда. Немаме некои големи директори, големи луѓе да земеме 100 или 20 0 плати и тн. Би сакал да се вгради нешто во законот општините да предвидат во своите буџети за политичките партии, не според учеството на одборниците, туку подеднакво да бидат третирани партиите и да имаат некаков старт, заради тоа што парата прави се. Фала богу има и брашно и шеќер, зејтин, пиво и тоа се работи што се служат на Запад, на Исток, па и кај нас.

Значи прашањето на финансирањето на изборите треба да се реши зошто е од големо значење и е голем проблем на политичките партии, било да се тие во Парламентот или вон него.

И втора работа за тоа што треба малку да се пофалиме е овде што се предлага а н еможевме да го направиме во 1994 година во врска со пропорционалниот систем. Мислам дека тоа е убава работа изборот за градоначалник. Фала богу ќе имаме градоначалници не само еден на ниво на град Скопје, ќе имаме градоначалници и по општините. До година, на другите избори ќе имаме уште повеќе. Нека се пофалиме како земја која што има многу градоначалници. И не е лошо, јас во мојата општина бидејќи таму живеам да мислам за себеси и не можам сега некого да увезам од некаде, да го направам градоначалник, да го избереме и тој од Марс да мисли за мојата општина и каков ќе биде мојот живот.

Значи го прифаќаме тоа што се предлага. Тоа е работа што малку ме буни. Тоа е предлагањето на една листа партиска и од група граѓани. Во 1994 година имаше независни пратеници а и сега ќе ги има, да имаат исти права на пример група од 10 0 луѓе ќе се соберат и ќе предложат цела листа што е потребна за цела општина. Мислам дека тоа не е во ред. Не може една политичка партија која што е регистрирана и има најмалку 500 членови и од друга 100 граѓани да предложат ист број кандидати на листа за советници во една општина. Мислам дека треба да се размисли околу ова и таквата аномалија да се елиминира. Тука треба да се најде некое решение, некое чаре. Овде многу правници зборуваа и според мене се супер правници, добро зборуваа, добро ги познаваат законите. Нас воопшто не не збунува тоа што е овде дадено за избирачките одбори. Мислам дека треба не е лоша работа а политичките партии ќе имаат свои претставници. Не ќе може избирачкиот

одбор да прави некоја манипулација. Ако народот го дал својот глас за одредена партија и претставникот на партијата го потпише записникот тоа е во ред. Или при тоа може да укаже дека има соодветни девијантни појави. Тогаш зошто се плашиме од една вистина, нека каже народот. Сме имале прилика пред народот да кажеме и од 199 0 година наваму до 19 94 па и после кој сме, што сме и какви сме. Исто така се видело колку мислиме за Собранието, за државата или само мислиме стриктно партиски. Јас оценувам дека ние имаме големи надмудрувања. Во текот на денешниот ден чувме многу работи, некои не ми влегуваат во главата, но убаво ги читам и ги разбирам работите и сметам дека сето тоа е непотребно.

Исто така ме буни и прашањето за гласачкото ливче со она означување група избирачи. Не може со група избирачи и партијата да се поистоветуваат и да се стават на исто ниво. Тоа е претерано и треба да бидеме начисто со тоа. Тоа не е онаа права работа. Исто така прашање е дали ќе гласаат понатаму овие што се надвор од државата во конзуларните претставништва или таму каде што нив ги нема ќе се испраќаат луѓе, тоа можеби ќе биде, но со големо знак прашање. И овој цензус даден како алтернатива во ставот 2 и 3 да биде 3, односно 5%. Би рекле да биде 5% заради тоа што мислам дека е многу поисправно, на пример една општина од "Х" или 50 илјади избирачи 5% не е многу. Ако нема цензус од 5% џабе е да постои таа политичка партија. Ке треба да се избрише и од регистарот. Ова беа забелешките на Партијата за целосна еманципација на Ромите и не би било лошо да размисли министерот за правда и во Владата да се расправа и да се имаат предвид овие работи што ги кажав. Да не биде се џабе зборување. Вреди она што секој сака да се истакне и да каже, меѓутоа не е се во тоа, треба

да имаме верба во себеси, верба во оваа Влада, позиција, опозиција и ако тие постојат, законот си е закон и треба да се каже дека е тоа компатибилно за таа и таа земја, треба да веруваме на министерот за правда а многу е лошо кога велиме не му веруваме. Тоа е една од најлошите работи и лошо е во критиката на секој човек. Животот е таков и тоа не чини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувајќи го вашето време, замор и трпение ќе се обидам сосем накратко да дадам скромен придонес во расправата по законот затоа што сметам дека се работи за значаен законски проект кој можеби ја нема тежината на законот за избор на пратеници, меѓутоа од друг аспект битно ќе влијае за воспоставувањето на политичките односи во единиците на локалната самоуправа и воопшто на односот на политичките сили, и ќе влијае врз тоа на кого граѓаните во наредниот период ќе му го пренесат својот мандат за вршење на власта во нивно име.

Прво би сакал да кажам дека е добро што тоа Владата законскиот проект го пратила веќе на експертиза во Националниот демократски институт со седиште во Вашингтон. Мислам дека ќе било подобро ако ние како пратеници го имавме во предвид и извештајот што е доставен од таму и тоа сигурно ќе влијаеше во дискусиите да се откажеме од некои свои забелешки, а дел од нив можеби и да потенцираме затоа што е можно да се поклопат со нивните укажувања и можеби е добро сега да се испрати на соодветна експертиза  на Советот на Европа зашто

отколку повеќе институции ќе имаме стручни, компетентни размислувања, толку подобро за нас, затоа што навистина сметам дека се работи за законски проект што не е битен само за нас, за партиите што се сега застапени во Парламентот, туку е битен за сите партии регистрирани во Македонија, па и за сите граѓани на РМ, затоа што тие во групи може да предлагаат кандидати за градоначалници или за членови на градски советници, поради тоа што ги определува правилата на игра треба многу да бидеме пошироки, посебно Владата, ресорното министерство да имаат поголем слух за предлозите, сугестиите и забелешките на партиите што не се во можност во овој состав на Парламентот да го искажат своето мислење преку оваа говорница, без разлика дали се тие виновни за тоа или е некој друг виновен.

Инаку сметам дека премногу се доцни со влегувањето на овој закон во собраниска процедура. Нашиот народ има една интересна поговорка, која вели дека "прасе не се гои во очи на Божик", така да ние сега се доведовме во ситуација и покрај тоа што премиерот во два наврати кога се конституираше Владата и при реконструкцијата на Владата во приоритетите за работа на Владата ја потенцира потребата за што побрзо донесување на овој закон и изборната законска регулатива. Тоа се случува во последен момент а кога ќе се земе предвид и фактот дека сеуште не е влезен во фаза на Предлог на закон и законот за територијална поделба на РМ, излегува дека го фаќаме сосема последниот воз за да може да има локални избори на есен, доколку интенцијата е да има. Не знам кои се аргументите и олеснителните околности поради кои се доцни или причините лежат и во тоа што Министерството за правда е навистина преоптоварено и е едно од министерствата кое што понуди најголем број законски проекти во последно време. Меѓутоа би било лошо ако тоа така се сфати а може и

така да се третира како можност некој друг да биде обвинет, барајќи законот да оди во нормална постапка со три фази, доколку не се запазат сите рокови и ако не дојде до локални избори на есен, некој друг да биде виновен зошто нема да се одржат тие избори на време.

Се согласувам со дискутантите и сите оние критичари на законот кои мислат дека не е јасен концептот на предлагачот, се плашам од можноста дека комбинацијата и модификацијата на моделите што се применети за избор на градоначалник и на градски советници дека можат да служат како еден вид екс проба или експеримент на локалните избори за да се види како тоа функционира и после тоа да се види, како би било тоа применливо за претстојните парламентарни избори. Исто така се согласувам со тоа со тие кои кажуваат дека можеби е тоа невешто напишано во врска со причините за донесување на законот, мислам дека тоа во следната фаза би требало, сега е доцна, да се промени зашто причините би требало да бидат сосема други за спроведување на фер и демократски избори односно слободни избори, еднаквост на гласачите и сите други работи што произлегуваат а не деконцентрација и децентрализација на власта како што е напишано во причините за донесување на законот.

XXX/1.-JM/OM

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Исто така, лично сметам дека заедно со овој закон доколку е можно со цел да имаме што почесни- демократски , слободни и фер избори да се донесат и пропратните закони како што се законот за избирачките списоци, законот за водење на кампања кои ќе овозможат да има што помалку субјективизам и што помалку неправилности во водењето на кампањата и во спроведувањето воопшто на изборната постапка за да не се доведеме изборите најмногу да зависат од тие што ги организираат, а најмалку од граѓаните на Република Македонија кои треба да излезат на гласање, затоа што одредбите кои се предложени навистина мала е можноста граѓаните и политичките партии да ја контролираат работата на изборните органи. Во тој смисол се согласувам со критиките кои беа упатени на начинот на кој се врши изборот на изборните комисии и избирачките одбори, затоа што еве една апсурдна ситуација мене не ми е јасно кој кадровски орган, или тоа ќе биде кадровската служба што ја води г-динот Рибарски во Владата кој на Државната Републичка Изборна Комисија ќе и ги сугерира, односно ќе ги сервира имињата и презимињата на лицата кои треба да бидат предложени. Таква институција не постои. Јас не знам Републичкиот судски совет дали може да има таква надлежност, или кој во име на државата, на Државната Изборна Комисија ќе ги сугерира, ќе ги предлага можните кандидати , односно ќе гарантира дека тие не се инволвирани во политички партии и ќе ја гарантира нивната непристрасност. Тоа дека постојат такви и слични решенија во други држави не се сомневам дека е тоа така.

Исто така имам сериозни забелешки во врска со моделот за избор на градоначалник. Во принцип се согласувам со мнозинскиот модел,

меѓутоа мислам дека цензусот од 7% е премногу низок. Министерот кажа дека има такви случаи и во други држави, меѓутоа во други држави е сосем различна ситуацијата, да речеме има држави со класичен двопартиски систем, има држави со три партиски систем и т.н. Според мене суштината на лошо избраното решение лежи во тоа што се овозможува некој да стане градоначалник со многу низок процент на освоени гласови, затоа што постои веројатност во вториот круг на гласање да влезат некаде можеби и 5, или 6 кандидати за пратеници. Тоа значи дека градоначалникот што ќе биде избран ќе го нема легитимитетот како кога во вториот круг би влегле само двајца кандидати и кога едниот од нив ќе добие над 50% од вкупниот број на гласачи кои излегле на изборите. Тоа е едната сериозна забелешка. А другата е, самиот факт што ваквата можност во вториот круг на гласање да влезат повеќе кандидати не овозможува граѓанинот кога ќе излезе на избори да има две алтернативи, да се определи или за постоечката позиција, или за соодветна алтернатива, односно не се овозможува групирање на гласачкото тело во РМ. Мислам дека тука треба да се направат соодветни корекции дали да се прифати модел со двајца кандидати, или евентуално тројца кандидати, меѓутоа вака како што е мислам дека е неодржливо и ќе има соодветни штети.

Исто така теоритичарите кажуваат дека имаат свои добри и лоши страни како мнозинскиот систем така и пропорционалниот систем. Една од негативностите на пропорционалниот систем кој инаку јас го подржувам за изборот на членовите на градските совети е во тоа што може да ја девалвира основната функција на локалната самоуправа, а тоа е секој граѓанин бидејќи се работи за основни да речам клетки на живеење да може да се идентификува, односно да знае кој е тој граѓанин што него го претставува во Градскиот совет. Ние со овој пропорционален

систем можеме да се доведеме во ситуација да речеме во една општина Богомила да ја земеме, или било која како пример може да се случи бидејќи влегуваат за членови на градскиот совет првопласираните кандидати од листата која ја предлагаат политичките партии да се случи сите кандидати, сите членови на градскиот совет да бидат од едно исто населено место. Тоа значи дека 10 други населени места во општина Богомила постои можност да нема свој претставник во градскиот совет, или по маала, или да речеме по солитери да немаат свои претставници затоа што може да се случи така да бидат листите направени први на чело да бидат носители на листите луѓето кои живеат во исто населено место. Исто така, мислам дека предлагачот треба во втората фаза да ја избрише одредбата за непостоење на можноста кандидатите да се повлекуваат после првиот круг на гласање. Мислам дека е тоа лошо избрано решение. Исто така мислам дека треба да се види можноста да се обезбеди учество на набљудувачи на самите избори, меѓутоа тоа е тема за друга дискусија. Исто така мислам дека во законот кој би се предложил за начинот на водење на кампања треба многу внимание да се посвети за начинот на трошењето на собраните, односно на собирањето и на трошењето на финансиските средства за да се има увид и од прилика да се обезбеди соодветна рамноправност на сите политички субјекти без разлика на нивното богатство на средства, како и да се создадат подеднакви услови за настапи , маркетиншко појавување на политичките партии и граѓаните кои заеднички даваат листи на најважните државни медиуми. Во надеж дека надлежното министерство ќе прифати барем дел од овие сугестии. Благодарам.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, немам намера да зборувам бидејќи само сакам да се осврнам со

две реченици на воведното излагање на министерот. Најпрвин некои работи што ги кажа за мислењето на Демократски институт не се точни. Затоа предлагам без разлика дали ќе се усвои сега, или не, да се подели. Во најскоро време треба да биде тоа бидејќи некои пратеници го имавме, а исто така очекувам бидејќи јавно пред јавноста и пред овој Парламент мислам дека се нарушува дигнитетот на овој Парламент со тоа што беа изречени некои благо речено навреди спрема претставници на опозицијата. Беа спомнати некои уметници дека даваат коментар тоа индиректно сте и вие навредени. Испаѓа дека само правниците можат да се занимаваат со политика а не луѓе од друга структура. Тоа не приличи и јас очекувам министерот на претставниците од опозицијата бидејќи постојат и стенографски белешки, но воглавно сите го забележавте тоа, да им се извини бидејќи не се само тие правници кои можат да се занимаваат со политика. Секако и други структури може,па и уметници г-дине министре.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Г-динот Шапуриќ, почитуваниот пратеник има обичај да пренесува работи кои што не се така. Во случајот бидејќи пред јавноста изјави дека тоа што го прочитав од Националниот демократски институт за меѓународни работи не стои. Јас молам камерата да го снима материјалот и во исто време и речениците на 17-та станица каде што ги прочитав под римско III заклучок. Ќе го документираме оригиналот и преводот и каде што стои "македонската правна рамка обезбедува здрави основи за прави демократски избори во иднина". Предложениот закон за локални избори треба да се гледа во таков контекст. Предложениот закон содржи значајни одредби што се вклопуваат во меѓународните стандарди за поштени и отвори избори. Коментарите што ги нуди НДИ нуди решенија за подобрувања на предложениот закон и да

се надминат проблемите каде што се присутни. Може да се спореди првата и оваа изјава, да се види дали има разлики во нив, а ние ќе го документираме со текстот на НДИ за меѓународни работи што значи дадени се две изјави. г-динот Шапуриќ нема текст во овој момент да покаже, јас имам текст да го покажам и го цитирав. Според тоа, баба лаже, трап не лаже.

Второ, моите изјави за предкомисиската работа и за реакциите на политичките партии и моите оценки за карактерот и во таа смисла определбите на струките се однесуваше не на политичките реакции и не на политичките квалификации и дисквалификации бидејќи тие се во природата на политичките партии и секој припадник на политичка партија може што сака да каже и каква сака да каже оценка или каков и да употреби атрибут е легитимно. Меѓутоа, она што јас подложив под критика е служењето со ко бајаги стручна аргументација за да се докаже на пример невозможноста на текстот од становиште на неговата политичка посменост или за во јавноста да се создаде практично претстава, а всушност илузија дека тоа тука што е напишано никаде не постои, дека тоа е несфатливо и дека тоа нема никаква врска со какви и да се решенија во други системи. Имено ова е оценката на тој институт. Јас укажав на компаративни податоци и со г-динот Шапуриќ на телевизија, му укажав во кои држави постојат тела со официјална службена структура, а во кои не постојат што беше на пример критикувано дека не е возможно. Најголем потсмев имаше на тоа дека во мнозински систем можеле да одат само двајца кандидати. Сега веќе се поправаат на тројца, тоа е троина и после троина доаѓа множина. На пример дека постои множина постои вака. Исто од тој ист материјал кој што можеби Шапуриќ ќе најде дека не постои во тој материјал, тоа е пред заклучокот втор пасус, втора реченица. Постои алтернатива за

квалификување во вториот круг на сите кандидати што добиле определен минимум, но со приличен процент во првиот круг, а во вториот круг се решава на база на мноштво на гласови. Тоа е затворен цитат од материјалот. Што значи дека е можно во вториот круг иако е мнозински да се оди со процент на пр прашање е дали 7 проценти е реалниот, можеби 15. За мене лично тројца, првите тројца па да се гласа на пример. Тоа се варијанти, ние сме во прва фаза. На пример моето лично мислење е дека најдобро е тројца да одат во втората фаза за кандидат за градоначалник. Дали постои повлекување во пропорционални системи напросто како стручен гаф. Постои во оние пропорционални системи во кои се гласа на отворени листи. Моделот што на пример господинот Туше Гошев го соопшти пропорционален е моделот меѓутоа секој гласач гласа за онолкав број на лица колку што се избира во советот, но гласа низ сите листи. На тој начин се спојува на пример не само односот кон политичката партија но се претпочитува секогаш и персоналитетот, а на крајот пресметката се врши исто така врз пропорционален модел во еден од петте или седумте начини на пресметување со тоа што се бројат бројот на гласовите за лицата што се избрани и таа партија добива толкав процент колку што добива процент од вкупно гласаните. Значи постои. Но, сакам да укажам дека целокрупната расправа даде многу корисни предлози и во делот на тие конкретни предлози и од дискусијата на г-дин Шапуриќ ќе бидат голем дел земени во предвид и респектирани. За одредени предлози јас климав глава што значи во овој момент се согласувам. Моето согласување со одреден број на сугестии ќе биде моја енергија тие да ги проведам низ постапката преку Владата и да се надеваме дека голем дел од нив ќе дојде.

Место за извинување во смисла на уметници или нешто друго, нема за жал. Можеби сум некултурен но се изложувам пред јавноста да

не се извинам од проста причина што првите оценки за стручноста, или нестручноста одеа до таков степен на невкус што немаше никаква врска така да кажам со политичка пропаганда, дури и партиска пропаганда со тоа што во тие реакции имаше: а дали во Министерството за правда има лица кои што имаат коефициент 068 бидејќи 068 бил делив со 13. Што значи морам да укажам бидејќи кај односните лица или особено поединци особено од тие струки се укажуваше дека не постои ова, не постои она, не постои трето, четврто и т.н. како стручни решенија. Имено, сите тие постојат.

Морам да укажам исто така и да проширам да бидам уште полош дека во една друга расправа со истите личности беше кажано дека тој поим национален субјект во уставна смисла не постои никаде. И еве на пример во Грција не постои и т.н. Токму таму постоеше, постоеше и на многу други места. Имено, Извинете доколку сте се нашле навредени за нешто што нема основа во случајот нема извинување бидејќи моето категоризираше на тие квалификации беше предизвикано со една неумерена неоснована и без познаваше така да се каже кобајаги стручна критика врз законот. Инаку лично сметам за законот, за сите закони секој има право и можност и легитимитет да резонира бидејќи по митот за Прометеј и Епиметеј кога се делеле дарбите,политиката не спаѓа во дарби. Таа се поделила на секој човек за да може да размислува за она што се однесува на сите, односно да ги цени интересите и кон нив да се однесува со одреден рационалитет. И на тоа ниво немам никаква забелешка, никаква од ниеден што дојде. Но, на второто ниво кога се употребуваат стручни аргументи за да се каже некаква ступидност, или нелогичност на текстот, апсолутно извинете, имам право и мислам дека бев мошне културен а бев заради тоа што не доликува од оваа говорница да се искажат поинакви оценки.

XXX/8.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, најпрвин министерот на крајот кажа дека голем дел од забелешките меѓу кои и моите се умесни и ќе ги земе во предвид. Тоа самото кажува дека не е точно дека јас имам обичај што го кажа да ширам невистини, односно, да кажувам тоа што не е точно, или било како постојат стенографски белешки. Јас само сакам да кажам дека, реков дека она што е од НДИ не е во целост кажано, има и забелешки и дека некои работи не се така. Јас само сакав да кажам дека некои работи се извлечени од контекстот од тоа мислење и дека не се во целост пренесени. Значи што има и одредени забелешки итн, можеби и погрешно сум разбран. Во таа смисла беше забелешката. Инаку го имам пред мене г-дине министре мислењето. Мислам можеме да ги споредиме. Тоа немам намера да го покажувам на говорница и да кажеме што сме укажувале на телевизиски емисии, да ги прераскажуваме, бидејќи и јас укажував за територијална поделба на некои решенија и вие итн. А во сето ова сепак сметам дека она што го вика министерот кобајаги стручност, односно на македонски кажано божемска стручност тоа е сепак работа на самите тие и на самата јавност да ги оценува нивните политички изјави и стручни изјави. Би требале некои невозможни тестови да измислуваме за таа стручност, бидејќи е навистина широка категорија. Доколку би биле кај вас тие одредени политичари, уметници и т.н. на одредени ваши предмети би можеле да ја оценувате нивната стручност. Меѓутоа сепак сметам дека нивната стручност е нивна работа и нивни поглед, а јавноста и граѓаните ќе ги ценат сите политички погледи и сите стручни погледи, бидејќи и вие често пати сте ме поддржале во мое искажување дека апсолутна вистина не постои, дека секој има право на свои погледи, а и граѓаните ќе ценат што е вистина, што не .

XXX/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекината во 21,15 часот)